# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
од Дванаесетото продолжение на Седумдесет и втората седница на Собранието на Република Македонија,одржана на 12 август 2004 година

Седница се одржа во сала 1 во Собранието на Република Македонија, со почеток во 10,35 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше г-динот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Дами и господа пред да почнеме со седницата, дозволете ми во свое и ваше име на пратеникот Елеонора Петрова-Митевска да и го честитам роденденот.

Продолжуваме со работа по 72-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Љубе Бошковски, Љубчо Ѓорѓиевски, Петар Наумовски, Орданчо Тасев, Никола Груевски, Илија Китановски, Ванчо Стаменков, Гајур Сарач, Абдулади Вејсели, Али Ахмети, Мендух Тачи, Ружди Матоши, Фатмир Асани, Замир Дика, Зуди Џелили, Илјаз Халими и Џевдет Насуфи ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Минуваме на **точката 2 - Предлог на закон за градот Скопје.**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Согласно точка 1 од Амандманот 16 на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да имаме исто гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на зедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Деловнички има господинот Зоран Шапиуриќ.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Имајќи предвид дека при расправата на Законот за територијална организација, се расправаше во еден голем дел и за самиот закон за Скопје, а исто така имајќи ги предвид термините кои ни претстојат за закажување, а потоа и за одржување на локалните избори, предлагам согласно членот 83 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Собранието да одлучи по едно исто прашање да може да се говори само еднаш во траење од 10 минути, а се разбира координаторите на пратеничките групи и предлагачот на законот во траење од 15 минути. За ова почитувани колеги барам поддршка од 10 пратеници.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има поддршка од 10 пратеници.

Предлогот на господинот Шапуриќ го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 62 гласале за, нема воздржани, двајца против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Процедурално има господинот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Сметам дека ако биде согласно на член 83, значи тоа е 10 минути за расправата по текстот на законот. Меѓутоа барам да биде и по амандманската расправа со оглед на тоа што не е ограничено, да биде исто така 10 минути, за да би можеле да се изјаснат пратениците и да не биде ограничено за било кој пратеник да може да дискутира по амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Трајановски, тоа сакав сега да го кажам, дека се договоривме, затоа што тоа не е јасно во Деловникот, се договоривме по амандманите да се води еднаш дискусија и по текстот на законот се води еднаш дискусија од 10 минути.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандман на член 8 став 2, 5, 6, 8, 9 и 10 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 9 став 1, член 10 став 1 точка 9 алинеја 1, член 15 став 1 точка 1 алинеја 3 и на став 2 член 23 став 2, член 53 став 2, член 65 и на член 66 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Лилјана Поповска поднесе амандмани на член 7, член 8 за бришење на став 7, член 10 став 2 и на член 8 за менување на став 8 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Исмет Рамадани и Абдулади Вејсели поднесоа амандмани на член 7 и на член 8 за додавање  нов став 2 по став 1 и за додавање нов став 8 по став 7 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Исмет Рамадани поднесе амандмани на член 8 за менување на став 9, член 10 став 1 точка 4 алинеја 2, член 15 став 1 точка 4 за додавање нова алинеја 2 по алинеја 1, член 10 став 1 за бришење на точка 6 и на член 15 став 1 точка 6 алинеја 1 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Љупчо Балковски, Силвана Бонева, Никола Груевски, Михајло Георгиевски, Жарко Караџоски, Сашко Кедев, Марија Којзеклиска, Ефтим Манев, Ѓорѓи Оровчанец, Ѓорѓе Палошкоски, Ристо Пејоски, Ганка Самоиловска Цветанова, Илија Србиновски, Коце Трајановски, Ѓорѓи Трендафилов, Слободан Чашуле, Драго Шајноски и Ристана Лалчевска, поднесоа амандмани на член 7 и на член 8 за бришење на став 7 по кои Владата не се произнела.

Амандманот на член 7, поднесен од пратеникот Лилјана Поповска и амандманот на член 8 за бришење на став 7, поднесен од пратеникот Лилјана Поповска, амандманот на член 7, поднесен од пратениците Љупчо Балковски, Силвана Бонева, Никола Груевски, Михајло Георгиевски, Жарко Караџоски, Сашко Кедев, Марија Којзеклиска, Ефтим Манев, Ѓорѓи Оровчанец, Ѓорѓе Палошкоски, Ристо Пејоски, Ганка Самоиловска Цветанова, Илија Србиновски, Коце Трајановски, Ѓорѓи Трендафилов, Слободан Чашуле, Драго Шајноски и Ристана Лалчевска, се суштински поврзани.

Предлагам по овие амандмани да водиме единствен претрес, а гласањето да го извршиме за секој од нив поодделно.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 63 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 7, поднесен од пратеникот Лилјана Поповска, амандманот на член 8 за бришење на став 7, поднесен од пратеникот Лилјана Поповска, амандманот на член 7, поднесен од пратениците Љупчо Балковски, Силвана Бонева, Никола Груевски, Михајло Георгиевски, Жарко Караџоски, Сашко Кедев, Марија Којзеклиска, Ефтим Манев, Ѓорѓи Оровчанец, Ѓорѓе Палошкоски, Ристо Пејоски, Ганка Самоиловска Цветанова, Илија Србиновски, Коце Трајановски, Ѓорѓи Трендафилов, Слободан Чашуле, Драго Шајноски и Ристана Лалчевска и по амандманот на член 8 за бришење на став 7, поднесени од пратениците Љупчо Балковски, Силвана Бонева, Никола Груевски, Михајло Георгиевски, Жарко Караџоски, Сашко Кедев, Марија Којзеклиска, Ефтим Манев, Ѓорѓи Оровчанец, Ѓорѓе Палошкоски, Ристо Пејоски, Ганка Самоиловска Цветанова, Илија Србиновски, Коце Трајановски, Ѓорѓи Трендафилов, Слободан Чашуле, Драго Шајноски и Ристана Лалчевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за локална самоуправа, господинот Александар Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, организацијата на градот Скопје во 10 општини е утврдена согласно Законот за територијална организација на Република Македонија кој после една обемна можам да кажам и конструктивна расправа од овој Парламент беше усвоен и утврдено дека градот Скопје како посебна единица на локалната самоуправа ќе биде организиран во 10 општини. Со законот за град Скопје кој е предмет на оваа расправа се утврдуваат границите на 10-те општини во градот Скопје и нивните подрачја, согласно член 12 од Законот за територијална организација. Бидејќи амандманите кои се предложени од пратениците предлагаат да се укине општината Сарај врз основа на расправата, врз основа на решенијата од Законот за територијална организација, овие амандмани не се усвојуваат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманите не се прифатени.

Процедурално има господинот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Со оглед на тоа што вчера расправата по Законот за територијална организација доцна заврши и денес почнавме со работа во 10,30 часот и немавме многу време да се подготвиме за овој закон, а дополнително на тоа и Владата имаше некои амандмани. Поради тоа во име на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, значи заради подготовка и дополнителни консултации барам пауза од еден час.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Објавувам пауза од еден час.

(Пауза од 10,45 часот до 11,40 часот).

Продолжуваме со работа.

Дали некој бара збор?

Има збор господинот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

По амандманот на членот 7 и на членот 8 за бришење  на ставот 7. Како предлагачи на овој амандман, значи покрај госпоѓата Лилјана Поповска се и пратениците од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и на Либералната партија. Ние бараме со овој амандман во членот 7 каде што се набројани општините во градот Скопје да се избрише зборот  “Сарај”. Практично, со ова новоформираната општина Сарај која што ги опфаќа општината Кондово и општината Сарај како што кажавме и во Законот за територијална организација на Република Македонија  кој што вчера за жал, ќе истакнам  дека беше донесен. Ние сакаме уште еднаш да кажеме дека навистина не држат аргументите, дека општината Сарај треба да биде десета општина во рамките на градот Скопје. Затоа можеби е и фактот кој што го кажавме во таа расправа дека Советот  на општина Сарај при донесувањето на првата фаза на законот има донесено одлука за да општината биде независна, надвор од границите на градот Скопје. Дали повисоките цели, или не знам што

ги натера оваа општина да се припои кон градот Скопје, а таа повисока цел е и единствена причина поради која што се предлага овој амандман, т.е. двојазичноста на градот Скопје. Се смета дека на овој начин ќе се врати довербата меѓу етничките заедници. Јас би сакал да е тоа така, значи сите посакуваме, сите имаме желба, меѓутоа дали тоа ќе биде така, чисто се сомневам. Со припојувањето на општина Сарај кон градот Скопје практично и се руши принципот да една рурална општина се припојува кон една, да речам високо урбанизирана општина, тоа е градот Скопје. Притоа не се прашани ни граѓаните на градот Скопје. Значи, воопшто поради тоа што се изменуваат нивните граници, а се менуваат површински, значи да не речам скоро повеќето од половината на градот Скопје колку што е сега, можеби уште половина се додава. Бројот на жителите се зголемува за околу 30-тина илјади, сето тоа само со една единствена причина за градот Скопје да биде двојазичен. Селективноста исто така би ја истакнал, бидејќи има и други општини кои што се блиску до градот Скопје кои што биле градски општини во рамките на градот Скопје до 1996 година, од 1996 година се надвор, значи ниту една не е земена, земена е само општината Сарај. Иако имаше амандмани за други општини од други предлагачи, меѓутоа се застана на ова. Сметам дека и доколку се прашаат реално граѓаните од било која општина, па и од Сарај, значи вклучувајќи ги тие повисоки цели, сметам дека никој не би сакал да биде во рамките на градот Скопје како општина, туку да си биде независна општина, никој не сака својата самостојност и своите ингеренции да ги дели со друг. Сум разговарал со повеќе приградски општини кои што се надвор од градот Скопје и ниту една од овие општини ни случајно не размислува да се врати во рамките на градот Скопје како градска општина, бидејќи како што видовме и во законот како што гледаме тоа не беше на увид при територијалната организација. Значи финансирањето во делот на финансирањето на градот Скопје и на општините во градот Скопје многу јасно е кажано дека 50% од даноците одат на градот Скопје, 50% остануваат во општините. Исто така, и за комуналните даноци, комуналните такси и тие се со однос 50% : 50%, мислам дека беше 60%: 40% минатиот пат и сега исправено е тоа. Значи, ниту една општина не би сакала своите пари да ги дава во градот Скопје, а дали градот Скопје ќе ги врати во делот на нејзината општина, или не, тоа е многу проблематично. Барем

праксата досега покажала дека општините кои што се во рамките на градот Скопје, овие седум што се. Сега јас би зборувал за Гази Баба, претпоставувам сличен е случајот и со Чаир и со другите, дека имаат голем проблем за парите кои што ги даваат во градската каса да се реинвестираат и да се враќаат во општината. Така што сметам дека оваа општина Сарај би требало да остане заедно со Кондово како посебна општина, меѓутоа надвор од градот Скопје. Факт кој што оди во прилог на тоа и кој што ние многу често го кажувавме скоро секој наш дискутант е тоа што од 1996 година наваму скоро секоја општина има евидентен развој во нејзиното постоење скоро во сите области. Значи, пред се во уредувањето и овозможувањето на подобри услови на живеење, дали тоа сака некој да го прифати, или не, дали потценувачки тоа се гледа, демек ете, со еден квадрат асфалт, или не знам асфалтни улици и сл. Мислам дека за тие луѓе не би требало така да се зборува зошто јас сум живеел во една приградска општина во која што навистина до 1996 година, тоа е општина Илинден имаше многу лоши услови на живеење, додека сега после 8 години од постоењето на општината евидентни се подобрувањата во секоја област. Сметам дека е тоа слично и со општината Сарај. Поради сето тоа сметам дека овој амандман треба да се прифати, иако сега оди во спротивност со законот за територијална организација. Можеби нашиве дискусии се да речам веќе и задоцнети, меѓутоа таква е процедурата на донесувањето на закони во Парламентот, значи после територијалната организација доаѓа законот за градот Скопје. Инаку, аргументите дека изворот Рашче, Матка и Сарај, Спортскиот центар се под ингеренции на градот, сметам исто така дека не држат, дека тука може да се најде модус со општините како тоа да се искомпензира, бидејќи сепак тие се од значење за градот Скопје. Има и други објекти кои што исто така се значајни за градот Скопје, меѓутоа се надвор и се во приградските општини, така што и тука мислам дека не е доволен тој аргумент за да може оваа општина да биде посебна општина, да биде посебна општина во рамките на градот Скопје. Значи, ние се залагаме да биде надвор од градот Скопје. Значи останува фактот, останува констатацијата, останува единствениот аргумент кој што може да се каже, а тоа е дека општината Сарај се припојува како десета градска општина единствено само заради двојазичноста на Скопје. Сметам дека ова е еден механички начин, еден насилен

начин на кој што се прави двојазичноста на Скопје. Ние не би имале ништо против, тоа го кажаа скоро сите наши дискутанти, значи длабоко во себе чувствуваме дека доколку е тоа природен процес, тоа нема да има проблем.

Вака на овој начин, ние се противиме на ваквиот начин на донесување на двојазичноста на Скопје, бидејќи ако се продолжи во оваа насока, со вакви отстапки, со вакви насилни решенија, тие можат да бидат и многу далекусежни, да бидат и во многу други сфери, ќе ги нарушиме и природните процеси и тоа не е добро.

Затоа, сметам дека треба да остане како посебна општина надвор од Скопје, особено што во нашите диксусии, кога расправавме по Законот за територијалната организација сврзано со градот Скопје беше и нашето барање, имаше и амандман од колешката Лалчевска општината Драчево да биде посебна општина, која исто така има околу 30.000 жители. Општина компактна, урбана во добар дел на населбата Драчево, меѓутоа таа не добива ниту општина во рамките на градот Скопје. Со оглед на тоа што и времето не дозволува повеќе да се дискутира, може многу да се дискутира, јас пак ќе повторам и апелирам овој амандман да се прифати и општината Сарај да биде посебна општина заедно со Кондово, меѓутоа, надвор од границите на градот Скопје и со тоа да си ја задржи својата самостојност.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Дојчиновски, имате реплика од три минути.

КИРО ДОЈЧИНОВСКИ:

Господинот Коце Трајановски мислам дека не кажа ништо ново што со овој закон се предвидува, а што не било претходно. Само заради еден упатени преглед кој го потврдува ова, ќе го изнесам следното.

До изборите во 1945 година Скопска околија има 15 општини, меѓу кои и Хариево, односно Ѓорче Петров со селата Сарај и Кондово.

1947 година со Законот за административно територијалната поделба на Македонија формирана е Ѓорчепетровската околија со 16 месни народни одбори и тука во нив пак е Сарај и Кондово.

Во 1952 година со Законот за поделба на околии, градови, градски општини и општини (“Службен весник”13/52) Ѓорче Петров како градска општина има 18 општини, меѓу кои и Сарајската општина.

Во 1955 година, Законот за подрајата на општините (“Службен весник” 20/55) Скопје е сведено на 9 општини, меѓу кои и Ѓорче Петров со селата Сарај и Кондово.

Во 1963 до 1965 година додека постои Ѓорче Петров овие села исто така во него.

Со Законот за град Скопје во 1968 година Скопје е со три општини и тие сега споени во една општина на град Скопје, во кои и овие села исто така спаѓаат. До 1976 година, кога се формирани петте општини, на 17 март 1976 година, општината Карпош исто така ги содржи Сарај и Кондово.

Оттука натаму веќе знаете како тече процесот. Само од 1996 година наваму тие се издвоени од градското подрачје. За цело време во историјатан на градот Сарај и Кондово се во рамките на Скопје. Една разлика: како времето врвело тие се повеќе се вклопувале во градот Скопје со сите објекти за кои зборувавме во претходните расправи и Сарај, излетничкото место, како место на ОЗНА во прво време, како место на синдикатите и Езерото Треска. Според тоа, не е ништо ново, за да се бара сега изземање на овие општини.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете една минута господине Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Му благодарама на господинот Киро Дојчиновски што го искажа ова, меѓутоа дека тој зема само дел од мојата дискусија. Јас кажав во мојата дискусија дека покрај Сарај во границите на Скопје до 1996 година постоеле и другите општини кои се сега надвор од границите на Скопје, само не ги кажав, Сопиште, Кондово. Зелениково, Илинден, Арачиново, Чучер-Сандево. Значи кој е принципот, само Сарај, бидејќи имаат иста историја на припадност кон градот Скопје, да биде припоено кон градот Скопје и тоа го кажав. Единствена причина е двојазиноста на градот Скопје, тоа е многу децидно. Инаку сето тоа држи, меѓутоа, држи и за другите општини, така што воопшто не ја разбирам репликата, иако се заблагодарувам за информациите кои дополнително се изнесени.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Пертрова, 3 минути реплика.

ЕЛЕОНОРА ПЕТРОВА-МИТЕВСКА:

Слушнавме поголем број аргументи против Сарај да биде дел од Скопје односно да не биде десета општина. Меѓутоа, од моите разговори со граѓаните на Скопје, констатирав дека тие навистина немаат ништо против Сарај да биде составен дел на Скопје и притоа искажуваат многу емотивни аргуменити, кои ги водат назад во нивното детство, кога Сарај бил единствен рекреативен центар на граѓаните на Скопје. После 1996 година престана да биде составен дел на градот и престана да биде интересно за граѓаните на град Скопје како рекреативен центар, така што и езерото Треска и Сарај престанаа да бидат атрактивни од таа гледна точка.

Меѓутоа, јас би сакала тука да кажам уште нешто, да ја споменам Матка која е составен дел во целава група на села кои влегуваат во општината Сарај и која за нас македонците посебно е интересен фактор што се споменува дека е тоа Македонска Света Гора. Тука ги имаме манастирите “Свети Андреја” и “Света Богородица” кои на овој начин повторно влегуваат во интерес и во сферата на интерес на граѓаните на Скопје.

Значи моите аргуменити, вклучително и аргуменитите на граѓаните на Скопје се повеќе емотивни, иако аргументите на господинот Дојчиновски многу кажаа за сето ова.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Трајановски, една минута.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Во однос на оваа реплика незнам како да одговорам, дали да кажам доколку Сарај биде како посебна општина или до сега како посебна општина граѓаните од Скопје не смееле да отидат во тој дел. Напротив, тие и така се движат и таму. Независно дали Сарај ќе биде во Скопје или надвор од Скопје, движењето на граѓаните во Скопје и нивниот интерес не би требало да зависи од тоа дали Сарај е во рамките на Скопје или надвор од Скопје, иако колешката кажа откако општината Сарај стана посебна општина, во тој случај граѓаните на Скопје веќе не одат, парафразирам, ако така разбрав, во Сарај

на рекреација или во Матка. Мислам дека воопшто не држи таа констатација, според мене.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Караџоски, имате збор, но пред тоа процедурално збор побара госпоѓа Ристана Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Господине претседателе, би сакала да кажам дека расправата и по предлогот на Законот за територијална организација на градот Скопје има ист тек како и претходната расправа за територијалната организација на Република Македонија и таа се претевори во расправа на глувиот и слепиот, се нема никаков сенс за барањата на опозицијата и за барањата на граѓаните. Очигледно е дека парламентарното мнозинство и предлагачот утврдиле да го изгласаат така како што е..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам госпоѓо Лалчевска, во што е прекршена процедурата.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Либералната партија нема да учествува во натамошната расправа затоа што оваа расправа понатаму нема никаква смисла.

(Пратениците на Либералната партија ја напуштаат салата)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Господине Караџоски, имате збор, а потоа нека се подготви пратеникот Лилјана Поповска.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници, Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ќе оди до крај и ќе ги кажува аргументите, независно дали некој тоа ќе го прифати или не, ако ништо друго барем да го слушне јавноста и оние кои што не гласале.

Во тој контекст, почитуван претседателе некој можеби ќе се праша што еден прилепчанец ќе кажува за Скопје, меѓутоа и мене како прилепчанец а и на многу други и

на сите нас што живееме овде во Република Македонија Скопје ни е главен град и сигурно не ни е сеедно како ќе изгледа и каков ќе биде после овие два закони.

Овој закон доаѓа после вчера усвоениот и веднаш да кажам дека овој амандман кој што сега го претресуваме, значи да се брише општината Сарај односно да се издвои општината Сарај од градот Скопје, како предлог кој што го има Владата во текстот на овој закон, можеби е идентичен и аналогно на она што го имавме во претходниот закон, и таму имавме амандмани од нашата пратеничка група каде што предвидувавме општината Сарај да остане самостојна општина. Тогаш почитуван претседателе, почиувани колеги, ние ги кажавме аргументите и во нашите аргументи кои ги спомнувавме добивавме одговори дека нашите ставови се негаторски. Ако одиме по таа линија сега да ги кажеме ставовите позитивистички, да не одиме негаторски, што е тоа што би било позитивно ако остане вака како што е предложено. Значи единствено што е позитивно за некого е тоа што општината Сарај припојувајќи се кон градот Скопје, Скопје станува двојазично.

Во нашите дискусии кои ги имавме по амандманите и текстот на предлогот на Законот за територијална организација кажавме и сега тврдиме дека единствен критериум кој бил одлучен Сарај да се припои кон градот Скопје е токму тој етнички критериум. Ако се сеќавате почитувани колеги, тогаш цитирав од самиот предлог закон, односно го кажував составот на населението во општина Сарај, значи демографскиот состав, каде што во огромен процент албанското население има околу 30.000 граѓани и кажав дека токму тоа беше појдовната основа, појдовната точка од која Владата тргна. Значи требаше да се најдат 30.000 албански граѓани, да се припојат кон една општина кон градот Скопје за да стане Скопје двојазично. Тоа е аргументот кој е единствен, за предлагачот е позитивен, за да дојде до целта Скопје да стане двојазично. Инаку, во друг правец Скопје во никој случај не би можело да стане двојазично.

Тука некој објаснуваше дека тоа е обврска од Рамковниот договор, дека некому не му пречи дали ќе биде таблата двојазична или не. Секој си има право да мисли што сака, меѓутоа, она што мене ми пречи е тоа што начинот на кој што треба да се дојде до двојазично Скопје не се оди на некој природен начин, туку на начин ајде да припоиме

нешто за да дојдеме до нешто. Сепак ако ја видиме картата што е приложена кон текстот на Законот за град Скопје, многу лесно паѓа во очи дека општина Сарај е најголема и по територија. Дури ако ги соберете и Ѓорче Петров и Карпош и Шуто Оризари и Бутел и Чаир и Аеродром и Кисела Вода се помалку заедно отколку општина Сарај. Тука ли е логиката од оние критериуми кои Владата ги спомнуваше, и по територија и по население и се што значи критериум кога една општина треба да биде општина, општината Сарај исполнува и тука треба да бидеме отворени и да проговориме отворено.

Нам почитуван претседателе ни е многу јасно, а очигледно и на пратениците од парламентарното мнозинство, на кои гледам дека веќе не им се ни слуша што зборуваме дека вчерашниот закон е изгласан и јасно ни е дека после таквиот текст кој што помина вчера, можеби овие амандмани се безпредметни. Меѓутоа, не ја губиме надешта да ги кажеме аргументите затоа што сметаме дека на тој начин ќе дојдата токму до оние до кои треба да дојдат, а тие кои треба да не слушнат имаат начин како да го изразат своето мислење. Еден таков начин е референдумот, втор начин се изборите, кога ќе дојде време да се претставиме пред сите нив, па и во општина Сарај и во градот Скопје и ако се задоволни и самите избирачи, самите граѓани од она што Владата го предложи, тие јасно ќе го дадат сигналот дека опозицијата можеби не била во право кога се борела општините да останат самостојни, да одлучуваат сами за себе а не да ги припојуваат кон некакви центри. Ако е тоа така, многу е јасно каде ќе оди гласот, односно кому ќе ја дадат поддршката. Ако е обратно, значи задоволни се од ваквиот развој на настани, од ваквата територијална организација, тогаш сигурно ова парламентарно мнозинство, поточно коалаициајта што ја сочинуваат ќе издвојува уште една победа за Македонија. Тука е можеби нејголемата потврда и најголенмиот доказ за сето она што сите денови овде го дискутиравме, го разговаравме. Ако некој цени дека правевме само опструкција за да се губи на време, јас мислам дека тоа не е така, затоа што навистина постоеја аргументи кои според нас мислам дека се валидни, а според некои можеби не се. Меѓутоа, ниту ние овде во Парламентот кои што сме од различни провиниенции, од различни политички партии неможеме да цениме што е во ред или што не е.

Да не ми истече времето господине претседтеле?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не, само сакам да ве вратам на амандманот, а тоа што сакате сега да го кажете ќе го кажете во претресот по текстот на законот.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Добро, претседателе, мислам дека 10 минути се доволно, не е страшно и ако нешто малку отстапиме. Бидете трпеливи, денес ќе завршиме. Не е ништо страшно, ќе одите на одмор од утре, воопшто не е проблем.Само уште малку ќе завршам не е тоа ништо толку трагично.

Амандманот, почитуван претседателе, е во тој правец, нашата заложба е опшината Сарај да остане. Уште еднаш ќе потврдам дека со додавањето на 30.000 албнци плус кон градот Скопје не се прави ништо добро. Можеби времето ќе ме демантира, да се надеваме дека е така, меѓутоа, принципот на кој што ова врви денес може да значи принцип дека и во иднина може да се повторува, што имаме пракса и да го видиме. Заради тоа, да не должам, да не го губите трпението и вие и парламентарното мнозинство, со самото тоа што сум потписник на овој амандман ќе гласам за и ќе гледам да го поддржам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Поповска, а потоа нека се подготви пратеникот Ѓорѓи Оровчанец.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господине претседателе,

Почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници,

Јас предложив два амандмана со кој предложив да се отстрани новата општина Сарај од градот Скопје, односно да си остане самостојна како што беше предвидено во првата фаза. Колку да потсетам , во новата општина Сарај која што сега е присоединета кон Скопје, влегуваат старите општини Сарај и Кондово.

Амандманите ги предложив од причина што сметав дека новата општина Сарај е едно големо рурално подрачје кои по своите карактеристики нема функционална основа да биде поврзано со градот Скопје.

Кога зборуваме за присоединувањето на Сарај и Кондово кон Градот Скопје да бидеме на јасно дека тоа значи, присоединување на планини, долини, полиња, ниви, реки и многу села со кој 100% се зголемува досегашната територија на Градот Скопје. Почитувани колеги тоа не е град, и прашање е дали може да биде град. Значи, да бидеме на јасно. Тука не се работи за присоединување на населбата Срај и излетничкото место Сарај кон Скопје, туку за присоединување на една огромна територија која што ги претставува старите општини Сарај и Кондово.

Се наведуваат и некои стари решенија, меѓутоа мислам дека и тука колеги се сите, ако се искрени и сосем свесни дека да биле добри старите решенија, немало да се менуваат. Следејќи го принципот на функционалност и фактите дека Градот Скопје е најголемата урбана населба во Република Македонија убедена сум дека би требало во иднина да се размисли одново да се издвојат сите селски населби по примерот на многу големи градови во светот. Јас сум сигурна почитувани колеги дека во некое друго време, мирно, трезвено и искрено ќе се седне и ќе се поправат денешните грешки.

Оваа сегашна битка што ја водиме овде во Парламентот е влог за некои слелдни битки кој што ќе бидат, сигурна сум, добиени. Зашто борбата за подобра и европска, вистински европска Македонија ќе продолжи.

Со оглед на тоа дека сме сите свесни за процедурите и сосема свесна дека овие два амандмани нема да можат да бидат прифатени поради тоа што Законот за територијална организација вчера беше усвоен со одбиени слични амандмани кои што кореспондираат на овие и кои што беа неопходни како еден целосен пакет за да може да се направат соодветните измени што ги прдлагам јас, овие два амандмана ги повлекувам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Оровчанец, имате збор, а потоа пратеник Ефтим Манев.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Г-дине претседателе, г-дине министер,

Јас би сакал да ја објаснам генезата зошто овој амандман. Затоа што сметам дека решението кое што би се исправило зо овој амандман би било и квалитетно и добро и би било правото решение доколку сакаме да имаме Град Скопје.

Генезата е во следното драги колеги,

Решенито што се нуди во текстот на законот не е решение туку е последица на некое друго решение кое што на некој начин беше изнудено и проценето и за тоа бевме сите сведоци. Што сакам да кажам?

Решението беше донесено врз база на уцената од ДУИ со инсистирањето Скопје да стане двојазично.

Откако уцената беше прифатена, а овде уцената се демонстрира како компромис се тргна во демократска географија и геометрија и се бараше простор каде што треба да се најдат токлу и толку етнички заедници за да се исполни условот. Тоа е решенито и ова е последица на тоа решение. Решението нема никакви допирни точки со основните базични критериуми ни за Законот за територијална органицација како ни за градот Скопје.

На овој начин правиме еден микс кој што е ниту природен, ниту нормален во било кои нормални земји, затоа што веќе нашата не ја сметам за нормално. Не можете една крајно рурална средина да ја споите со една средина која сакаме да ја напрвиме мегаполис. Знаете ли дека и на Париз границите се практично до улица направени, незнам колку години уназад, од време на Ајфеловата кула и се што е за тоа се други општини и не е Париз. Ние сега сите планини и брда до Тетово ги ставивме во Скопје со една претстава дека го спојуваме Сарај со Езерото Матка и изворот Рашче во Скопје. Не, спојуваме се што може да се спои и натаму. Ова е една микросредина од она што го спојуваме и тоа е една крајна заостаната рурална средина која со овој закон за Градот Скопје ќе мора да се урбанизира, да се направи ревизија на урбанистичкиот план итн., а колку иљадници хектари се внесуваат во градот Скопје, по 400 евра, знаете колку ќе кошта само ревизијата на урбанизацијата на овој проект, а да не зборуваме за другите трошоци за кои што очигледно Министерството не нуди проекција колку ќе кошта.

Ние имаме претстава дека езерото Треска во кое никој со години не се капи, освен жабите, и изворот Рашче кој за да биде чувар се внесуваат и правиме една голема неправда спрема самиот град Скопје. Неправдата се прави со една единствена цел, тоа е двојазичноста. И градот Скопје и овој простор на Сарај сега општина Сарај, и Кондово се

приклучуваат таму, се жртви практично на една политичка идеја овде изразена како политички компромис на позицијата, а јас би рекол само дека е резултат на една уцена.

Оваа состојба по мене ќе биде неодржива, а граѓаните ќе ја сватат неодрживоста ако не сега понатаму. Јас би ги замолил да ја сватат уште денеска таа работа затоа што со својот глас за референдум ќе може да ја исправат оваа грешка и јас ги повикувам да се солидаризираат како граѓани, не ги повикувам партиски, туку како граѓани на Скопје да го изразат својот и револт и своето мислење за ова што се прави и нуди. Ако не сега, ова решение јас сум сигурен дека ќе се исправи затоа што е дефинитивно неприродно решение.

Немам повеќе што да должам,сметам дека начинот на кој што се стигна и до Законот за територијална органицација и сега ова штосе прави е само понатамошна девастација на она што го имаме како органско ткиво на територијална органицација.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Хусеини, имате три минути.

ХУСЕИНИ ХУСЕИНЏЕВАТ:

ДУИ не наметнува решение, ДУИ дава аргументи кои се во функција на зацврстување на кохезијата на државата, а решенијата ги донесува коалицијата како усогласени ставови. Тоа е за вас да ве запознам вас, како и јавноста.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Оровчанец имате една минута.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

На власта не и верувам, и кога викаше дека нема да коалицира со вас, а вам не ви верувам затоа што неискажувате добра волја спрема Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Дојчиновски.

КИРИЛ ДОЈЧИНОВСКИ:

Бидејќи г-динот Оровчанец со повикување на референдум на граѓаните од двете општини, Кондово и Сарај, односно сега Сарај, јас сакам да му кажам дека таму референдум не се одржа, иако званичната, тн., локална власт сегашна ја има нивниот

коалиционен партнер. Тоа значи дека граѓаните таму не изразија готовоност за ваква работа, која тие ја предлагаат.

Што се однесува за двојазичноста Скопје памети низ историјата дека се говорело на многу јазици, навистсина, но во друго време. Тука се говорело и на Византиски, и на Грчки, и на Турски, и на Бугарски, но никогаш макеоднскиот јазик не бил заборавен. Луѓето меѓу себе се разбирале. Тука врвеле караваните ама некако сега политичките, туку трговските каравани и секогаш се разбирале. Според тоа да не се плашиме сега од тоа што овие два општини се припојуваат па ќе се доведе во прашање двојазичноста односно македонскиот јазик.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете, г-дине Оровчанец имате една минута.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Очигледно г-динот Дојчиновски не ме разбрал во повикувањето на референдум. Ги повикувам граѓаните на Градот Скопје, да излезат на референдумот за зачувување на старата територијална органицација на Република Македонија и на тој начин да го спречат овој проект. Мислам дека граѓаните ќе го направат тоа она што позицијата овде нема храброст да го направи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Ефтим Манев, а нека се подготви пртеникот Ѓорѓи Трендафилов.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер,

По однос на амандманот општина Сарај да не е во состав на Град Скопје, јас би го реколследното.

Најнапред сметам дека е направена голема грешка во утврдувањето на локалитетот или единицата на локална самоуправа во Скопје, во вакви граници со припојувањето на општина Сарај, за кое зборував и вчера дека немам против што се споиле Сарај и Кондово во една општина, но сметам дека со припојувањето на овие две

општини во една општина кои се припојуваат во Скопје, направена е една голема грешка и повреда, како на Уставот така и на Законот кој што синојка доцна е донесен.

Се зборува дека овие денови од многу одамна биле во околијата на Скопје, незнам каде биле  но сепак ние имаме закон за локална самоуправа и локалната самоуправа е утврдена со уставот кој денес важи.

Во членот 6 од усвоениот Закон за територијална органицација на општините кажано е што е град. Ако некој смета дека површините кои што ги опфаќа општина Сарај можат да бидат град незнам кој е тој што ќе го докаже тоа, бидејќи во овој член е опишано што е град и што се подразбира под град, што се подразбира под село и под општина. Дали ораниците, нивите пасиштата, ридовите, Ќе ги сметаме за некакво зеленило, рекреативни центри или било што. Редно е да пестанеме да мислиме дека Сарај како Сарај, дали село или населба, само тоа влегува во Скопје. Сарај е општина во која што има уште 17 - 18 населени места села. Ако некој може сите овие населени места да ги вклопи и да се вика Скопје, незнам која е таа сила или кој е тој урбанист што тоа ќе го направи. Затоа најмалку треба да мислиме, мене не ме загрижува воопшто што некој смета дека со Срај ќе има двојазично или тројазично, затоа што двојазичноста во Македонија е решена со измените на Уставот и кои населени места ги исполнуваат тие критериуми остануваат такви, а каде што не се исполнуваат не може. Овде нешто се прави присилно.

Исто така, за градот да се прошири, било кој град, да не е Скопје, нека биде Велес, Штип, Радовиш, или Струмица сепак за таквите решенија се донесува одлука на ниво на локална самоуправа и не може со закон Собранието на Република Македонија да ја одреди територијата на некој град. Треба урбанистички решенија, парични средства, да е предвидено во детален урганистички план до каде може и колку може да се шири некој град.

Катастрофална грешка ќе биде за Македонија да направиме еден таков простор голем за Скпоје, кој што и денеска е прилично голем, и Скопје вакво какво што е денеска го поттиснува развојот на останатите деови во Република Македонија. Ако овозможиме вакви услови, што не очекувам дека може да се исполнат ни за 100 години 200 или 500-

тини, еден простор каде што ствара услови барем за едно Скопје, ако се насели катастрофа ќе биде за Република Македонија, и така е опселена од оние рурални, селски места, мали градови, тогаш ќе стане навистина Скопје, Република Македонија или Скопје ќе биде Република нема да биде Македонија. Створаме услови за нешто друго. Концентрација на целото население во Републиката на едно место.

Сметам дека предлагачот министерот, кој го ценам прилично, дека треба да се произнесе за тоа што е град и колкав може да биде Градот. Колкав е градот Скопје денес. Дали е тоа Скопје? Дали може да биде Скопје. Секој град е решен урбанистички до каде е град. Овие одредби се спротивни и тоа како на Законот, член 6, што го усвоивме синојќа и Уставот. Затоа сметам дека општина Сарај треба да си остане како општина. Дали ќе се развива како град, или на кој начин, да не го правиме Скопје широко, може да го поврзиме и со Куманово и со Тетово, па да ја направиме Македонија еден Град.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор министерот за локална самоуправа.

Повелете г-дине Гештаковкси.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Г-дине Ефтим Манев, почитуван,

Градот Скопје е определен согласно генералниот урбанистички план и има околу 400 илјади жители. Скопје како посебна единица на локална самоуправа соглсно Уставот и законот за локална самоуправа во сегашниот состав има 28 населени места во сите општини и ако ги гледате и другите општини тргнувајќи од Ѓорче Петров, Гази Баба, освен Центар има населени места или селски населби.

Сарај ќе биде дел од единицата на локална самоуправа посебна со Уставот Скопје, а сите други детерминанти во делот на кои зборувате и на населените места и делот определен за земјоделие согласно Законот за земјоделско земјиште и понатаму согласно просторниот план на Република Македонија ќе ги остварува функциите за идниот развој на Република Македонија. Во делот не е можно никакво проширување и на делот за кој зборувате вие нарушување на животот во Градот Скопје, утврден со генералниот урбанистички план. Тоа важи и за Битола, тоа важи и за Радовиш, тоа важи и за сите

други општини кои се утврдуваат со членот, градот се утврдува со Генералниот урбанистички план, а селските населби имаат урбанистичка документација. Тоа е многу јасно во целокупниот пакет на процесот на децентрализација и затоа е даден паќет од 29 закони, плус 6 усвоени во овој Парламент во кој еден од главните и клучни закони е Законот за протсорно и урбанистичко планирање. Таму многу јасно, прецизно, конкретно е определено што преставува дел на град, што преставува дел на населено место или селска населба и кој вид на документација се донесува.

Сметам дека ова вас ви е јасно, и на претходните парламентарци. Кратко и јасно одговор на вашето прашање. Градот Скопје, брои 400 илјади жители, определен согласно генералниот урбанистички план на Градот Скопје.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Манев, имате една минута за контра реплика.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Воопшто не сум задоволен од одговорот на министерот, бидејќи истиот и презентира и карта за територијалната организација за локалната самоуправа на Градот Скопје, каде што се гледа во неа што е Скопје. Зошто не  го направи што е Скопје. Зошто не е нацртана картата што е Скопје, а што е надвор од Скопје. Се гледа овде Сарај и ако го гледаме Сарај како нова општина, ми се чини дека  е 1/3 од досегашното Скопје. Тоа што е во генералните урбанистички планови, тоа е сосема друга работа, можеби е така, но овде не е така прикажано.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете, министре.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Точно така, ние ви презентиравме карта за да имате увод со сите податоци по општини, по број на општини со сите други на посебната единица на локалната самоуправа Град Скопје, кој е утврден со Уставот и со законот за локална самоуправа. Се друго е регулирано со одредбите на законот за Град Скопје, со одредбите на законот за

локално урбанистичко планирање, со одредбите на законот за основно образование, средно образование, законот за сите области од животот. Затоа, во овој пакет на закони е целиот координиран, синхронизиран и претставува една целина за еден процес, процес кој од 1.01.2005 година сите ние треба да се заложиме да профункционира во интерес на граѓаните. Многу е јасно и прецизно и врз основа на укажувањата од предлогот за донесување на закон, за кој би можел и би сакал да истакнам дека се одеше на доста контруктивна расправа за делот на Градот Скопје. Правниот субјективитет на општините, на Градот Скопје, надлежностите меѓу општините и Градот Скопје, многу јасно и прецизно се пренесени. Потоа, финансирањето меѓу Градот Скопје и единиците на локалната самоуправа, односно општините во Градот Скопје, координирањето, употреба на јазикот. Би сакал вас да ве информирам и Парламентот дека освен за делот за границите меѓу 10-те општини, особено во делот на одделни општини, целосно е постигната согласност за многу важните прашања за функционирање на Градот Скопје како една целина. Се она што претставува заеднички интерес на граѓаните на Градот Скопје и за граните сега од Сарај, од Ѓорче Петров и од Гази Баба и се она што претставува од локално општинско значење.Ве информирам дека е постигната согласност меѓу градот, општините од градот обединети во ЗЕЛС и во Комисија за сите многу важни битни прашања и сметам дека со залагање на органите кои ќе бидат избрани врз основа н аовој закон, ќе направиме напори и ќе ја избегнеме онаа хаотична состојба која сега владее во градот и во областа на урбанизмот и во обласа на сообраќајот и во сите други области во кои живеат граѓаните на Скопје со посебните надлежности како главен град на Република Македонија. Тоа ми дава надеж досегашните недоразбирања меѓу градоначалниците на општините и градоначалникот на градот се усогласени врз основа на нивни согледувања и праксата во која функционира Скопје во досегашните седум општини.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Трендафилов, а потоа е пратеникот Спиро Мавровски.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Прво, сакам да им се заблагодарам на пратениците од владиното мнозинство во Собранието, пред се, на пратениците од СДСМ, затоа што од синоќа наваму подобро ги сваќам стиховите на Вапцаров кога напишал “ова земја не е моја”. Уште подобро го сваќам и Вапцаров кога ќе ја видам предложената карта на она што Владата го нарекува Скопје главен град на Република Македонија , иако мене повеќе ми личи како старозаветната приказна за беспредметната човекова ароганција и глупост и одбил да ја изгради Вавилонската кула знаете како заврши. Тој обид поттикнат од истата таа ароганција и глупост и претпоставувам дека и овој обид да се прави Вавилонската кула ќе заврши така како што заврши и првиот обид. Мислоам дека конечно ќе бидете задоволни затоа што едно значајно место во рамките на општината Сарај, Жеден Мал и Голем Жеден, Радуша , особено е интересна нејзината местоположба и особено е интересно и добро што нашата контрола на тој дел од границата нема задоволително безбедностно ниво па реално ле да очекуваме дека преку Сарај она што вие го нарекувате пред нас главниот Град Скопје веќе од понеделник претпоставувам секојдневно ќе се зголемува со бројот на жителите, тие ќе бидат доста возрасни , значи нема да бидат родени на територијата на она што вие го нарекувате Градот Скопје, туку туе ќе доаѓаат од нашето непосредно соседство.

Ние се обидовме и во претнодната амандманска расправа по текстот за територијална организација бидејќи амандманот за Сарај тогаш не беше прифатен, сличен амандман како што е, ова што е сега на дневен ред и иако некој од колегите велат дека ова е грешка , јас не се согласувам дека е грешка. Грешка е постапка која е предизвикана ненамерно, а ова што го предлага СДСМ и нивниот клучен коалиционен партнер ДУИ не е грешка бидејќи е свесна и логична организирана постапка. Значи не станува збор за грешка.

Јас немам намера да ги користам моите 10м минути затоа што претпоставувам дека дел од пратениците од СДСМ и нивниот клучен коалиционен партнер ДУИ веќе се со мислите или на веќе уплатените аранжмани на годишните одмори, или на подготовките за прославата која верувам дека заеднички ќе ја одбележите во Радуша по повод

херојската борба  и одбрана на македонските војници и полицајци пред три години кои ја одбранија таа точка одн нашата граница од милитантите и терористите кои дојдоа од страната на Косово, организирани, подржани од Косовскиот заштитен корпус.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Г-дине Дојчиновски иамте реплика, повелете лтри минути реплика.

КИРИЛ ДОЈЧИНОВСКИ:

Јас во саботата почнав исто така со Вапцаров, но реков не како Вапцаров, оваа земја по која чекорам денес Вапцаров вели, “простете е туѓа, но не овде туку во Бугарија”. Која е асоцијата сега на Трендафилов  во овие простори и овде говори дека оваа земја, простете е туѓа. Не ми е јасна асоцијацијата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Трендафилов, една минута.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Почитуан г-дине, дали некој ви кажал дека Вапцаров е роден во Банско.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Добро, тоа можете во клубот да го продискутирате.

Повелете г-дине Мавровски, а потоа е г-динот Марјан Ѓорчев.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам г-дине претседателе,

Еве ќе се обидам, после сите оние расправи за оделните решенија што Владата ги донесе во однос на оваа територијална поделба и ова е едно од клучните решенија, кое што, како што кажа и мојот колега Трендафилов, гледајЌи ја површината која што се припојува кон Градот Скопје, можеби многу поедноставно ќе беше градот и да се прекрсти во Сарај, затоа што оваа површина која што е скоро еднаква со сегашната површина на Градот Скопје, тоа му дава за право. Но, во секој случај од парламентарното мнозинство во повеќенеделанта расправа слушавме неколку аргументи и синоќа последните во однос на Кондово и на Сарај дека сето тоа е направено токму поради тоа што месното население било оштетено, со тоа што им е откупено или не им е откупено

земјиште и дека Матка, Сарај, Изворот Рашче се токму оние места, кои што ќе треба да се припојат кон Скопје, за Скопје да може да функционира побезбедно. Јас се прашував, слушајќи ги колегите од позицијата го повторуваа сето ова се додека не ја прочитав изјавата на претседателот на државата во која што тој кажува во Кондово е изворот Рашче , а во Сарај  се најголемит спортско-рекреативниот центар во Скопје, езерото Треска и Браната Матка. Убеден сум дека во интерес на скопјани е овие две општини да бидат под ингеренција на градските власти. И, сега, се ми стана јасно која е тезата , што колегите пратеници се убедуваат цело време да ја бранат. Но во таа теза се кажува нешто за што во почетокот веќе се говореше за демагогија дека едноставно етнички разрешници во цела оваа територијална поделба нема, но после тоа паднаа маските и сите говоревме дека точно етничката поделба е онаа која што доведе до оваа ситуација. Вкучувајќи го Сарај и Кондово, тоа да биде припоено кон Градот Скопје. Доказ за етнизираната логика на преговарачите во правењето на новата карта е во исказот на Црвенковски. “ Зарем ќе им беше полесно на тие што се претставуваат како многу загрижени да не ги припоевме Сарај и Кондово кон Скопје, знаејќи дека во тие населби се и Браната Матка и Изворот Рашче”. Ние немаме таков страв, г-дине претседателе, како вашиот од премиерското место, за што веруваме дека и Матка и Рашче се македонски и кога се во Сарај и кога се во Кондово и кога се во Скопје. Водата од нив ќе тече во Македонскиот Варда и во градскиот водовод, независно од тоа чија општинска меѓа ќе биде исцртана. Вие докажувате една друга теза. Имено, дека имате проблем да им верувате на вашите албански партнери, иако за тоа им преговарате на оние што го критикуваат коалициониот договор, тоа е на опозицијата. За каква храброст , како што ја нарековте владината одлука за територијалната организација, тогаш зборувате, претседателе, кога едноставно и вие колеги пратеници кои што ги браните овие негови тези, дека со тоа што Кондово и Сарај ќе влезеле во Градот Скопје, вие ќе добиете сигурни извори на вода, ќе ја имате Матка и спортско-рекреативниот центар Сарај, како да сега тие се наоѓаат незнам каде, под окупација или едноставно недостапни за граѓаните на Градот Скопје. Таквата логика апсолутно  не држи. Граѓаните на Кондово и на Сарај и сега живеат као што ќе живеат, дека со ова ќе добијат многу поголеми права во

реализација на локалната самоуправа, апсолутно не држи. Ве уверувам, а тие самите многу брзо ќе се уверат дека тоа не е така. Сега, јавното претпријатие ги врши сите услуги во Кондово и во Сарај, така што она што ќе се случи само на оваа карта што ја гледаме пред нас, територијата на Градот Скопје ќе биде енормно зголемена, а како што кажа и колегата Оровчанец за правење новиот генералне урбанистички план се потребни за секој хектар од прилика 700 евра, колку ќе го чини сето тоа македонскиот народ, мислев дека Владата  или колегите пратеници од позицијата требаше да го кажат. Такви информации не слушнавме, но упорни се дека сесиите во овој Парламент со објаснувањето и аргументите се тие што ги трошат парите на граaѓаните на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-динот Рамадани има реплика од три минути.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Поичитуван претседателе, почитувани колеги пратеници.

Почитуван колега Мавровски, со вашата групи што ги предлагате овие амандмни односно овој амандман вро врска со поделбата или остранувањето на Сарај од Скопје.Учте еднаш ќе ги изразам моите размислувања, се разбира, вршејќи залагање да се ослободам самиот себе си од дневната политика и сакајќи да се ослободам себеси и да заборавам кога се локалните избори, за да можам да дадам еден поздрав политички резон и за овој амандман . Мислам дека доколку националниот товар, а примесата на крајот на краиштата е и националистичка. дозволуваaволува да се толерира и да се почитува и другиот, тогаш ќе ни биде многу полесно, бидејќи тогаш ќе ја почитуваме и културата, јазикот и иднетитетот на другиот и многу подобро и појако ќе  дадеме аргументи за Скопје со Сарај и за Скопје без Сарај. Еден обичен граѓанин на Скопје не оптоварен  и кој размислува како што размислувам и јас, до коолку го прашате дали го сака Скопје со Сарај, би ви рекол го сакам Скопје со Сарај. Дали го сакаш Скопје со рекреативното езеро Треска, да, го сакам. Доколку се праша обичниот граѓанин на Скопје дали го сакаш Скопје со Матка и Треска со брзи води, за да се одржуваат натпревари, ќе рече да. До колку вака се псотавуваат прашањата и не сме оптоварени и не се плашиме

себе си дека во Скопје ќе имаме еден втор службен јази со тие што ги почитуваме и соживуваме , во овој случај албанскиот јазик тогаш ќе ни биде многу полесно. Бидејќи , ќе направам една сспоредба која за моментов не е споредлива, дали граѓаните на Париз го сакаат повеќе Париз со Версај. Сигурно дека да. Доколку вака размислуваме и вие, тогаш ќе ви биде и вас полесно и ќе биде поздраво за да говориме и да разговараме за ова пршање.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Ѓорчев а потоа Марија Којзеклиска.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Почитуван господине претседателе, почитувани дами и господа пратении, почитуван господине министре и претставници на Владата на Република Македонија ,

Јас во мојата дискусија ќе се обидам да дадам подршка на амандманот на гопоѓа Поповска затоа што сметам дека амандманот е природен амандман во дхухот на територијалната организација на локалната самоуправа и во духот на она што треба да претсавува градот Скопје. Инаку, решението на Законот вака како што е предложен од страна на Министерството за локална самоуправа за градот Скопје, при што општината Сарај е дел од градот Скопје, е функционално неспоиво со локалната самоуправа, финансиски неодржливо, просторно нелогично, демографски катастрофично и имаме мешање на поими, што е урбана, а што е рурална средина. Природно е градот Скопје дека е мултиетничка заедница на луѓе. Општината е заедница на луѓе, општината градот Скопје е заедница на етникуми. Природно е дека мултиконфесионално за човечка заедница со мешање на конфесии. :Природно е дека исто така е мултикултурна човечка заедница. Меѓутоа, неприродно е и ние градот Скопје да го правиме најголемо село во Македонија. Од главен град на Република Македонија со точно одредена историска, демографска, просторна, урбана средина да го претвораме во град со над стотина села, кои што апсолутно немаат никаква допирна точка со урбана култура. Напротив, и ден денес се среќни што живеат со рурална култура, затоа што нема разлика помеѓу урбана и рурална култура, дури и јас лично давам предност на руралната култура. Доколку,

Владата имаше храброст да предложи логично решение односно Министерството, населеното место Сарај и населеното место Кондово, кој што имаат точно допирни точки со општина Ѓорче Петров и претставуваат природно продолжение со Ѓорче Петров, тогаш можеби ќе можеше и некако да се оправда. Меѓутоа, да се предлага спојување со градот Скопје на речни корита, сливот на реката Треска, да се предлага точно селски единици, кои што и ден денес немаат урбан карактер на живеење, да се предлага  спојување со градот Скопје на места  без кои што немаат ни фотограметриско снимање, ниту пак точна урбанистичка документација, ниту пак катастарска имотна евиденција за тоа кој, каде, кога и зошто таму се населил, како живее, дали живее во природни услови, дали живее во неприродни услови, дали живее сиромашно, едноставно сето тоа нема смисла.

Сета таа замешаност од поими ќе не наведе навистина Скопје да го претвориме во една хаотична средиа, сега Скопје не е хаотична средина, како граѓанин на Скопје, јас сум против тоа дека ние во овој момент имаме град кој е хаотичен, напротив, имаме град кој е нарушен не заради неприродноста на тековите прогласувајки го по 1963 година за отворен град, меѓутоа, не е хаотичен, а со спојувањето на општина Сарај асиметрично спојување затоа што видете што се случува, вие спојувате една територија во дијаметар од 20 км. селски единици кои немаат никаква допирна точка со магистрални дури ни локални патишта, а од друга страна асиметрично не го спојувате Припор, градска населба, на падините на Водно од 5 илјади жители останува во рурална општина Сопиште која што е дел од Скопје. Значи, асиметрично, финансиски неодржливо, функционално нелогично, просторно нелогично, едноставно нема никаков аргумент освен политичко етничкиот аргумент кој овој пат не држи оти главниот град на Република Македонија како мултикомпесионална, мултиетничка, мултикултурна средина не го заслужува тоа. Сите елементи и атрибути на заеднички соживот ги имаме тука, а оваа мечкина услуга, што му се прави на градот со спојување на ораници, ниви, реки, речни наноси, хидроцентрали во Скопје, навистина ќе биде една тешка ситуација за сите нас, тешко одбранливо пред европските стандарди, дешко одбранливо за децентрализацијата на Македонија и на еден начин ќе се увериме кога ќе треба да ги урбанизираме сите тие

диви градби, во сите тие селски населби, кога ќе треба да ги снимаме фотогеометриски,кога ќе треба катастарски, компјутерски да ги регулираме, ќе се увериме дека навистина сме направиле страшна грешка, ќе ги потрошиме и онака малите пари кои во Скопјево овојмомент изнесуваат 90 милиони денари. Буџетот на Град Скопје е толку, само да ве информирам, а со новите приходи ќе биде некаде 130 милиони денари, што е недоволно, сиромашко за да може Скопје навистина Македонија да ја претставува пред меѓународниот кор и пред сите оние кои доаѓаат во Македонија како главен град на Република Македонија .

Амандманот е логичен и треба да го подржиме во корист на граѓаните, на градот Скопје и вокорист на жителите на општините Кондово и Сарај.

Од тие причини јас ќе го подржам амандманот и ќе гласам за.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине министре, имате збор.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Господине Ѓорчев, потполно ве сваќам и вашето настојување и .вашето размислување, само како пратеник и човек кој бевте градоначалник на Кисела Вода и кој се занимававте со проблемите на Скопје очекував да гокажете тоа дека во досегашната територијална организација на градот Скопје има 28 селски населби со 70 илајди жители. Вие подобро ги занете од мене и во Кисела Вода и Гази Баба како што е Булачани, Гоце Делчев, Идризово, Инџиково, Јурумлери, Раштак, Синѓелиќ, Смиљковци, Стајковци, Страчинци, Црешево, Трубарево, па во Ѓорче Петров, Волково, Грачани, Кучково, Никиштани, Ново Село, Орман и да не ги набројувам со 70 илјади жители по број 28, точно е во единицата на локална самоуправа Скопје се зголемуваат селските населби на 50 со плус 20 до 25 илјади жители во селските и руралните средини. Добро го познавате Скопје, очекував да кажете дека она што го истакнав дека согласно Генералниот урбанистички план на градот Скопје кој го третира градот Скопје точно и досега беа во Скопје и со овој дел ќе влезат Спортско рекреативниот центар и сите други придружни објекти кои од секогаш се третирани како составен дел на Генералниот урбанистички план.

Почитувани пратеници свесни сме за расправата која се водеше во прва фаза кога одреден број пратеници укажуваа дека делови од општината Сарај ги прекршуваат основните принципи на територијалната организација, еден од битните услови за унитарноста не кршење на катастарските граници. Тогаш беше укажано и јас како министер укажав да, тоа е основен принцип, но во Предлогот за донесување на законот за град Скопје тој принцип беше прекршен.

Господине Ѓорчев, вам ви е добро познато, бидејќи како министер за земјоделие ги познавате селските населби, земјоделските површини во посебната единица на локалната самоуправа на градот Скопје.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Шаќири имате три минути реплика.

ХИСНИ ШАЌИРИ:

Ви благодарам г-дине претседател,

Со внимание го слушав пратеникот Марјан Ѓорчев и врз основа на сето она што го рече околу амандманот ме примора за некои прашања да реагирам кога станува збор за аргументи што се обиде да ги претстави околу прашањето на Сарај и Кондово.

Аргументите никогаш не треба да бидат еднострани и без основа. Незнам што е основата, доколку за основа имате неколку критериуми, критериумите треба да бидат исти, прашањата треба да се гледаат од ист аршин. Кога го велам тоа не треба да заборавиме дека пред неколку дена во овој Парламент беше прифатен еден амандман во однос на село Брњарци што се припојува на општина Гази Баба. Кога ќе се види просторот на с. Брњарци географски ќе ја имаме предвид далечината на селото до градот Скопје, тогаш ќе бидеме многу контраверзни и аргументите што ќе се обидеме да ги дадем во овој Парламент ќе бидат без основа и да се оспори Сарај и Кондово кои се дел од Градот Скопје, мислам дека Скопје овие села без Сарај и Кондово Скопје нема да биде она што треба да го има својот изглед.

Зошто не го земеме предвид фактот репликата на минситерот кога рече колку села се припојуваат кон градот Скопје до колку се за зачувување на градот Скопје како урбан центар, тогаш прашањата треба да ги гледаме истоветно за сите села. Селата од

скопски Карадак , не скам да ги набројувам, тоа се голем број на села кои се припојуваат на Скопје, но никој не го поставува тоа прашање зошто се случува во Скопје, сите дискутираат за случајот Сарај и Кондово кои се скопски населби, ве молам, да имаме вистински приод и врз основа на истоветникритериуми кога разговараме за овие прашања кои се многу значајни и не треба да толерираме прашања  кои ги потенцирав да ги земам како оправдани, уште еднаш да го земеме пример с. Брњарци, тоа е веќе земено,има интерес на жителите, тоа село е припоено кон Гази Баба, а од друга страна Сарај и Кондово.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дискутираме за Сарај и Кондово бидејќи е таков амандманот.

Повелете г-дине Ѓорчев, една минута.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Почитувани дами и господа пратеници, многу едноставно кажав министерот многу села напомна, сите тие села што ги напомна се во Скопје и Стајковци е дел од Скопје тоа е веднаш до Скопје и Орман е во Скопје, затоа што има природна комуникација преку Волково со Ѓорче Петров и Сарај и Кондово да, како населени места, треба да бидат дел од Скопје, но не може да биде Арнакија дел од Скопје, како што не може да биде ни Долно Соње дел од Скопје. Тоа се аргументите. Точно се знае кој е во Скопје, како е поврзано , кој не треба да биде во Скопје. Зошто не треба да биде Долно Соње, Јаболце, Патишка Река, а зошто треба да бидат овие населени места кои се поврзани со Скопје. Тука има многу аргументи зошто 28 населени места се во Скопје, а зошто 100 и кусур населени места не се во градот и општината Скопје како селски населби.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Јашари, три минути реплика.

АДНАН ЈАШАРИ:

Ви благодарам г-дине претседателе,

И јас како мојот колега Хисни Шаќири  со внимание го слушав г-динот Ѓорчев и дојдов до заклучок дека две се главни  причини зошто колегата Ѓорчев е против припојувањето на Сарај и Кондово со градот Скопје. Вие оценувате дека Скопје не треба

да биде така како што вие рековте најголемо село во Македонија, но и покрај тоа господине Ѓорчев сакам да ве информирам дека Скопје се карактеризира со две развојни димензии урбанизираниот модерен дел околу Вардар и дел од Скопје кој заостанува во урбанизираниот дел од левата страна на Вардар кој е далеку под развојот од многу развиените села во Македонија.

Второ, по вас, двојазичноста била главната причина зошто сте против припојување на овие општини со градот Скопје. Но за ваша информација би ве информирал дека врз основа на анализите што ги направив овие денови дојдов до заклучок дека нема држава во светот која го познава јазикот на еден ентитет како службен јазик на државно ниво додека тоа не го познава на ниво на главниот град.

Доколку имате ваков пример повелете кажете.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Ѓорчев една минута.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Репликата не се однесува на мене, јас ни со една буква не кажав за двојазичноста на Скопје, туку зборував за просторот на Скопје и за нелогичноста да го направиме најголемо село во Македонија, а нелогичноста произлегува од имперфектноста на законот што е предложен, законот е таков каков што е и заради нелогичностите во законот сега ги имаме овие проблеми, со тоа градот Скопје го претвараме навистина во село Скопје.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Којзеклиска, имате збор, а потоа нека се подготви пратеникот Абдулади Вејсели. (Пратеникот реагира затоа што бил пријавен за реплика). Задоцнивте за реплика, вие се пријавивте после третата реплика, а се знаат правилата. Ќе имате збор, ве најавив.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Благодарам претседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Денес на дневен ред го имаме Предлог законот за градот Скопје.

Во однос на аргументите кои беа дадени и од минситерот во однос на бројот на населените места и во однос на просторот кој го зафаќа градот Скопје, само да ја покажам картата (пратеничката ја покажува картата на пратениците) на градот Скопје во која големина се проширува нашиот главен град.

Сега, на дневен ред ни е амандманот за Сарај, од приложената карта можете да видите, почитувани колеги, колкава е територијата на Сарај, бидејќи Министерството обезбедило боја за да можеме да ги разграничиме, значи имаме Ѓорче Петров, Шуто Оризари, Карпош, Центар, Кисела Вода, Аеродром, Гази Баба и Бутел и нормално Сарај. Значи, тоа е картата на градот Скопје во која димензија тој се проширува.

Кога дискутиравме за Законот за територијална поделба на Република Македонија и амандманите кои беа дадени на тој Предлог закон вети дека ќе даде аргументи зошто Сарај и Кондово треба да се припојат кон градот Скопје.

Соогледна тоа дека кај нас Делвоникот е испревртена работа амандмански, па имаме Предлог закон, ние денес не слушнавме образложение од минситерот зошто Сарај и Кондово треба да влезат воглавниот град Скопје. Тоа образложение министерот го должи, затоа што го вети кога зборувавме за територијалната поделба.

Едно од образложенијата на премиерот во однос на територијалната поделба, а со тоа и на амандманот за кој зборуваме денес Сарај е дека тоа го кажав и во територијалната поделба, ќе го потсетам и сега дека мостот кој ги поврзува градот Скопје и Сарај била една од основните причини заради кои Сарај треба да се припои кон градот Скопје. На тоа бевте сведоци сите.

Сега во однос на она што го кажуваат колегите од ЛДП за Рашче и Матка реков и пак ќе повторам национално богатство на Република Македонија се и Рашче и Матка. Тие не се сопственост на градот Скопје, за да го користиме како аргумент, покрај мостот на Сарај, што го користеше премиерот, за да можеме да ги припоиме кон Скопје.

Јас ќе му укажам на почитуваниот колега Јашари во однос на двојазичноста и користењето на јазиците во европските метрополи нека ми наведе некој пример во Европа,не зборувам во светот, ние се стремиме, според објаснувањата, за влез во Европската унија и државите во Европа. Нека  ми наведе некој пример каде во Европа

имаме двојазичен главен град. Сите градови, од она што јас го знам, имав прилика да бидам во Лондон и Лондон исто така е поделен почитувани колеги на Бороу се викаат или Дистрикти или општини во ниедна од тие, а знаете бројот на жителите и структурата на жителите во Лондон од кои се структури постојат секаде официјален јазик почитувани колеги е англискио тјазик. Значи, да нема дилеми, да не шириме невистини дека некаде во светот постои двојазичен главен град. Зборувам за главен град.

Сега би сакала да се навратам и да прашам уште еднаш што ја премисли Владата на Република Македонија да направи измени од првобитниот предлог за територијалната поделба и за градот Скопје каде што алтернатива беше Арачиново и по долгите и мачни преговори дојдовме до Сарај и Кондово. Тогаш гикажав и сега ќе ги повторам бројките. Значи, Арачиново брои 11 илјади 992 жители, Сарај и Кондово бројат 35 илјади жители и ако Владата евентуално не сака да одговори која била причината за спојување на Сарај и Кондово, мислам дека овие бројки доволно говорат за основниот мотив и притисок на коалициониот партнер ДУИ врз СДСМ токму за припојување на Сарај и Кондово кон Скопје.

Јас разговарав и полемизирав со министерот во однос на мегалополисите кои се формираат, кои се претпоставува дека ќе се формираат со ваквите окрупнувања на општините, меѓутоа, како што кажа и почитуваниот колега Ѓорчев за Скопје сум била грешка, нема да биде мегалополис затоа што мегалополис или името доаѓа од повеќе развиени градови, па се формира мегалополис. Тука во Скопје со ваква структура, уште еднаш ќе ја покажам картата на Сарај и на Кондово за кои зборуваа и претходните дискутанти, ние нема да имаме мегалополис и ќе се сведеме на она што го кажуваше г-динот Ѓорчев.

Значи, Скопје ние го растргнавме како ластик и го растргнуваме, ама знаете дека и тој има граници. И тоа некогаш ќе попушти. Што ќе се случи, со оглед на тоа, она што министерот можеби ќе го каже, ако реши да го образложува Предлогот на законот за градот Скопје, сигурно ќе се наведе дека ваквата територијална организација на градот Скопје и поставеност, како посебна единица на локалната самоуправа утврдена со Уставот, сигурно дека би требало да ја подигне ефикасноста во вршење на работите од

јавен интерес за целото подрачје на градот Скопје. Дали вие почитувани колеги верувате дека тоа ќе се случи? Дали искрено верувате?

Дали навистина мислите дека законот ќе овозможи Скопје да функционира како еден град што ќе ги обедини интересите на сите негови граѓани и ќе работи на организирање и решавање на сите заеднички проблеми и прашања што ќе се јават во функционирањето? Кој ќе биде тогаш виновен ако тоа не се случи? Немојте само да ги обвинувате граѓаните. Највиновни ќе бидете вие, Владата како предлагач на законот, парламентарното мнозинство како мнозинство што ќе го изгласа законот, а за граѓаните на градот Скопје ќе останат тие самите ќе ви кажат дали тие ќе бидат задоволни од предложената територијална организација на градот Скопје или нема да бидат задоволни. Ако не бидат задоволни, што правиме тогаш?

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Аднан Јашари, имате реплика од три минути.

АДНАН ЈАШАРИ:

Благодарам господине претседателе,

Што се однесува до главниот град јас би рекол на мојата почитувана колешка да ја отвори веб страницата на интернет и да види колку има главни градови каде што се употребуваат два или повеќе службени јазици. Од интернет имам извадено, доколку има потреба ќе и дадам копија. Но, ќе застанам, да не го изгубам времето за реплика.

Со себе имам една книга од еден познат македонски научник, ќе прочитам една фраза или реченица, затоа што се повикува на проширување на територијата и зголемување на територијалниот простор и пропојување на Сарај и Кондово кон Скопје. Доколку ми дозволите, јас ќе прочитам една реченица.

Градот Скопје во периодот од 1994-2000 година го зголеми бројот на населението, на вкупното население во град Скопје и на Република Македонија. Во Скопје се зголеми бројот на населението од 5,5% и учествува во вкупниот број на зголемување на населението од 38%.

Видете какво население има на територијата на градот Скопје. Мислам дека е позитивно за самиот град со припојување со општината на Сарај и Кондово кон Скопје.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Којзеклиска, повелете, имате една минута.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Почитуван колега Јашари, ниту печатените страници на интернет, ниту книгите можат да ме убедат за причините заради кои освен двојазично Скопје се припојуваат Сарај и Кондово кон Скопје. Ништо друго не може да ме убеди.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Вејсели, а нека се подготви пратеникот Сашко Кедев.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Почитуван претседателе, почитувани колешки и колеги пратеници, почитуван министре,

Навистина, дискусиите на македонската опозиција од оваа говорница станаа бајати.

Еднаш беа многу заинтересирани да ги бранат жителите од Сарај и Кондово, а денеска е спротивно. Денеска се сите против граѓаните на Сарај и Кондово. Затоа, имавме право кога ги поднесовме амандманите за територијална организација на Република Македонија. Не се трудите и не берете гајле за жителите на Сарај и Кондово, бидејќи имаат свои претставници кои ги бранат нивните интереси.

Денеска говориме за Сарај и Кондово и јас, целосно сум убеден но и јавноста е убедена во Република Македонија, се говори за Сарај и Кондово, бидејќи тие се населени воглавно со албанци. Доколку Сарај и Кондово беа населени со други граѓани, сигурно дека немаа воопшто да го спомнат. Денеска, на оваа парламентарна седница немаше да ги спомнат, како што не ги спомнаа ни Маврово ни Југохром во Законот за територијалната организација. Јас не видов ниту еден македонец да спомне зошто се припоени Јегуновце и Вратница, за да биде мнозинството македонско, а Маврово се одвојува од Гостивар за да биде со македонско мнозинство. Ве молам, кога ќе говорите

за прашања што се круцијални за граѓаните на Република Македонија, треба да го имате во предвид фактот да имате ист аршин и за македонците и за албанците. Тоа е прво.

Како второ, многу се грижите зошто Сарај и Кондово да бидат делови на Скопје? Или, вашите фрази Сарај како село и Кондово како село можат да бидат делови на Скопје но не може да биде Ласкарце, Арнакија, Радуша итн. Но, Ласкарце е дел на Сарај. Радуша е исто така дел на Кондово. Тие не можеме да ги одведеме на Косово. Тие се делови на Македонија. Доколку некој и да сака да ги однесеме таму не можеме да ги однесеме, бидејќи тие граѓани овде се родиле, овде живеат и ќе умрат во оваа заедничка Македонија.

И натаму, не мислете дека не сме биле умни во овој период во кој сте сакале да ги искористите природните богатства на Сарај и Кондово, додека Сарај и Кондово да бидат далеку од тие богатства што ги има подарено Господ. Дали сте свесни дека водата што ја пијат граѓаните во Скопје извира во Рашче. Дали знаете дека селата околу Рашче сеуште и ден денеска немаат вода за пиење. Или некои други ги имаат земено овие 2-3 последни години. Јас ви велам дека Бојане пред две години е вклучено со водоводот од Рашче. Јас ви велам Ласкарце сеуште нема вода за пиење и не е вклучено во овој извор. Сега се вклучува и Буковиќ со водоводот и многу други села на кои водата им извира во дворот, а тие немаат право да се вклучат во таа вода.

Ова ми личи како на поемата на Миген “Забрането јаболко”, го видел јаболкото но не смеел да го земе да го јаде. Ова го има направено власта. Вие сте го направиле ова. Проблемите ги акумулиравте вие во текот на овој минат период и денеска и понатаму настојувате да внесете раздор кај граѓаните на Република Македонија. Доколку малку го почитувате вашиот потпис, ако малку сте респектабилни и имате почит кон Охридскиот договор, тогаш ве молам ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За амандманот ве молам.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

... вратете ја довербата кај граѓаните бидејќи еден од основните принципи на Охридскиот договор е да ја вратиме взаемната доверба кај граѓаните на Република

Македонија. Вие со овие амандмани кои ги поднесувате, верувајте ми, не ја враќате взаемната доверба туку вие и понатаму ја продлабочувате поделбата, а одговорноста ќе ја имате вие, токму вие кои ги предлагате овие амандмани. Јас знам дека опозицијата може да прави се, но се има свој лимит. И јас сум опозиција, но не можам да предложам работи кои се неприфатливи. Не можам да предложам работи кои не се добри за мене и да му ги наложам на некој друг.

Затоа, јас мислам дека сите овие дебати се за двојазичноста што ќе биде сега и понатаму во градот Скопје. Овде еден пратеник рече дека никаде во светот, не во светот туку во Европа нема град во кој што се говори двојазично. Јас ќе земам еден пример во нашето соседство. Тоа го имате во главниот град на Косово, во Приштина. Таму е албанскиот јазик, но и српскиот јазик. И воопшто немаат аверзија албанците кон употребата на српскиот јазик во Приштина, така како што вие овде имате аверзија кон употребата на албанскиот јазик или официјализацијата на албанскиот јазик во градот Скопје.

И, ве молам, оставете ги, ова се застарени модели, модели од бивша Југославија, на Српската Југославија. Денеска имаме една сосема нова реалност во Македонија. Имаме една нова Македонија ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, говорете за амандманот.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Таква држава бевме ние претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не спомнувајте српски држави итн, зборувајте за аманданот и апликацијата, ве молам.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Да привршам. А денес, живееме во една сосема реалност, живееме во една демократска Македонија. Така сме се декларирале сите заедно, сите парламентарни партии и сите имаат свој потпис на Охридскиот договор. Овде треба сите да бидеме рамноправни. Не ја гледам оправдана причината сиот овој гнев, сето она што се фрла врз

албанците и албанскиот јазик, не е во ред. Не е во ред бидејќи ние овде ќе говориме и ќе излеземе од овде. Но, оваа забуна и овој раздор, овој аманет го оставате на народот. Утре ќе почне да се расправа слушајќи разни говори од оваа говорница.

Затоа, да ги почитуваме, ако не друго да се почитуваме самите себе си, да го почитуваме нашиот потпис ставен на Охридскиот договор и да создадеме мултиетничка држава, мултиетничко општество, како што предвиделе лидерите на најголемите политички партии и меѓународниот фактор, Европската унија и САД.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Трајановски имате реплика, три минути

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе,

Само би сакал да го исправам колегата Вејсели дека јас имав амандман за Јегуновце и Вратница да бидат посебни општини, бидејќи тој споман зошто не поднесовте Вратница да биде посебна, зошто ја припоивте кон Јегуновце, немавте амандмани. Да го потсетам дека јас имав и ги бранев тие амандмани. Зошто не се прифатија, тоа е волја на мнозинството и можел и тој да влијае. Не знам дали се јавил за дискусија, значи тука оставам резерва, можеше и тогаш да помогне со таа дискусија.

Околу тоа дека водата од Рашче ја пие цело Скопје, констатацијата е точна. Сметам дека е неправда што тие населени места околу Рашче немаат вода за пиење, токму од изворот Рашче, исто како што е и за Липковскиот регион. Тоа е неправда што ја има од минатото и мислам дека не е на етнички туку е поради негрижа на властите и тогашните и сегашните.

Само како паралела ќе спомнам за регионалниот водовод или меѓуопштински водовод во општината Илинден, каде што водата се зема од село Јурумлери, се носи во Илинден, вода пијат неколку населени места и скоро половината и повеќе општина, а Јурумлери, селото, од чив атар се зема водата и каде се бунарите, тие од таа вода сеуште не пијат, сеуште немаат вода и сеуште пијат вода од бунари, од хидрофори или

пумпи. Така што тој пример со користењето на водата сметам дека не е етнички, туку е малку поширок.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Вејсели, повелете имате една минута.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Жал ми е и за жителите на Јурумлери што немаат вода за пиеење а изворот е точно во селото Јурумлери. Меѓутоа, јас морам да ви ги спомнам овие работи, поради што да бидете малку поупатени што се случува во тој дел.

И другото, јас воопшто не сум против што Вратница и Јегуновце останаа како општина. Меѓутоа, реков дека зошто толкава аверзија кон албанците кога ние немаме аверзија кон тој дел на населението кој живее во Јегуновце и Вратница. И воопшто, во ниту една дискусија, ниту моја, ниту на другите немавме против спојувањето на тие две општини во една, каде мнозинство население ќе бидат Македониците.

Затоа сакам реципроцитет во таа насока. Почитувајте го нашиот однос и вие не се однесувајте така лошо кон албанците и албанскиот јазик во Скопје.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Господине Кедев повелете.

САШКО КЕДЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа,

Денеска пред нас го имаме Предлогот на закон за градот Скопје, што е дел од овој пакет на закони за децентрализација. И ведна, уште на почетокот би потенцирал дека овој Предлог-закон е дел од најоспорениот сегмент на новиот Предлог-закон за територијална организација на Република Македонија, заедно со делот за градовите Струга и Кичево.

Првото прашање на кое што би требале сите да одговориме е која е поврзаноста на двојазичноста со процесот на децентрализацијата? Која е врската во која што го ставаме овој Предлог на закон за измена на градот Скопје со процесот на децентрализацијата ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Кедев, сега имаме амандман за Сарај, па дискутирајте по амандманот. А за вашата општа расправа имаме расправа по текстот на законот. По тоа ќе добиете збор.

САШКО КЕДЕВ:

Благодарам.

Ако зборуваме за овој Предлог-закон за градот Скопје секогаш мораме да одговориме на прашањето која е поврзаноста на децентрализацијата со двојазичноста? Во овој случај децентрализацијата се поврзува со двојазичноста со припојувањето на општина Сарај со Кондово со градот Скопје.

И, веднаш на почеток да ја разбиеме дилемата дека никој од опозицијата и дел од позицијата што го критикува овој Предлог-закон не мислат, не го поистоветуваат Кондово со Сарај и Матка со потесниот дел на општината Сарај, со селските општини што граничат со Јегуновце. Тоа се селски општини или помали села што оддалечени повеќе од 30 км од градот Скопје. Значи повеќе пати во изминативе 2-3 недели додека говоревме за овие предлог-измени на новата територијална организација се задржувавме на овој дел, а ќе се задржуваме и понатаму.

Тоа се прашања на кои што и досега македонската јавност не доби одговор. Која е суштината да се припојуваат малите села што граничат со Јегуновце и се оддалечени повеќе од 30-40 км од градот Скопје и се припојуваат на нашата метропола? На тоа прашање уште немаме добиено одговор.

Која е суштината на внесувањето и постигнување на двојазичноста, што не е спорно, значи двојазичноста, Охридскиот рамковен договор не се спорни. Не се спорни бидејќи тие се веќе усвоени и прифатени.

Меѓутоа, почитувани дами и господа, стотици пати слушнавме прашање и не добивме одговор зошто на овој начин се постигнува двојазичноста. Што имаат интересите на граѓаните на Скопје кои живеат во Капиштец, во Топаана, Ченто, што имаат заедничко со селаните и граѓаните кои живеат до Јегуновце? Кој нивниот заеднички интерес? И ги ставаат сега во една иста општина што ќе брои скоро 1/3 или 1/4 од популацијата во Република Македонија? Дали на овој начин се решаваат некои суштински проблеми на граѓаните кои  живеат во општините Сарај и Кондово? Кое ќе биде оптоварувањето на буџетот во Република Македонија со овие измени? Дали некој од предлагачите од страна на албанскиот коалиционен партнер им објаснил на своите гласачи, пред се на младите невработени албанци колку ќе го чини буџетот на Република Македонија ова припојување на селските општини што граничат со Јегуновце со градот Скопје? Дали некој им кажал дека огромен број од потенцијалот за проширување и решавање на проблемот на невработеност, со отворање на нови работни места ќе биде потрошен со административните трошоци што ги носи двојазичноста? Дали вие господа им кажавте на вашите гласачи, невработени албанци дека наместо 5 од нив кои треба да се вработат врз основа на некои планови и проекти, сега ќе има само еден, бидејќи останатите 4 работни места ќе ги голтне трошокот за двојазичноста? Дека од 5 работни места само еден ќе се вработи како преведувач. Дали Владата на Република Македонија направи сериозна анализа на трошокот колку ќе чини оваа двојазичност?

Ѓ

Колку ќе чини оваа двојазичност. Ова почитувани дами и господа е важно да се стави во контекст на начинот на кој што се носи двојазичност. Јас сум сигурен дека најголемиот дел на пратениците во овој Парламент се за доследно и принципиелно почитување на Уставот на Република Македонија и на обврските од Охридскиот рамковен договор. Меѓутоа, дами и господа континуирано Владата и парламентарното мнозинсто ги кршат овие принципи. Нема ништо заедничко ниту Охридскиот рамковен договор со носење на двојазичност на овој начин. Нема ништо заедничко бидејќи овој законски проект во крајна смисла ќе води кон намалување на довербата, ќе води кон зголемување на меѓуетничките тензии  и до намалување на квалитетот на животот, пред се, на

граѓаните од општина Сарај и  Кондово, а потоа и до сите граѓани на градот Скопје, па и на Република Македонија во целост.

Дали на граѓаните од Сарај и Кондово им е кажано дека 60% од комуналните давачки сега ќе одат во касата на градот Скопје. Дали некој на  жителите од градот Скопје, од потесниот дел на градот Скопје им објаснил дека овој начин на постигнување на двојазичност со административно и механичко припојување на малите селски општини кој што се на 30-тина км.оддалечени од градот Скопје ќе резултираат во нов Урбанистички план и дали  на граѓаните им презентирал некој, дека овој нов Урбанистички план ќе ги закочи проектите кои што се иницирани, на Топлификација, на проширување на мрежата на Топлификација во Скопје, на градење на метро, потоа на проширување и изградба на нови спортски објекти.

Дали е тоа анализирано од предлагачот и од парламентарното мнозинство, колку ќе го чини градот Скопје овој нов Урбанистички план во кој што ќе мора да бидат опфатени селските општини кој што немаат ништо заедничко, ниту во нивниот интерес за развој, ниту пак граѓаните на градот Скопје имаат нешто заедничко со нивните интереси во практицирањето на локалната самоуправа.

Од тие причини, дами и господа, на сите веќе им стана јасно дека овој политички договор кој што веќе прифатен и  отворено презентиран, овој политички договор е против интересите и на граѓаните од Сарај и Кондово и на граѓаните од Скопје, меѓутоа е и против интересите на граѓаните од Источна Македонија, бидејќи овој непринципиелен законски проект индиректно ги засега сите граѓаните на Република Македонија. Ги засега бидејќи ако еднаш Владата ги крши тие принципи, ако еднаш отворено излегува пред јавноста и вели во фазата на нивните преговори, почитувани граѓани треба да се одлучиме, тоа го кажа, мислам, премиерот, дали да овозможиме вештачка или механичка двојазичност во Скопје или да ги дадеме во мнозинство на етничките заедници Струга и Кичево.

Почитувани дами и господа, дали тоа кореспондира со јавноста и некоја современа принципиелна политика која што би требало да ја води сегашната Влада и парламентарното мнозинсто. Дали е во ред и тоа е отворено кажано да се прават такви

непринципиелни пазарења или Скопје, или Струга и Кичево. Дали некој размислува дека сериозно ги повредува чуствата на националниот идентитет и на македонскиот народ, меѓутоа ги повредува чуствата и на албанците во Република Македонија , бидејќи тие се ставени како предмет на поткусурување и пазарење од нивните политички претставници, бидејќи нивните политички претставници воопшто не го штитат нивниот интерес.

Од тие причини, почитувани дами и господа, сметам дека дојде крајно време да се употребуваат и други демократски средства кои што стојат на располагање, тоа се повторно актуелизирање на институцијата референдум и се надевам дека граѓаните на Република Македонија ќе успеат да го испратат сигналот и до Владата и до парламентарното мнозинство, дека тие не работат во правецот на нивните интереси.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам. Господине Кедев точно 10 минути, како дазнаевте.

Повелете, господине Острени, 3 минути реплика.

ГЗИМ ОСТРЕНИ:

Ви благодарам господине претседател, сакав само кратко господине Кедев да ви реплицирам. Се согласувам со вас господине Кедев дека двојазичноста е многу скапа работа и доколку зборуваме и се служиме сите со еден јазик, ќе беше многу поедноставно и поефтино. Мислам дека вие велите, дека е поефтино сите да јадеме од еден тањир кога ќе седнеме на маса. Јас се согласувам со ова, но не е добро за здравјето. Мислам дека можеме да констатираме дека демократијата е скапа господине Кедев. Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута господине Кедев.

САШКО КЕДЕВ:

Благодарам,

Почитуван господине Острени, точно е дека двојазичноста е скапа, меѓутоа оваа двојазичност на начинот на кој што сакате да ја постигнете во Република Македонија е прескапа за граѓаните на Република Македонија.

Едно потсетување, досега во општина Центар двојазичноста не беше спорна и беше практицирана. Албанците беа застапени повеќе од 20% и општина Центар функционираше како двојазична и дали вие досега слушнавте некој да се противи на двојазичноста. Во општина Чаир исто така има двојазичност. Во општина Гази Баба иако алабанците беа под 20% и се под 20% поради подобрување на довербата, поради подобрување на меѓуетничките односи претседавачот беше Албанец и беше направен компромис иако не беа албанците 20% во интерес на довербата се овозможи двојазичност.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Кедев.

Повелете,господине Хусеини Хусеинцеват, имате три минути реплика.

ХУСЕИНИ ХУСЕИНИЦЕВАТ:

Само кратко господине Кедев. Незнам какви се тие гафови, или што, вие бевете против основање на Тетовскиот универзитет, сте против двојазичноста, а вие ги браните и штитите интересите на албанскиот народ. Што зборувате господине.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете,господине Кедев една минута.

САШКО КЕДЕВ:

Благодарам мислам дека, почитуван господине Хусеин да стапите во контакт со младите албанци и да им објасните што добија со Тетовскиот универзитет. Дали добија квалитетно високо образование, или беа изманипулирани од страна на Вашата партија да работат за Вашите партиски интереси. Вие ги отстранавте младите албанци од Универзитетот Св. Кирил и Методиј, веќе нема таму студенти на правниот и економскиот факултет. Вие ги гетоизирате младите албанци без да им кажете отворено дека работите против нивните интереси. Исто и со двојазичноста објаснете им на младите невработени албанци, колку од нив нема да се вработат токму поради зголемниот трошок на двојазичност кој што треба административно да го плаќаат тие, почитуван господине Хусеин.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине, Рамадани три минути реплика,

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Благодара,господине претседателе, нема да ги искориста трите минути бидејќи ќе направам осврт на еден дел на дискусијата на господинот Кедев. На прашањето на еден начин што ни го постави дали сме им објасниле на граѓаните албанци колку чини двојазичноста во однос на градот Скопје, нека биде убеден и многу убеден дека сме им го објасниле на многу добар начин, и, верувајте ни многу се израдуваа, во однос на двојазичноста дека и албанскиот јазик ќе биде втор службен јазик во Скопје. Би сакал и тие што ги презентира, застапува господине Кедев на еден начин на оваа веселба и сето ова претвори во една хармонија, а во однос колку чини сакам да го потсетам господинот Кедев, Охридскиот рамковен договор за Македонија, Меѓународната заедница ја чини 500 милиони евра. И, во тие 500 милиони евра кој ќе дојдат така како што ќе остварува Рамковниот договор и ќе влезат овие пари во Македонија, се ова зависи од нашиот однос зависи што колку оствaруваме од овој Договор.

Така да доколку чекорите со јазична меѓусебна толеранција и со друга толеранција и со демократска изградба на оваа држава без позадини без да градиме ставови според задни цели, бидете убедени дека ќе има пари не само за двојазичноста ќе има пари за повеќе јазици, да се користат, да се употребуваат. Споредбата можеби не е во ред, но Европската унија со 25 држави ќе потроши во текот на една година околу 1 милијарда евра за преводите на сите јазици на тие држави почитувајќи го идентитетот врз основа на јазикот, а ова чини. Но, има уште нешто подобро од тоа што значи пари. Значи, толеранцијата и заемното разбирање од јазичен аспект, културен аспект итн. Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Зборот да бидете пократки од три минути го одржавте точно за 15 секудни. Јас мислев дека тоа ќе биде повеќе.

Повелете господине Кедев, имате една минута.

САШКО КЕДЕВ:

Почитуван господине Рамадани. Секогаш би требало кога го анализираме од проблемите да ги анализираме реакциите од сите страни. Со овој Предлог-Закон се повредуваат националните чустава на мнозинството во Република Македонија, бидејќи мнозинството нема против двојазичност на принципите на кој што е договорен принципот на двојазичност од20%, меѓутоа како ќе им објасните на мнозинството во метрополата каде што припадниците на етничката заедница се околу 15%, двојазичност се постигнува со припојување на мали сеслки општини што граничат поблиску до Тетово отколку до Скопје.

И, уште еднаш, добро рековте дека и Европската унија е загрижена, за принципите на повеќејазичност и на административните трошоци. Ако Европа е загрижена на кој начин ќе ги покрива трошоците, тогаш ние треба да бидеме уште посериозни.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Кедев.

Повелете господине Вејсели, три минути.

АБДУЛАИ ВЕЈСЕЛИ:

Ви благодарам, јас се јавив за реплика, а потоа како да не сакав, но последната реплика на господинот Кедев ме примора да реплицирам. Зборува дека двојазичноста во Скопје ги допира чуствата на македонскиот народ или пак мнозинскиот народ во Република Македонија, да токму тоа е ваша задача господине Кедев, да одите да ги убедите македонците или пак активистите и сипатизерите на Вашата партија дека двојазичноста во Скопје не е пречка и не е штетна за граѓаните на Република Македонија затоа што доколку албанците добијат употреба на албанскиот јазик во Скопје не значи дека е на штета на употреба на македонскиот јазик во Скопје,. туку напротив сега граѓаните од Сарај и Кондово се чуствуваат како граѓани рамноправни во Република Македонија бидејќи навистина паметат, дали знаете по независнота на Македонија во Владата на господинот Кљусев и другите министри за отварање на една паралелка на албански јазик требаше да се моли три месеци.

Второ, помина времето кога се собравте пред Парламентот и бевте против употребата на албанскиот јазик на универзитетско образование, а ова го потврдивте со формирање на Педагошки факултет. Вие знаете дека бевте на албанскиот јазик во Македонија и голем број на проекти кои не сакам да ги спомнам. Мислам дека вие сте академски човек, вие не треба да зборувате од говорницата вака, туку да одите кај народот, кај симпатизерите и активистите дека употребата на јазикот не ги доведува во опасност македонците и Македонија, туку напротив ја засилува мултиетничката држава на Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута господине Кедев.

САШКО КЕДЕВ:

Благодарам

Почитуван господине Вејсели, двојазичноста беше присутна во Скопје, уште еднаш ќе повторам во општина Центар, во Чаир, во Гази Баба, значи македонците и скопјани не биле против двојазичност, ако тоа е принципиелно, законски и уставно спроведено. Меѓутоа начинот на кој што од 15% се зголемува застапеноста на етничките заедници над 20% и над 25%, е во најмала рака непримерно, недостојна и ги повредува националните чуства на мнозинството на Република Македонија.

Начинот на кој што се постигнува е понижувачки а не самата двојазичност. Во однос на вашиот апел да им објасниме на граѓаните колку ќе добијат и ќе се демократизираат со оваа двојазичност постигната на овој начин, јас би апелирал, тие апели да им ги упатите на коалиционите партии во Владата на Република Македонија и тие да им објаснат на граѓаните на Скопје.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повлете, господине Аднан Ќахил, имате збор.

АДНАН ЌАХИЛ:

Благодарам господине претседателе, почитувани пратеници, почитуван министре,

Имаме амандман за Сарај, јас во врска со ова ќе го кажам мојот став, само да напоменат, една паралела, дека цело време зборувате за толеранција, разбирање,

мултиетничност и граѓанско општество врз овие принципи, а досега и во дискусиите во општата расправа и по амандмани во другите општини апсалутно и по решенија такво нешто јас досега не видов.

Се споредува и зборува за Европа за мали и големи заедници кои имаат права и обврски во однос на јазикот и сите тие работи и што со право...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Зборувајте за амандманот а на општата расправа можете тоа да го кажете. Така се договоривме, за тоа имавме расправа во текстот и тогаш имате за тоа право да зборите.

АДНАН ЌАХИЛ:

Благодарам.

Имате право, ќе има општа расправа, тоа е и правото на мнозинството, што би се рекло силата, тоа се.

Во врска со амандманот ќе ви го кажам следново, а претходно ќе ви го кажам мојот став, ако сакаше да се има мултиетничност, ако сакаше за сите заедници да се направи ист третман, впрочем, требаше да се има сенс, осет дека и во Скопје, како што кажав и претходниот пат, во општина Студеничари каде што има поголем број Турци, каде што живеат поголем број Турци, требаше во рамките на Град Скопје да се стават сите овие општини кои на некој начин гравитираат кон Скопје и за да се запази таа мултиетничност.

Очигледно само со ставање на определени општини како што се Сарај и Кондово, а не ставање на другите општини, можеби не се имала во предвид таа толеранција и мултиетничност и разбирање, очигледно доаѓа до втор план.

Лично јас немам никакви проблеми во врска со двојазичноста, зборувањето и воведувањето на албанскиот јазик, дури сум полиберален во тој правец и мислам дека не би требало да има проценти, можеби и во минатото би требало тоа да се примени, без разлика дали се рабори за 16, 17 или 10% ако е тоа договор, ако е тоа за добро на Република Македонија, за стабилноста на Република Македонија и на град Скопје, тоа требало одамна да се примени, а не сега врз основа на некои, да не кажам пазарења и политички договори, велам пазарења, бидејќи не се согледани сите аспекти на

мултиконфесионалност и мултикултурност и да се направи вака. Секогаш ќе бидам за, за добрите решенија кои водат во овој правец, мислам дека двојазичноста е добро решение, но начинот на кој се прави тоа, мислам дека води кон погрешни правци, затоа што едноставно и во Скопје, и со тоа ќе завршам, за да кажам во мојата општа расправа, и во Скопје се отсликува онаа ситуација која што е во цела Македонија, не се има осет за другите заедници, нивните потреби, нивните можности за вклучување во мултикултурен живот, мултинационален живот, со тоа што сето тоа се прави и сетоа тоа е направено зашто другите заедници, турската заедница се далеку испод тие фамозни 20%, пак ќе речам фамозни, бидејќи очигледно дека се, ама апсолутно се во Република Македонија отсега па натаму ќе се врти околу процентите.

Мислам дека, можеби ќе бидам досаден, што зборувам во тој аспект дека во таа Европа за која ние се залагаме процентите не играат многу важна улога, и не би требало да играат важна улога.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Михајло Георгиевски.

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници и членови на Владата, јас овој амандман ќе го поддржам поради неколку причини.

Прво, се што е неприродно, неприродно и ќе заврши. Јас во Скопје сум веќе околу 50 години. Јас го знам Скопје од пред 50 години, тоа беше од Автокоманта до општина Центра, т.е. до Идадија. Натаму беше празен простор. И требаше да помине долго време за да се пополни тој простор, т.е. да стане град како што е денес. Во 1963 година после земјотресот дојде до едно неприродно зголемување на градот со тоа што Скопје стана отворен град и дојдоа многу луѓе како од македонската внатрешност, така голем број од Косово и од Јужна Србија. Така што дојде до спојување на некој начин со Ѓорче Петров и уште во тоа време беше малку оддалечен од градот Скопје. И се разбира тука веднаш доаѓа и Спортско рекреативниот центар Сарај и во близина Кондово. Така што дојде по

еден природен пат до зголемување на Скопје до Сарај и до Кондово. Но, сега со ова новото сега што се прекројува, што се прави, ќе дојдеме до една неприродна спојка. Неприродното што е? Природно е до Сарај каде што еве, се протега, претставува некаква целина, претставува некаква урбана целина, но од Сарај и од Кондово се натаму до Јегуновце, до Сува Гора, до тие планини, тие големи рурални средини, тоа веќе е неприродно. Неприродно Скопје станува еден од најголемите градови по територија, по простор во Европа. Тоа е некаде простор околу 60 км. што не може градски да заживее. Најмалку 100 години треба за да заживее еден град градски. А ова сега со прекројување, уште 1/3, тоа може да трае повеќе од 150 години не може да заживее Скопје градски. Но сега зошто е тоа така направено неприродно. Направено е неприродно поради една единствена причина, Скопје да биде двојазично. Скопје ќе бидеше двојазично ако тоа дојдеше по природен пат. Но вака на вештачки, по присилен пат мислам дека засега ќе биде штетно. Прво, еве, се предизвикува револт, се предизвикува негодување, доаѓа до различни незадоволства бидејќи е неприродно. А природно си е општина Центар, општина Чаир што се двојазични, па ниту некој нешто зборува дека нешто е лошо, бидејќи си дошло по еден легален природен пат. Со ова што се спојува, се прави цело Скопје двојазично мислам дека прво ќе дојде до незадоволство и второ, до непредвидени многу брзи економски издатоци што ќе ги доживееме некако, но сето тоа ќе оди на товар на граѓаните како на албанските така и на македонските граѓани што живеат тука во Скопје и околината. Затоа кога се прави една работа треба да се ценат прво и последиците од неа. Ќе има и добри страни, еве некои ќе бидат задоволни што Скопје ќе биде двојазично, но од друга страна ако се гледа другата страна незадоволството мислам дека во моментот ќе биде поголемо, отколку задоволството, т.е. повеќе граѓани ќе бидат незадовони отколку граѓаните кои што ќе бидат задоволни. Затоа предлагам уште еднаш да се размисли дали не е добро Скопје да се прошири до Сарај, тој центар Сарај што го знаеме сите и Кондово како центар каде што има медреса, голем муслимански центар да биде во Скопје, нека биде и така, можеби и за тоа се предлага да биде Кондово, но јас не навлегувам во тоа и добро е тоа нека биде така. Но, од Кондово до Јегуновце тие 30-тина села, тие мислам дека треба да си останат надвор од Скопје да

се приклучат кон тие рурални општини и да си ги решаваат проблемите рурални што се наоѓаат во тие околини, а Скопје да си остане како центар културен, економски, политички и едноставно центар на Република Македонија, главен град на Република Македонија во кое што, каде што која општина ќе си дојде до зголемување на албанското население, да си дојде до двојазичност, но по природен пат, а не како што е направено ова по неприроден пат.

Уште еднаш упатувам апел до министерот и другите релевантни фактори да размислат и сите овде што ќе гласаме уште еднаш да се подразмисли дали е добро ова што го правиме сега. Се што е неприродно, неприродно ќе заврши. Затоа да размислиме и да го поддржиме овој амандман.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави господинот Абдулади Вејсели.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Јас би го прашал господинот Георгиевски по теоретски пат да ми елаборира што е тоа природно и што е тоа неприродно?

Второ, Сарај и Кондово, Арачиново и Студеничани до 1996 година беа дел од Скопје. Не знам што е поприродно од ова?

Итрета работа што сакам да ја кажам, јас мислам дека е редно сега, досега се градеше Водно и Аеродром, а отсега треба да се гради Сарај и Кондово со паркови, зеленила, базени и тн. А ние сме држава, ние ќе собереме пари, имаме буџет дека граѓаните го полнат тој буџет, да потрошиме малку пари не само за овој дел од Скопје, туку и за тој дел и тие граѓани да се чувствуваат дека се рамноправни во сите сфери на животот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Георгиевски една минута.

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Мислам дека пратеник како Вејсели што е неколку мандата пратеник, мислам дека тој знае што е природен и неприроден пат. Природен пат е еволутивен пат, а неприроден е насилнички пат. Овој пат зборуваме, станува насилнички пат. А инаку која

како средина се развивала, таа се развивала според тоа какви биле плановите и економската моќ на граѓаните во тоа време, на Скопје и воопшто на државата. Некои се повеќе развиени, некои понеразвиени. Но треба сите да се развијат колку што е можноста на државата и на општината.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Острени имате три минути реплика.

ГЗИМ ОСТРЕНИ:

Ви благодарам господине претседател. Сакам да реплицирам многу кратко, сакам да го спомнам следново. Ќе биде правилно дискусијата да се развиеше не само на нас тука на Сарај и Кондово зошто тие се припојуваат кон градот Скопје, но тогаш треба да се говори и околу селата кои гравитираат во неколку скопски општини, а кои ги исклучуваат овие села. На пример, во Гази Баба ние имаме Хасанбег, Брњанци, Стајковци, Раштак, Црешево, Булачани, Смилковци, Страчинци, Трубарево, Јурумлери, Идризово, со една забелешка дека сите овие села со една далечина од 25 до 45 км. од градот Скопје. И тие од Бутел како Радишани, Љубанци и Љуботен. Би прифатил една ваква дискусија, или да ги отстраниме сите од Скопје, значи сите да ги иземеме од Скопје, или ќе бидеме правични и да го воспоставиме така како што е предложено. Јас мислам дека предлогот е правилен се додека не се говори за иземањето на сите овие села, тогаш нема причини да се говори само за Сарај и Кондово.

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Ова прашање не е за мене, ова прашање е за министерот и тој треба да одговори зошто тие села таму се вклучени.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманите.

Објавувам пауза до 15,00 часот.

По паузата седницата продолжи во 15,10 часот.

Ги молам пратениците да влезат во салата бидејќи треба да пристапиме кон гласање.

Констатирам дека амандманот на член 7, поднесен од пратеникот Лилјана Поповска е повлечен.

Исто така, амандманот на член 8 за бришење на став 7, поднесен од пратеникот Лилјана Поповска е повлечен.

За следните амандмани треба да гласаме и ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

10-те минути течат, ве млам обезбедете кворум.

Ги молам службите уште еднаш да го утврдат точниот број на присутни пратеници.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Амандманот на член 7, поднесен од пратениците Љупчо Балковски, Силвана Бонева, Никола Груевски, Михајло Георгиевски, Жарко Караџоски, Сашко Кедев, Марија Којзеклиска, Ефтим Манев, Ѓорѓи Оровчанец, Ѓорге Паљошковски, Ристо Пејоски, Ганка Самоиловска Цветанова, Илија Србиновски, Коце Трајановски, Ѓорѓи Трендафилов, Слободан Чашуле, Драго Шајноски и Ристана Лалчевска го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 1 за амандманот, нема воздржани, 60 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандманот на член 8 за бришење на став 7, поднесен од пратениците Љупчо Балковски, Силвана Бонева, Никола Груевски, Михајло Георгиевски, Жарко Караџоски, Сашко Кедев, Марија Којзеклиска, Ефтим Манев, Ѓорѓи Оровчанец, Ѓорге Паљошковски, Ристо Пејоски, Ганка Самоиловска Цветанова, Илија Србиновски, Коце Трајановски, Ѓорѓи Трендафилов, Слободан Чашуле, Драго Шајноски и Ристана Лалчевска го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 1 гласал за амандманот, нема воздржани, 60 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 7, поднесен од пратениците Исмет Рамадани и Абдулади Вејсели.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

АЛЕКСАНДАР ГШТАКОВСКИ:

Господине претседателе, согласно амандманот за територијална организација градот Скопје е организиран во 10 општини. Од тие причини бидејќи со овој закон за градот Скопје се утврдуваат границите на подрачјата, почитуваните пратеници предлагаат со нивниот амандман општините Арачиново и Студеничани да влезат во описот на подрачјата на градот Скопје. Бидејќи тоа прашање е уредено со Законот за територијална организација кој овој Парламент го усвои, амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, нема за, нема воздржани, 65 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 за додавање нов став 2 по став 1 и за додавање нов став 8 по став 7, поднесен од пратениците Исмет Рамадани и Абдулади Вејсели.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеника, 2 гласале за амандманот, нема воздржани, 64 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 за менување на став 8, поднесен од пратеникот Лилјана Поповска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Има збор госпоѓа Лилјана Поповска.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Почитуван претседателе, почитувани колеги и почтуван господине министре, со предложениот амандман се обидувам да ја спојам повторно старата скопска чаршија која што со текстот на законот се дели помеѓу две општини, помеѓу општина Центар и општина Чаир. Сметам дека треба да се обезбеди интегрираноста на Старата скопска чаршија која претставува старо јадро и на Скопје и негов центар се до почетокот на 20-от век. Со амандманот се предлага разграничувањето да оди по границите на заштитеното јадро, при што целовитиот споменик на културата би останал во општина Центар каде што логички и припаѓа, додека. Битпазар, Театарот на народностите, Алаџи џамија како и дел од објектите за живеење и околу нив би останал во општина Чаир како што е предложено во законот. Аргументите за ова се следниве. Прво чаршијата така функционирала низ вековите како економско и културно јадро на градот. Второ, со Деталниот урбанистички план за Старата скопска чаршија од 2000 година како значаен споменик на културата комплексот се протега во точно дефинираните граници кои што и јас ги предлагам со вој амандман. Трето, според информацијата од Министерството за култура прифатено на седницата на Владата во март 2004 година предвидено е да се направат повеќе активности, предвидено е формирање координативен одбор за Старата скопска чаршија кој ќе работи до донесувањето на законот и тој одбор е формиран и тој функционира. Понатаму, предвидено е донесување на програма за ревитализација на Старата скопска чаршија, во тие рамки е веќе донесена Нацрт-програма и предвидено е

донесување на закон за Старата скопска чаршија на кое што веќе на големо се работи. И како последен аргумент во тек се конкретни активности меѓу кои е и проект за обнова на фасадите во соработка на Министерството за култура со градот Скопје и со Градскиот завод за заштита на спомениците. Во тек е исто така и реализација на неколку донации од меѓународни институции. Сметам дека предложената поделба на Чаршијата помеѓу две општини ќе ги попречи сите  активности и сериозно ќе ја искомпликува нејзината целовитост и нејзиното понатамошно  менаџирање и функционирање кое што би требало да оди по примерот на некои други стари јадра во светот што е познат пример.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Аднан Ќахил имате збор.

АДНАН ЌАХИЛ:

Благодарам претседателе,

Почитувани пратеници, имаме амандман кој што се однесува за градот Скопје, поточно за Старата Скопска Чаршија. Веднаш да кажам дека овој амандман ќе го прифатам, иако и овој амандман е изнудено решение, далеку од она реалното што би требало да биде, да си остане старата чаршија како што беше до сега во општина Центар. Индикациите и комуникацијата со луѓето од чаршијата зборуваат - впрочем таму сум роден, таму живеам и можам да кажам дека предлогот од Владата во однос на старата чаршија е даден без да се направат анализи, економски, историски, етнолошки и др. и таа е префрлена во општина Чаир без никакво согледување.

Тука се вели дека треба да се спои улица “Дрварска” и “Ковачка”, а тоа се две улици кои кореспондираат и секогаш биле во чаршија. Со овој предлог што сега се дава едноставно дел од таа улица оди во општина Чаир, а треба да остане во општина Центар. Како што истакна пратеничката, старата чаршија поради историски и други квалификативи би требало да биде една целина, поради економскаа целина да се најде начин да не се разграничи на начинот на кој што се предлага. Предлагачот водејќи се од други принципи, сите други принципи на кои се повикуваше досега, анализи, историски елементи, економски елементи и да не набројувам други, очигледно дека во

корегирањето на границите во однос на општините Центар и Чаир тие елементи воопшто не се земени предвид. Да не зборувам за другите елементи и кога ќе се отвори општ претрес ќе зборувам за нив. Меѓутоа, факт е дека Старата Скопска Чаршија, ако ништо друго заслужува да биде еддна целина. Предлагачот требаше да има повеќе сенс во однос на Старата Чаршија, ако неможеше да се направи добро разграничување на општините Чаир и Центар во делот на Старата Чаршија требаше на некој начин да се излоира, да се издвои заради историските, културните и други елементи. Таквите објекти и во европски и светски размери имаат друг третман. Во оваа ситуација тој третман е пренабрегнат и мислам дека сите факти и фактори не се земени предвид, направена е една визи секција на Старата Чаршија, приклучувајќи дел кон Чаир а дел кон Центар. Мислам дека тоа не е добро, нема да вроди плод ако остане во вакви рамки за ревитализација на Чаршијата, нема да вроди плод да се врати стариот сјај на општината како историски елемент, културен, туристички елемент на градот Скопје и поширокот и згора на тоа сведоци сме во изминатиот период, особено за Камениот мост, кога стариот мост беше затворен колку Чаршијата изгуби во својот елемент. Ако на овој начин се направи тоа, и се продолжи на овој начин да се резонира во однос на Старата Скопска Чаршија, сметам дека економските и другите загуби ќе бидат уште поголеми. За да се спаси нешто што може да се спаси во однос на Чаршијата, мислам дека е добро да се прифати овој предлог. Во тој случај ќе имаме една ситуација каде е можна ревитализацијата на Старата Чаршија, да се врати стариот сјај на Старата Чаршија. Впрочем, како што напомена пратеничката има Одбор за спас на Чаршијата составен од релевантните чинители во Републиката кои се заинтересирани за ова и на овој начин ќе се покаже желба и волја од страна на сите, па и на предлагачот, барем во овој дел за момент да се заборават политичките договарања, на момент да се заборават сите елементи, да се усредсредиме на она што ни е заедничко во историска смисла, заедничко во економска смисла и заедничко во иднина, како што често пати знаеме да напоменеме, за доборот исто така, во економска смисла за сите граѓани во Република Македонија. Да не биде само политички договор, да не биде само една одлука, зашто

многу граѓани, чаршиски луѓе, занаетчии и на изумрени занаети ќе патат зата што брзоплето се донесени вакви одлуки.

Заради тоа, сметам дека овој предлог треба да се поддржи и јас овој предлог ќе го поддржам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете, г-ѓо Митева.

ЕЛЕОНОРА ПЕТРОВА-МИТЕВСКА:

Уште на првата фаза на законот зборувавме за Старата Скопска Чаршија, бидејќи познато е дека во сите големи европски градови, во сите европски земји старите градски јадра претставуваат една неделива целина, зашто функционираат како културно наследство на Градот, односно културно наследство на дадениот микро простор.

Меѓутоа, уште тоагаш, во разговорите со министерот за локална самоуправа, во првата фаза, дојдовме до заклучок дека донесувањето на законот за Старата Скопска Чаршија, формирањето на Координативниот одбор за Старата Скопска Чаршија, донесувањето на Програма за ревитализација на Старата Скопска Чаршија, ќе можат да функционираат како едно врзувачко ткиво кое што целата Скопска Чаршија ќе ја задржат во постојната сегашна нејзина прво рамка, а второ, и функција, бидејќи навистина претставува опасност дека различните аспекти на гледање на решавање на проблемот со различни градоначалници може да доведе до тоа различен третман на Скопската Чаршија. Меѓутоа, сепак сметам дека овие сите предвидени закони и координативни одбори, потоа Програма, нема да ги попречат целите и активностите и очекувам дека министарот за локална самоуправа ќе ме увери во тоа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Има збор министаарот за локална самоуправа.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Не знам што да ве уверам. Во претходната дискусија по Предлогот за донесување на закон кажавме и во овј дел и по самиот амандман на почитуваната пратеничка Поповска укажуваме, Владата Старата Скопска Чаршијаќе ја заштити под нејзина капа,

или ќе биде под заштита директно на државата со закон, што значи ќе има државно значење и сите напори кои ги презема Владата, кои ги кажа пратеничката Поповска со Координативното тело, со делот на преземање на активностите сакам да и го врати стариот сјај и она место што и припаѓа на Старата Скопска Чаршија кое последниве десет години го губи, да заживее и да биде презентирана. Значи градот Скопје до сега има одредени надлежности на ниво на градот, тие ќе бидат целосно регулирани со закон, ќе биде во интерес на државата и сите мерки и дејствија врз основа на историското и културното наследство, врз основа на автентичиот дел на Старата Скопска Чаршија ќе бидат регулирани со закон, што значи со највисока подзаштита на државата. Сметам дека тоа е правото решение Старата Скопска Чаршија не е ни на Центар ни на Чаир, ни на Скопје, таа е на Република Македонија и сите кои сакаат да уживаат, а особено би сакал да укажам дека Владата презема напори да заживее и сите граѓани, особено старите занаети да заживеат, а луѓето кои се заинтересирани и кои се изјаснуваа, кои беа консултирани го бараат тоа од државата и државата тоа истото ќе им го пружи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресто по амандамнот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 69 пратеници, 12 пратеници гласале за амандманот, нема воздржани и 57 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 за менување на став 9 поднесен од пратеникот Исмет Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за локална самоуправа.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, нема за, нема воздржани, 66 пратеници гласала против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 10 став 1 точка 4 алинеја 2, поднесен од пратеникот Исмет Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за локална самоуправа.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.Овој амандман се однесува на регулирање на надлежностите меѓу градот Скопје и општините во градот Скопје.

Би сакал да укажам на овој амандман и на наредните амандамни кои се однесуваат на делот на регулирање на надлежностите кои се во интерес на сите граѓани на градот Скопје и на интересите од локално значење на општините, целосно се усогласени со градот, со градоначалниците од градот и со другите закони претстаавуваат едно целосно координирано дејстваување и од тие причини амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, нема за, нема воздржани, 63 пратеници гласала против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 10 став 1 за бришење на точка 6, поднесен од пратеникот Исмет Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за локална самоуправа.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Почитувам претседателе со овој амандман пратеникот Исмет Рамадани интервенира во делот на надлежностите и со овој амандамн му предлага на Парламентот надлежностите на средните училишта од градот Скопје да преминат на општините. Бидејќи тој дел е усогласен согласно Законот за средно образование, дел од надлежностите интересите на граѓаните во Скопје за остварување на правото на средно образование, овој амандман не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 1 пратеник гласал за, нема воздржани, 63 пратеници гласала против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 10 став 2 поднесен од пратеникот Лилјана Поповска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за локална самоуправа.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Господине претседтеле, почитуваната пратеничка Лилјана Поповска предлага рокот за давање на позитивно мислење за деталните урбанистички планови од 30 дена да се зголеми на 90 дена.

Сакам да укажам дека во предлогот за донесување на закон една од најважите облсти која се трансферира и пренесува од центално на локално ниво, особено во градот Скопје, во делот на урбанизам беше предлог деталните урбанистички планови да ги донесува градот.

Врз основа на расправата во овој Парламент и констултацијата со стручни лица во овој Предлог-закон е предложено деталните урбанистички планови да ги донесуваат општините, но за остварување на целовитоста и генералиот урбанистички план позитивно мислење да дава Советот на градот Скопје. Рокот од 30 дена е усогласен меѓу градот и општините и е еден оптимален рок, кој произлегува и од обврските за остварување на правата на граѓаните, согласно Законот за локалната самоуправа и согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, каде целосно е регулиран начинот и постапката за давање позитивно мислење како би можеле да имаат правна сила, деталните урбанистички планови.

Сметаме дека рокот од 30 дена е оптимален и амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Повелете гопоѓо Поповска.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Почитуван претседателе, почитуван господине министер, почитувани колеги пратеници,

Амандманот го предложив од причина што сметав дека е потребно да се даде разумен рок од 90 дена за давање мислење по Предлогот на деталните урбанистички планови, урбанистичките проекти, урбанистичките планови за населените места. Предложениот рок од 30 дена сметам дека е многу кус за да се изгради квалитетно мислење по урбанистичките предлози. Ова го засновам на своето скромно искуство како советник во Советот на град Скопје и во Советот на градот и во канцеларијата на градоначалникот, каде што имав прилика да се запознам со самите процедури. Мислам дека за 30 дена навистина тешко може да се изгради квалитетно мислење, посебно кога се работи за детални урбанистички планови кои се сепак една покомплицирана

документација. Ова е моето размислување, мојата аргументација и мене ми е навистина жал зошто овој предлог не беше прифатен од прадлагачот, но јас останувам на него.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете, господине Гештаковски, имате збор.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Госпоѓо Поповска, јас ви верувам на вашето искуство, кога работевте во канцеларијата на градоначалникот. Нормално, градоначалниците на општините во Скопје бараат што покус временски период за донесените детални планови од нивна стана да го добијат позитивното мислење од градот. Овој предлог на закон беше во канцеларијата на градоначалникот, извршени се консултации со градначалникот на град Скопје, со неговите стручни служби и тие го прифатија овој рок и од тие причини ние го прифативме. Јас морам да му верувам на тоа усогласување со стручните служби. Сигурно повеќе, поефективно работат сега службите или идниот градоначалник мисли да работи поефективно во интерес на граѓаните.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве  повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, 8 пратеници гласале за, 1 гласал воздржано, 58 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 15 став 1 точка 4 за додавање нова алинеја 2 по алинеја 1, поднесен од пратеникот Исмет Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за локална самоуправа.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Господине претседателе, амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве  повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 4 гласале за, нема воздржани, 60 пратеници гласала против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

И последен амандман.

Отворам претрес по амандманот на член 15 став 1 точка 6 алинеја 1, поднесен од пратеникот Исмет Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за локална самоуправа.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Господине претседателе, и со овој амандман, пратеникот Исмет Рамадани го одделил, односно целосно го регулира неговото барање надлежноста за средното образовние да премини во општините. Бидејќи Парламентот се изјасни претходно, и ставот на Владата е јасен, согласно Законот за средно образование, средното образование во градот Скопје,  треба да биде во надлежност на градот. Од тие причини овој амандман не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве  повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 2 гласале за амандманот, нема воздржани, 62 пратеници гласала против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ве молам кој бара збор?

Процедурално, повелете господине Жерновски.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Почитувам преседтеле, во интерес на расправата за точката на дневен ред која што сега ја разлгедуваме би сакал врз основа на Деловникот за работа на Парламентот, член 64 став 4, да побарам продолжување на работата после 17,00 часот и барам поддршка од 10 пратеника и тој предлог да го ставите на изјаснување.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, имаме зедничка усогласеност и позиција и опозиција околу предлогот.

Предлогот на господинот Жерновски, да се работи после 17,00 часот, го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 65 пратеници,61 за, 1 возджано и 3 против.

Констатирам дека предлогот да се работи после 17,00 часот е усвоен.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Аднан Ќахил имате збор?

АДНАН ЌАХИЛ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван министре,

Надевајќи се дека нема да ме прекинувате ќе искористам максимално кратко да кажам неколку збора правејќи рекапитулар во однос на она што изминатите денови зборувавме како прво општо за територијалната поделба, а како круна на сето ова работа зборуваме за територијалната поделба на град Скопје.

Би сакал да укажам на следните факти.

Апсолутно се пресликува и во територијалната поделба на градот Скопје во однос на она што се правеше со територијалната поделба на Република Македонија. Истите

критериуми се користат и можам кратко да кажам дека има критериуми, да остане на критериуми.

Кога зборувавме за другите општини, зборувавме за некои критериуми кои би требало да ги има и кои се користат и се пресликани или преземени од одделни модерни европски држави, модерни европски цнетри, за да веднаш ги свртиме на страна и аргументите се ставаат зошто таа општина опстојува, зошто оваа општина не опстојува и зошто на овој начин е направена територијалната поделба итн. Но за тоа нема да должам, но ќе се обидам да кажам неколку работи за градот Скопје.

Градот Скопје е направен како што е направен, поделен на 10 општини. Јас и во претходната дискусија кажав зошто не и другите општини да не бидат во Градот Скопје. На крајот на краиштата ако е тоа некоја одлука, политичка одлука можеле и тие општини да се стават. Имаше модуси, можеа да се стават примери дадов јас, на пример зошто не Студеничани, Сарај да итн.

Но, она што е направено без никаква анализа, без никако преглед, без осет, сенс за она што се вика Градско јадро, за она кога се правеа плановите на Град Скопје, можеби г-динот Ристо Пенов кој не е присутен да го повикавме ќе можеше најдобро на стручен начин да каже дека уште 1964 година со конкурс, и на предлог на Кензо Танге јадрото на Град Скопје е затворено. Во тој случај имаме ситуација каде што би требало градксите општини да се развиваат многу повеќе градот, државата да вложуваат во тие општини, за да бидат на некој начин мини градови, а не да се прави вештачки, јадрото да се прекројува сеј со цел едни општини да бидат поголеми, други помали, да бидат двојазични итн.

Јас ќе повторам, ако беше основа двојазично Скопје, немаше потреба од проценти. Ако требаше да бидат општините двојазични исто така нема потреба од тоа. Требало да се воведе, без да се направат овие резови, овие поделби, односно да се направи така, така нека тера. Мислам дека тоа е многу подобро и многу поцелисходно решение и за Скопје и за Македонија.

Она што е направено со правењето на општина Центар, прекројување на општина центар и на Чаир со зголемување на територијата на Чаир едноставно не кореспондира

со јавноста, не кореспондира со она што е нормална ситуација, бидејќи јас лично сум роден во таа општина центар, во таа стара чаршија, моите, историски гледано над 200 години се во таа општина и тоа од историска општина Кале, што едно време се експлоатираше во медиумите. Сега што се случува?

Општината центар неприродно од автобуската станица е општина центар, па понаваму старата Чаршија со сите свои локации е општина Чаир, и она што би требало да се олесни на занаетчиите, на тие што работат за да комуникацијата со локалната самоуправа им биде поблиску имаат подалечен центар за комуникација со седиштето на локалната самоуправа. Тоа е размислување на сите чинители во старата Чаршија и во околината, без разлика на која етничка заедница припаѓа.

Ова е направено така вештачки, да не се согледува, а мислам дека ќе има далекусежни негативни консеквенции за понатамошна децентрализација и понатамошно локално живеење во тие општини. Мислам дека апсолутно некореспондира ниту ќе кореспондира со реалноста.

Требаше да се има поголем сенс и осет кога се правеа тие граници и требаше да се има поголемо разбирање за потребите на граѓаните, требаше да се има поголемо разбирање за она што се вика градско јадро - Старата чаршија, требаше да се има поголем осет за тоа што добиваат, што губат и така изгубените стари изумрени занаети. Веќе две години и повеќе се поправа камениот мост, а немањето на комуникација со центарот на градот преку камениот мост, доведе до економски колапс на старата чаршија. Апсолутн старата чаршија изумира од тој аспект. Јас би препорачал г-да пратеници повеќе да го минете времето во старата Чаршија консултирајќи ги тие луѓе што работат, што економски се зависни од тие дуќани, а и пошироко, а не само да елаборираме, да изнесуваме тези дека во иднина ќе биде подобро.

Изумирањето на чаршијата почна многу одамна.,уште од 1980-тите години, кога почна а се полализираат односите во Република Македонија на национално ниво. Тоа се рефлектира во чаршијата.

Ако сакаме да имаме меѓуетнички релаксирани односи, а тоа секогаш го има во старата чаршија, веројатно економските интереси, требаше оттука да се почне, требаше

тука да се направат тие експерименти со непосреден контакт на граѓаните, со луѓето од старата чаршија и пошироко и врз основа на нивните размислувања да се направи прекројување прво на општина Центар, па на Чаир итн.

Тие луѓе не се консултирани, тие луѓе едноставно немаат можност да го искажат своето за или против овој начин на поделба и едноставно имаме ситуација каде што граница меѓу Чаир и Центар е “Дрвачка” и “Ковачка”, а тие улици се комплементарни една со друга. Или имаме ситуација едноставно улицата гледа кон Чаршија на општина Центар, а другата гледа кон Чаир, а знаете тоа се стари куќи, над 200 години, тие се со капиџици, едни меѓу други се поврзани и имаат два влеза и два излеза, од една и од друга страна, но нормално тие што не живеат, тие што не ги осеќаат проблемите не можат да ги знаат проблемите што ги имаат луѓето од градското јадро во старата чаршија. Затоа гласав за амандманот, барем таков амандман како што е, старата чаршија да се реализира, но ако биде со ова темпо како што се одвива сега, тешко на таа стара чаршија и тешко на тие занаетчии таму, затоа што едноставно таму економијата, апсолутно, занаетчиската економија барем во овој период, ќе се согласите, иако имаат економија тие во старата чаршија и Бит Пазар, тоа е социјален вентил за сите граѓани на Република Македонија. На овој начин, со вештачката поделба што е направена меѓу две општини нема да одговара на тие јазици, културни, мултиетнички аспекти, за тоа веќе говорев, но едноставно не држат економските показатели. Економските показатели покажуваат дека треба да се направи добра анализа и да се даде добра теза во однос на општина Центар и општина Чаир. Тоа не е направена, направено е по други критериуми, за тие критериуми времето ќе покаже дали се добри или лоши, според мене се многу лоши, но во позиција сме ние да го кажуваме своето мислење, а позицијата е во позиција да предложи и да им донесе закон.

Но, се обраќам на позицијата, едноставно на тие работи што ги ветуваше г-динот министер дека старата скопска чаршија ќе биде под капа на државата, под капа на градот, но и сега е под капа на државата, барем декларативно и еден пример ќе кажам. Таа фамозна пошта до Рубин Кармин, има историски показатели, која е под заштита на Заводот за споменици, а сега спаѓа под Чаир, се гради внатре дискоклуб. Досега имаше

закон дека не може во старата чаршија ни шајка да се закова ако нема одобрение од Заводот за култура. Заводот за култура едноставно затвора очи, оградено е со лимени огради и таму се прават интервенции. Образложението е, за тоа ќе поставам и пратеничко прашање, се прави интервенција од плочки, зидови итн. Ако плочките не се историски елементи кои треба да се сочуваат, јас незнам тоа што значи. Ако е тоа начин на размислување на државата, што сег го прави, случајот и со Камениот мост мислам дека правецот се гледа и во иднина тешко на таа стара чаршија и на тие занаетчии и на тие граѓани дека ќе има ревитализација на старата чаршија, ревитализација на општина центар, ревитализација на Чаир, а и ревитализација на град Скопје и Македонија затоа што ние преферираме за еден транзитен туризам. Ќе се согласите во Скопје единствено место каде што транзитниот туризам ќе се развие е старата скопска чаршија. Или идеата е да се изгасат сите историски елементи на едно минато и историјата да почнува од сега и за сега.

Мислам дека таквите аргументи не држат. . .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Завршете ја мислата, бидејќи времето ви истече.

АДНАН ЌАХИЛ:

Едноставно би требало да имате осет и сенс за оваа работа. Мој предлог е за во иднина длабоко да внимавате на овие проблеми и народно кажано власта при поделба на град Скопје на Чаир и Центар, ја утнала работата скрос на скрос.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Шапуриќ, повелете, а потоа е на ред пратеникот Благородна Минкова Препиева.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Почитувани колеги пратеници,

Пред нас се наоѓа усвојување еден закон кој исто така е неопходен односно чие изгласување и усвојување е неопходно за спроведување на локалните избори. Ова е затоа што кај нас слично како и во светот со посебен закон се уредува положбата на главниот град. Во многу држави како што е случајот и кај нас посебноста на градот се

нагласува и утврдува во Уставот. Значи, во нашиот случај највисокиот правно-политички акт, Уставот ја утврдува во начело позицијата, положбата и делумно сруктурата на нашиот главен град.

Јас би рекол на самиот почеток дека во Европа и во светот постојат некмоклу модели на уредување на големите градови, пред се мислам на гланвите градови.

Еден од овие модели е главниот град да биде единствено подрачје без општини, за што во првата фаза ЛДП ги изнесе своите укажувања, меѓутоа, свесни сме дека сепак волјата на мнозинството во овој парламент во првата фаза, но и јавната расправа покажа дека мнозинството не го приати тоа и ние од овие причини и покрај таа наша забелешка, бидејќи голем дел од нашите забелешки во првата фаза се усвоени ќе го оддржиме како ЛДП овој закон, иако сметавме дека единственоста, единствена структура на главниот град без општини е да биде градот поделен на реони, квартови, како што е случајот со Париз, Виена и некои други градови.

Вториот случај  е главниот град да биде поделен на општини кои што имаат сопствени непосрендо избрани локални органи. Тоа е случајот со Будимпешта, Брисел и некои други градови.

Третиот случај е случајот главниот град да биде утврден како главен град во едно потесно подрачје, а околу да постојат прстен општини, или пак

Четвртиот случај да постои двостепеноста во релациите помеѓу главниот град и општините.

Меѓутоа, последното решение имајќи предвид дека нашиот Устав познава ислучиво едностепена локална самоуправа не можеше да биде нормално применето, но исто така идеата со прстен општини односно сватен главен град како една потесна урбана целина и потоа метрополитска област, како што е сллучајот со Рим, Лондон и други градови, меѓутоа и ова беше проблематично не само од аспект на Уставот, туку и од аспект на законот за локална самоуправа и другите системски решенија кои постојат кај нас.

Ние свесни за овие компаративни анализи прифаќајги ги овие решенија, на обусмани ги прифативме резултатите од пошироката расправа која што беше во првата фаза.

Меѓутоа, во последно време одделни експерти и тоа во последна минута укажуваат, го кажуваат примерот на Љубљана а и некои колеги пратеници, посебно од опозицијата каде што само потесното градско подрачје е дел од, урбанистички гледано подрачје на главниот гард.

Тоа во нашиот случај би значело, пластично кажано од Аеродром до Карпош би било Скопје, а се останато би било ова.

Меѓутоа, јас се прашувам и се зачудувам зошто во изминатите една две години, кога се водеа овие расправи, или расправата од 1996 до 1998 година, овие експерти, или пак овие колеги тоа не го кажаа, туку сега кога веќе не постои можност за такво решение.

Историски гледнао, како што и територијална органицација на Република Македонија по потраги на идеалното решение, а сите сме согласни дека идеално и максимално решение не постои односно не е возможно да се донесе такво решение каде што сите ќе бидат задоволни со такво решение. Меѓутоа во потрага на такво решение како што е територијална органицација на Република Македонија по општини од 1945 година па до денес 20-тина пати претрпе одредени промени и пак кај главниот град имаше низа промени во својата структура, при што во одредејн период беше единствена единица на локална самоуправа, без општини, но поголемиот дел од својата историја, понова, градот беше уреден со општини. Воглавно од 1963 годиан, па до 1996 година, главниот град беше во едно пошироко подрачје кое што е слично на ова решение и јас не би елаборирал пошироко во интерес на времето, бидејќи репликата на овој поопсежен дел ја даде колегата Дојчиновски.

Ние почитувани колеги, како и претходната расправа за претходниот закон и овој закон често пати можеби емотивно реагираме и секогаш не можеме да најдеме други решенија. Јас лично сметам дека општина Кисела Вода, иако има голем број на жители треба да биде единствена, меѓутоа, сепак лично врз база на сите овие расправи го прифаќам ова решение затоа што мораме на крајот на краиштата рационално да резонираме, а не емотивоно. Јас ги разбирам сите колеги кои што одреагираа за одредени прашања емотивно, понекогаш малку повеќе жестоко, отколку што би требало но тоа е реалното.

ЛДП и пратеничката група на ЛДП од првата фаза на расправата на овој закон, покрај ова што укажуваше , укажуваше на тоа дека е најбитно да се задржи целовитоста на градот во смисла на организациона поставеност и облици на функционирање.

Значи да се задржи во одредени рамки урбанистичката целовитост, да се задржи целовитоста на функционирање на оделни служби, бидејќи ние водоводот не можеме да го делиме на одредени општини или пак градскиот сообраќај да го делиме итн. Неопходно е тие да бидат организирани во една единствена целина и на еден единствен начин.

Втората фаза во голем дел, можеби не целосно, ги прифати забелешките на пратеничката група на ЛДП.

Исто така, почитувани колеги околу деталниет планови се водеше расправа дали треба градот или општината, направено е едно компромисно решение, бидејќи остана она решение од првата фаза, каде што деталните планови ги усвојува општината во Градот Скопје, но сепак по претходно прибавена согласност односно мислење од Градот Скопје, позитивно мислење , што значи сепак се овозможува една одредена целовитост. Бидејќи немам многу време за зборување, само би кажал дека Спортско-рекреативниот центар Сарај за што се водеше дискусија и во првата фаза, езерото Треска ,потоа излетничкото место на Матка припаѓаат на сите скопјани, без оглед дали се од Чаир, Центар, Карпош, Аеродром или било кој дел. Тие се исто така се дел од Скопје и природно и фактички им припаѓаат на сите скопјани, бидејќи голем дел од овие рекреативни  центри ги граделе сите граѓани со самопридонес и тоа кој што се реализираше во еден подолг период. Како што паркот, шумата Водно, како што градскиот парк, градскиот плоштад припаѓа на сите граѓани, така и овој дел на Скопје им припаѓа на сите жители.

На крајот би кажал дека во првата фаза и опозицијата се согласи односно рече дека нема ништо против употребата на вториот јазик, значи на албански јазик во одредени дејности согласно на законот, само не на ваков начин. Јас би се запрашал на каков начин, бидејќи амандманот 16 повикува дека во законот се усвојува со одредени места.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, г-дине Шапуриќ ве известив уште колку време имавте и требаше за тоа време да ја завршите мислата.

Повелете г=ѓо Мингова, а потоа нека се подготви пратеникот Есад Рахуќ.

БЛАГОРОДНА МИНГОВА:

Почитуван претседателе, почитуван министре, членови на Владата, колеги и колешки,

Ќе се обидам во ова мое кусо обраќање да го избегнам хајд-парковскиот стил и начин на однесување кој беше мошне присутен во овие три недели по повод расправата за законот за територијална организација на локалната самоуправа на Република Македонија , кој вчера го донесовме. Од него и од законот за локалната самоуправа и членот 117 од Уставот произлегува и оваа наша денешна обврска да го донесеме законот за Градот Скопје.

Во раправата по предлогот за донесување на овој закон во првата фаза, а особено потоа од страна на соодветните комисии на ЗЕЛС, на градоначалниците на Градот Скопје и општините во него, беа дадени бројни сугестии и забелешки во насока на попрецизно разграничување на надлежностите помеѓу градот и општините во Скопје, како и на функциите кои по својот карактер се административно и територијално неделиви. А, сето тоа произлезе од искуството кои тие, а и ние кои сме работеле во општините го имаат од практицирањето на локалната самоуправа во Скопје. Ова сакам да го потенцирам, пред се, заради постојаното полемизирање околу транспарентноста и консултирањето на граѓаните односно органите во единиците на локалните самоуправи, заради донесување на што подобри законски решенија. Најголем број од вака дадените предлози ги имаме во текстот на овој закон кој дене е на дневен ред, особено во членовите 10 и 15, а потоа и во главата пет каде се дефинираат прашањата од сферата на финансирањето однонсо распределбата на изворните приходи на град Скопје и општините во него. При ова, сакам да напоменам дека е водено сметка да нема паралелизам во одлучувањето и да се избегне неефикасноста, која може да произлезе од нејасното дефинирање на надлежностите, согласно член 22 од законот за локална самоуправа. Со оглед на

времето кое е покусо овој пат за расправа, јас нема да одам во детали, но морам да кажам дека во втората фаза сепак за суштествените работи имаме добиено закон кој е поквалитетен и попрецизен и со многу попрецизен текст. Но, очигледно дека и во денешната расправа по амандманите никој не сака да говори за суштината на овој закон, тоа не е интересно, нема популистичка еуфорија и не е во функција на некој политички маркетниг кој сега е мошне актуелен и беше присутен во изминативе три недели. Морам да кажам почитувани колеги дека Градот Скопје има мошне долга традиција на организирање и како една општина и како заедница на општини, почнувајќи од три до 15 а во одреден период и со 18 единици територијални, за кои мојот почитуван колега Кирил Дојчиновски многу прецизно говореше и јас за географската положба и каде е распослано Скопје нема да зборувам. Но, сакам да напоменам дека во овој период Скопје го развивал својот урбан центар, но и околните рурални средини од кои денес ссе создадени постојните општини во неговото опкружување. Значи, истите не почнаа од нула, туку во рамките на Скопје направија своја основа за натамошно функционирање. Да се потсетиме, Скопје до 1996 година беше со граници кои го вклучуваа Петровец, Арачиново, Чучев Сандево и Танушевци, така што имавме долга граница на граничење со Косово, како и Сарај и Кондово и да не набројувам сите селски населени места. По 1996 година, се определи да се направи градот, условно кажано, да биде една урбана средина, а неговата околина се подели на повеќе општини. Но, и покрај ова во ингеренциите на градот и градските јавни претпријатија, остана натамошно опслужување и вршење на јавните работи во вака издвоените општини. Незамисливо и не можно беше да се поделат надлежностите со парк шума во Водно, водоводот, изворот “Рашче”, Јавниот сообраќај, спортско рекреативниот центар Сарај, Езеро Треска, Хидроцентралата Матка со Езерото Матка, одржувањето на магистралните патишта, мостовите и друго. Ја направив, почитуван претседателе, оваа мала дигресија, за да се обидам да одговорам на толку експлоатиранaта теза дека спојувањето на Сарај кон Скопје е неприродно.

Што е природно, а што не е во влегувањето на општината Сарај, нормално со Кондово во рамките на Скопје? Да се обидам сега и јас да ги одбегнам емоциите, исто како што и некои мои колеги се обидоа, иако е природно сите ние да имаме одредени, но

и различни емоции по различни прашања. Па, само да кажам како факти. Географски Сарај припаѓа на Скопје. Функционално, исто така. Најголем број на јавни функции од Сарај се пренесени во градот Скопје, а не говорам за добрите сообраќајници и природната врска и споеност со градот Скопје. За истите говореа во повеќе наврати моите колеги, спомнав нешто на почетокот и во некои свои реплики. Но, тука уште и да додадам дека заеднички се користи и средното образование, здравството и културата и екологијата, кои исто така спаѓаат во надлежностите на општината, согласно член 29 од Законот за локалната самоуправа. Тоа се, секако, едни од главните критериуми кои општини можат да ја формираат заедницата на градот Скопје.

Факт е исто така и дека и после 1996 година Сарај урбанистички и катастарски и сега е во Скопје. Традиционално припаѓа во Скопје. За традициите нема да говорам, заради тоа што тоа повторно емотивно ќе не поврзе со она што значело наше минато, детство и тн.

Тука се пласираше и тезата дека на урбана средина припојуваме рурална средина. Сарај е толку рурална средина, колку што е и Долно и Горно Лисиче, колку што е Радишани, колку што е село Драчево, па на крајот на краиштата и сега додаденото во општина Гази Баба село Брњарци. Вашето образложение беше дека е тоа природно спојување кон Гази Баба, без никаква етничка позадина. Јас ви верувам во искреноста. Теоријата дека руралните средини не може да се развиваат исто, ако истите се во склопот на урбаните, е неодржлива. Особено, ако се имаат предвид надлежностите, кои според овој закон остануваат во општините. Јас ќе замолам да го погледнете член 15 и споредете со членот 22 од Законот за локалната самоуправа, ќе видите дека на граѓаните не им се одзема блискоста со локалната управа, напротив, таа и натаму останува грижа, да се грижи да ги унапредува условите на живеење во таа средина, ослободена од обврските кои се пренесени во градот за одржување на објектите и функциите кои се од поширок интерес, а се наоѓаат на територијата на општината.

Ако сето ова што го кажав стои, а според мене стои, тогаш зошто е толку отпорот општината Сарај, нормално и Кондово, да бидат во рамките на градот Скопје. Површината и како што некој праша, површината која сега ќе ја има градот Скопје е

идентична со површината на старата територијална организација, која вчера ја променивме, на Штип и на Прилеп. Значи, не се работи за површина, туку е позадината нешто друго. Најверојатно е прашањето на двојазичноста и менувањето на етничката структура на градот Скопје. Но, за двојазичноста да кажам, освен еден пратеник кој јавно го кажа овде на оваа говорница, нема ниеден друг кој беше против. Сите беа за двојазичност и таа никому во овој дом не му пречи. Јас не сакам да се сомневам во вашата искреност, драги мои колеги.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Благородна. Една минута понапред ве предупредив да завршите.

Кој има реплики?

Повелете госпоѓа Самоиловска, прва реплика.

ГАНКА САМОИЛОВСКА-ЦВЕТАНОВА:

Конечно, дојдовме до суштината и до вистината на сите негодувања, а тоа е дека всушност се менува етничката структура со понуденото законско решение и во контекст на тоа дека не ни пречи двојазичноста. Јас уште еднаш ќе повторам, да, не ни пречи, но ни пречи начинот на кој се прави Скопје да биде двојазично. Како пример само ќе ја посочам општина Центар. Тука не ни пречеше двојазичноста, затоа што тоа дојде на еден природен начин, природен демографски начин. А, сега ова што се прави со двојазичноста на градот Скопје, ни пречи многу и јас и благодарам на колешката што конечно кажа дека со ова предложено законско решение се менува етничката структура на градот Скопје.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Мингова, една минута.

БЛАГОРОДНА МИНГОВА-КРЕПИЕВА:

И благодарам на мојата колешка што ми дозволи можеби и да си ја довршам мислата. За жал, морам да констатирам дека немала доволно концентрација да ме следи од почетокот, кои се причините за природното сојување на општината Сарај со градот Скопје. Точно е дека се менува структурата, но двојазичноста произлегува од

амандманите на Уставот и тие не се суштината на овој закон. Суштината на овој закон е во тоа како ќе се остваруваат надлежностите на општините и на градот Скопје, согласно со законот за локалната самоуправа и дали тоа навистина ќе ги одрази потребите на граѓаните на Скопје. Вашите тези дека не ви пречи нешто што постојано го потенцирате, очигледно дека, не држат.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине министре.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Често опозицијата вика, да, на вештачки начин се менува структурата на градот Скопје. Ние немаме ништо против, покрај македонскиот јазик, службен јазик да биде јазикот на заедниците кои се над 20%. За правилно информирање и врз основа на расправата по овој закон и по Законот за територијална организација, во кој опозицијата даваше и амандмани и од припадниците на македонскиот дел, што би рекол, за приклучување на други општини кон градот Скопје и припадниците на опозицијата од албанските пратеници, особено од ПДП, сакам да ги информирам пратениците дека Скопје или Скопската котлина, во која се и сите придружни општини, во кои имаше поголем дел на амандмани, тоа се сегашните, или во поранешниот дел на општини, таканаречена Скопска општина, која припаѓа, гравитира кон Скопје, брои вкупно 578.144 жители, од кои 133.893 жители или 23,16% се припадници на албанската заедница. Можете, почитувани пратеници и вашите амандмани да беа прифатени сите, како што е Арачиново и Студеничани и делот на Сарај и Кондово и делот на Петровец Зелениково, таа е структурата на Скопје и таканаречената Скопска котлина.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Кедев, реплика на госпоѓата Благородна.

САШКО КЕДЕВ:

Благодарам претседателе,

Почитувана госпоѓо Мингова, во одговор на вашата констатација дека голем дел од селата околу Скопје биле дел на скопската општина до 1996 година, тука посочивте и Танушевци, би напомнал дека организацијата на локалната самоуправа до 1996 година, нема ништо заедничко со територијална организација и децентрализација, што следува после овој пакет закони за децентрализација. Така што, не може да компарираме територијална организација на Скопје до 1996 година, со тоа што ќе значи оваа територијална организација со новиот закон во 2004 година.

Во однос на тоа дали природно гравитираат Сарај кон Скопје или не, очигледно вие и вашата влада отворено призна дека Скопје го ставивте на пазар. Или Скопје или Струга и Кичево, тоа беше стартна позиција на вашиот дел од владеачката коалиција. Значи, очигледно не постапивте природно во интересот на граѓаните на Скопје, бидејќи ги ставивте на пазар помеѓу или Струга и Кичево или Скопје.

Понатаму, во првиот дел, при првото читање на законот пред повеќе месеци ова не беше планирано. Значи, не беше планирано местата Арнаклија, Грчец, Горно и Долно Свиларе, Челане и Копаница, тоа се места кои што граничат со Јегуновце, а тука е и Буковиќ. Која е смислата на тие селски места да бидат дел од општината Скопје и дали со уранизацијата на овие селски места, вие мислите дека ќе се подобри квалитетот на локалната самоуправа на Скопје.

Дефинитивно, треба еднаш за секогаш да разграничиме дека никој не е против општината Сарај, меѓутоа, општината Сарај во потесна смисла на зборот, а не овие места кои ги набројав и кои граничат со Јегуновце и територијално се поблиску до општината Тетово, а не до градот Скопје.

Еднаш за секогаш треба да одговорите на прашањето зошто вашата Влада го стави на пазар или Скопје или Струга и Кичево. Нашиот став, ставот на најголем дел од пратениците на опозицијата и на дел од позицијата е дека граѓаните на Скопје, граѓаните на Струга и Кичево не можат да бидат предмет на партиски пазарења и зачувување на некои непринципиелни коалиции.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓа Мингова, една минута.

БЛАГОРОДНА МИНГОВА КРЕПИЕВА:

Можеби и помалкуод тоа.

Ставањето на пазар не е наш стил, тоа беше стил на некој пред нас односно вас.

Сакав само една работа да кажам дека исклучивоста, некооперативноста е слепило и го заслепува секого пред аргументите за природното спојување на било кои територии. Вие никогаш не ќе можете да разговарате ако сакате да бидете исклучиви, сакате едно национални референдуми, сакате уште подлабоки јазови меѓу етничките заедници и градење на бариери. Со таква ситуација можеме да создадеме само криза и конфликт и тогаш да заборавиме на патот за Европа и тогаш да заборавиме за прием во Европската унија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Мавровски, три минути.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Колешката започна со тоа дека нема да биде хајд парковски настап, но испадна малку повеќе од тоа емоции , чувства за нешто што било, за нешто што поминало, еднаш ги слушнавме кажувањата дека некогаш биле 3, па 15, па 18 политички единици, апсолутно не можеме да правиме споредба со ова што денеска треба да го направиме со законот за територијална организација на градот Скопје. Очекував да проговорите повеќе за формирањето на новите општини како тие се добиени, кои се нивните ингеренции, што е сонамалувањето на ингеренциите на општините во однос на градот и градоначалникот, за тоа не слушнав ништо.

Вие се обидувате да покажете, барем на опозицијата , некое кратко паметење затоа што законот го имавме во месец декември 2003 година и расправавме до април 2004 година каде Кондово и Сарај и покрај тоа што се во Скопската котлина не беа во тој закон. Таму пишуваше село Арачиново кога тогаш исто беше во Скопската котлина, но кога се пресметавте стигнавте до 16,8%, немаше 20% и тоа не е пазар, ова е Бит Пазар и Кванташки пазар за разлика од некој што правел порано и затоа ќе ве молам немојте да

сеете магла дека нешто се работело, дека некој толку прецизно ги определил сите ингиренции кои ќе ги има понатаму општината Сарај или градот Скопје и колку е процентот многу подобро знаете. По вашата логика дали Скопската котлина ќе ги има 578 илјади и Пелагониската котлина може да има 150 илјади и да биде многу подобро решение отколку е сегашноста со Битола и Прилеп.

Мислам дека на таков начин ако ги гледаме работите, Скопје со приклучувањето на сите овие руралнис редини кон него, едноставно го губи она што сакаме да го кажеме велеград или мегалополис или главен град на Република Македонија во кој на вештачки начин сакаме да направиме етнички да ја воведеме двојазичноста на многу вештачки начин и со бројки. Апсолутно другото не држи, тоа е договор, кажав каков договор, кој како правел, вие знаете подобро. Можеби вие не сте ни информирани по оние информации што ги имавме некој друг го направил договорот дали во четири очи или малку повеќе, но тој договор очигледно е сега пред нас пратениците.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута госпоѓо Мингова.

БЛАГОРОДНА МИНГОВА КРЕПИЕВА:

Само ќе го замолам г-динот Мавровски да ги погледа стенограмите од расправата по првата фаза кога од страна на некои пратеници беше сугерирано изворот Рашче да влезе во град Скопје. За тоа толку.

Во врска со Хајд-парк една тема за размислување. Таму можете да зборувате, но немате никаква одговорност.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

А сега е на ред пратеникот Есад Рахиќ, а потоа нека се подготви пратеникот Ѓорѓи Оровчанец.

Повелете вашите десет минути.

ЕСАД РАХИЌ:

Благодарам претседателе, драги коелги, почитуван министре,

Сакам многу кратко да кажам неколку реченици за мојот личен став на текстот на законот.

Прво, сакам да им се придружам на оние пратеници кои имаа амандмани во делот на старата скопска чаршија, сметам дека требаше да и се даде приоритет, бидејќи сите големи држави и градови го  заштитуваат градското јадро и мислам на оваа градска влада и натамошните ќе им биде приоритет да го заштитат стариот дел на градот.

Второ, со особено задоволство сакам да му заблагодарам на министерот Гештаковски и на Владата во делот  на сенсот што го имаа во расправата по првиот дел кога во делот на ингеренциите за просторно уредување на планот на градот Скопје и општините ја сватија на време  и ја прифатија нашата порака да ги разграничат и сега донесувањето на деталните урбанистички планови останува на општините со можност на контрола од страна на градот и обратно.

Третиот дел, бидејки сумспортист, синојка разговарајкисо мојот пријател Кондарко, подготвувајки се за оваа седница, гледајки дека сите ние се повикуваме на некои дејци на пример Вапцаров, Гоце Делчев, јас се повикав на еден од нашите живи дејци мојот пријател хуманист, демократ д-р Владо Димов кој е истакнат спортист, љубител на тенисот и на автомобилизмот, милува теренски возила и на пример во делот на надлежностите на градот во членот 10 точка 7 има обезбедување услови за развој на квалитетен спорт на градот Скопје.

Во еден непосреден разговор со него тој рече дека вакво законско решение обезбедува можност тој и сличните на него можат да го упражњаваат спортот што го милуваат и максимално да си ги остварат своите права. Јас би бил благодарен и понатаму да се носат вакви добри законси текстови.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Оровчанец, вашите 10 минути, а потоа пратеникот Елеонора Петрова Митевска.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Благодарам господине претседателе, госодине минситре, вам ви се обраќам, пратеници оние кои сакаат да ме слушаат повеќето излегоа, не сакаат,  други се тука за гласање, можеби и тие не сакаат, но сигурно има некои што сакаат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јавноста сака да ве слуша.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Благодарам, и ова го ценам г-дине претседателе.

Овие десет минути се кратки за се она што сакав да изелаборирам, меѓутоа, ќе почнам со ова дека овој закон за град Скопје г-дине министре треба да го повлечете едноставно затоа што овој закон е против сите норми во Република Македонија.

Ќе почнам на овој начин. Ова е против Рамковниот договор.

Прво, во Рамковниот договор е издвоено за градот Скопје затоа што во преговорите, разговорите и заклучокот во Рамковниот договор, а ова е и во мој директен контакт и разговор со претседателот Трајковски да нема двојазичност во Скопје. Буквално за тоа е направен. Тоа е една работа.

Втора работа е против Уставот. Зошто? Уставот и Законот за локална самоуправа кај нас предвидува едностепен систем на локална самоуправа односно децентрализација од таков тип. Што правиме со ова? Ние правиме двостепен систем. Ова е двостепен систем. За ова укажа во својата дискусија г-динот Шапуриќ, но ќе нагласам дека г-динот Жерновски во дискусијата декември 2003 година нагласи како треба да биде нарпавено за да биде во согласност со Уставот. Овде го донесовме Законот за територијална организација, дали вие во тие 80 и кусур општини видовте град Скопје? Не постои град Скопје, не постои општина Скопје, ние живееме во виртуелно Скопје, ние имаме 10 општини кои мислат дека се Скопје, општина Центар е град Центар, тоа не е општина Скопје.

Спрема тоа, градот треба да бид една целина која, тоа е друго прашање. Значи, ова не може да стои вака и ова не смее да стои така и ова треба да падне и пред Уставен суд, а за ова јас лично ќе се жалам во Стразбур затоа што ова е дефинитивно рушење на се она што е закон и норми во оваа држава.

Што правиме на тој начин?

Она што г-дине минситре го предложив со градот Коридот -8 исто двостепено, 10 општини ги наредивме тоа е истото, тоа е апсурдно, јас се согласувам, ова е исто

апсурдно.  Ова не е град Скопје. Ние немаме град Скопје. На овој начин пак сакаме да направиме некоја двојазичност, на овој начин правиме двојазичност во општина Кисела Вода или посебна единица на локална самоуправа каде имате 0,46% албанско население. Во Карпош 6% албанско население, пак ќе  биде двојазично. Во Центар 5,2%. Што сте направиле? Ништо. А зборуваме за некој европски модел, кој  европски модел. Ова не е никаков модел, едноставно ние немаме град Скопје, а треба да го направиме.

Знаете што значи европски? Да се послужиме и да одиме по примерот на нешто што е европско. Во Париз урбанистичкиот план е направен 1900 година и од тогаш ништо не е променето, дефинирано е, Париз е 3 милиони, булеварите продолжуваат во други општини. 26 општини околу Париз, меѓутоа Париз е ова што е, ние немаме практично општина Скопје околу неа да се врзуваат општините, ниту имаме нешто друго што би ја формулирала оваа двостепеност, а да биде во контекс на Уставот. Направивме она што не треба да го нарпавиме, незнам ни самиот што.

Сакаме да биде главен град на државата. Па главен град на државата треба да биде Скопје, меѓутоа, главен град на сите македонци, а ние сакаме да го направиме двојазично во име на што, на Рамковниот договор каде буквално не е направено така.  И на макеоднците од Албанија кога ќе дојдат да биде главен град и на макеоднците во Америка и во Австралија и оние од Битола и Струмица кога ќе дојдат во Скопје треба да биде нивен главен град единствен македонски  главен град.  Или да направиме што предложи Ѓорѓи Трендафилов друг главен град кој е македонски и да знаеме дека е тоа.

Трета работа, г-дине министре, би ве советувал во Владата, бидејки сте наумиле ова да го направите, пред да дојде до спојување да инсистирате кај министерот за урбанизам во Сарај пред Сарај да стане Скопје да се срушат сите дивоградби за кои не е платено ни комуналии ни ништо и тоа бесплатно, во спротивно на сите оние што ги рушевте во Охрид да им вратите пари и да им дадете материјална надохнада. Не можат десет аршини да се употребуваат.

Континуирано се промовира автохтоност, автохтоност, колку автохтони албанци има во Скопје? Заводот за статистика требаше еднаш да излезе затоа што статистиката треба да ги дефинира сите овие прашања. Колку пари беа потрошени, имавме и донации

да се направи пописот се чекаше на пописот за да се решаваат овие прашања. Во тој попис е решено и тоа прашање на автохтоноста.

Четврто, ако биде отворен град Скопје, како што е, таа флуктуација на население како ќе оди? Можеме за година дена, бидејки нема работа, од Струмица или Пробиштип каде луѓето буквално нема што да работат едноставно ќе се доселат во Скопје за да бараат работа, па пак ќе се промени демографската структура, па ќе има пак помалку албанци и пак ќе мора нешто друго на оваа географија да се прави. Ова не е решение. Вие немате решение за градот Скопје. Од градот Скопје направивте нешто што не постои тој е виртуелен град, јас не живеам во град Скопје, јас живеам во град Карпош и мислам дека дефинитивно ќе треба да се советувате со експерти што е што. Во нашиот Устав ние сме едностепена земја со едностепена децентрализација, немаме двостепена,немаме регион.  Мислам дека треба правилно да ги сватите овие работи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

И јас мислев дека сум во општина Карпош, но еве ...

Повелете министре имате збор.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Господине Оровчанец навистина сум убеден и дефинитивно се убедив дека навистина не знаете што сакате, а не знаете ни што зборувате. Прашајте ги експертите до вас особено г-динот Балковски, човекот кој беше градоначалник на овој град тоа е г-динот Ѓорчев, земете ги стенограмите од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ, експертите на ВМРО-ДПМНЕ и ќе видите дека нудат добро решение за надминување на проблемите на градот Скопје и нуди добра основа за граѓаните во Скопје да ги остваруваат своите права од Законот за локална самоуправа во делот на надлежностите.

За вашата дискусија би сакал да го земете стенограмот, да гопрочитате и да видите што зборувавте пред овој Парламент.

( Од 16,35 часот со седницата продолжи да раководи госпоѓа Лилјана Поповска , потпретседател на Собранието).

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам г-дине минситре,

Повелете г-дине Оровчанец.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Господине министре, овде не зборуваме за надлежностите, а јас за тоа дискутирав тогаш, добро паметам што беше, зборував за финансирањето.

Што се однесува до ова прашање, прашајте го г-динот Шапуриќ што дискутираше и мислам дека вие дефинитивно немате концепт за ова и сакате да се извадите со нешто што е и против Рамковниот договор и против Уставот и на некој начин ја обременува јавноста и граѓанството во Скопје. Каде во Законот за територијална организација имате град Скопје?

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика г-динот Талат Џафери.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Ви благодарам госпоѓо потпретседателке,

Не треба да се каже дека треба да се реплицира, меѓутоа, овој пат не сакм да должам, што се однесува до тоа колку албанците во Скопје се автохтони, мислам дека треба да се врати на предметот историја да прочита малку, па да го види составот на населението во турските тефтери на Отоманска турција и да се види колку се албанците автохтони.

Би сакал да му кажам на г-динот Оровчанец дека тој лично знае дека не не сака како албанци, но ништо не можеме да измениме во неговиот ум. Верувам дека и тој знае дека не може индивидуално и државата како држава да постои без албанците. Тоа е работа која треба да ја расчисти во својата глава и верувам дека ќе ја расчисти, меѓутоа,како и да е ова парче земја може да остане вакво какво е само доколку го зачуваме заедно сите ние, но на г-динот Оровчанец и на другите не можам да им ставам во глава и да мислам дека ќе се разбудат од сонот во кој се подолго време.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одиме понатаму со дискусии, госпоѓа Елеонора Петрова Митевска.

ЕЛЕОНОРА ПЕТРОВА МИТЕВСКА:

Благодарам госпоѓо потпретседател, почитуван г-дине минситре, почитувани колеги пратеници,

Законот за градот Скопје истокако и законот за територијална организација произлегува од пакетот закони за децентрализација и тие се обврска од Рамковниот договор.

Иако и партиите потписници од Рамковниот договор зборуваат дека само децентрализацијата е дел од целиот пакет, значи сите овие закони произлегуваат од тој пакет. Во Рамковниот договор стои дека децентрализацијата е направена за да се избалансираат меѓуетничките односи, тоа значи  дека не може да се изземе етничкиот карактер. Затоа и законите за територијална организација и Законот за град Скопје вклучително влегуваат во целиот пакет.

Би сакала да започнам од почетокот. Во Република Македонија во последните 50-тина години имаше поголем број закони за  територијална организација и во најголем дел општините со тие законски проекти се движеа од 30 до 34.  Со територијалната организација од 1964 година имаше 30 општини потоа имаше 34 општини се до 1996 година кога се донесе Законот за територијална организација со која се одредија 123 општини кои за тогашната опозиција  и сегашната позиција беше невидена катастрофа ипропаст на Македонија и се сметаше дека такво закон не може да функционира и дека тоа ќе биде крајот на Република Македонија. И еве, после 8 години, видовме дека тие најгорливите застапници токму на тој закон од 1996 година исто како што подоцна со Рамковниот договор од 2001 година ше бидат убедени дека тој нема да функционира и нема да донесе мир, тукунапротив ќе донесе крај на Република Македонија.

Поминаа три години. Денеска разговараме повторно за Законот за територијална организација, разговараме повторно за Законот за град Скопје и повторно имаме конструкции од националистички тип. Европа веќе го оцени тоа на што припаѓа, го кажа своето мислење и Европската комисија и Европската унија и европските медиуми. Покажааа дека нема шанси да се склучи напредок и поместување во Република Македонија доколку Република Македонија не мрдне од клишето што владееше долго

време на Балканот, што доведе до антихаговска Хрватска, што мораше да се ревидира, до антидејтоновска Босна која што исто така мораше да се ревидира, до промилошевиќевска Србија што исто така мораше да се ревидира и токму не донесе во Македонија која сака сето тоа да го надмине и да влезе побрзо во Европа.

Влегувањето во Европа не е лесно. Токму пречката што мораме да ја прескокнеме е пакетот закони за децентрализација, вклучително Законот за територијална организација, вклучително и Законот за градот Скопје. Кога ќе ја прескокнеме оваа пречка, кога ќе ги донесеме овие закони, постојат големи можности при одговорите на прашалниците во догледно време да добиеме покана за земја кандидат. Тоа, навистина, за Република Македонија ќе претставува голем успех со оглед на опкружувањето со земјите во кои што се најде.

Мораме да укажеме дека тоа што го постигна оваа Влада во приближувањето на Македонија кон Европа, исто така ми влева надеж дека сето тоа ќе се случи. Во 2006 година ќе добиеме покана за членка во НАТО алијансата, а во 2007 година ќе станеме членка на НАТО алијансата. Во тој момент, неповредливоста на границите на земјата членак е дефинитивно. Тогаш веќе не можеме да зборуваме за некоја друга Македонија освен единствена унитарна Македонија. Кога ќе бидеме членка на НАТО алијансата и кога ќе имаме неповредливост на границите нема никаква потреба од тоа да зборуваме дека земјата ќе се раздели, дека земјата ќе се расцепи, дека земјата ќе се федерализира или кантонизира, заради фактот што земјата членка во НАТО алијансата има неповредливи граници. Затоа сите дискусии остануваат празни ако ние работиме според Агендата.

Што се однесува до фактот за земја кандидат на Европската унија, што ние треба да ја добиеме во догледен период, а јас се надевам дека тоа ќе биде пред 2010 година, тоа ќе не направи земја во која што нема веќе да имаме одлив на мозоци, нема да бидеме земја во која што младите луѓе ќе ја сметаат како затвор од која што не можат да излезат, затоа што границите на Европа и земјите на Европа конечно ќе ни станат достапни. Ете, заради целиот тој факт толку време седиме овде во Парламентот и упорно се трудиме да го донесеме пакетот закони за децентрализација, законите за

територијална организација и Законот за градот Скопје. Бидејќи сето тоа е неделиво од ова што го кажав и не води на тоа место каде што сакаме да стигнеме.

Меѓутоа, ова не би било расправа за Скопје кога не би спомнале некои работи што се однесуваат на Скопје.

Веќе кажав за Старата чаршија, предлог што апсолутно го поддржувам бидејќи во сите европски градови градските јадра претставуваат посебна заштитена целина, која што заштитена целина паѓа, егзистира во самиот град. Таквото градско јадро има свој сопствен тим на менаџирање, сопствен закон и сопствен начин на функционирање. Се надевам а министерот се обиде да не убеди дека со донесувањето на законот за Старата чаршија дека ќе се обидеме дека сето она што е зацртано во нашите предлози, а што здушно го поддржа амандманот дека ќе биде остварена.

Многу ми пречи кога одам низ град, кога луѓето ме прашуваат, што знажи не дека не се доволно информирани, туку дека се злонамерно информирани кога луѓето ме прашуваат дали тоа значи кога ќе мора да одиме во банка или во пошта дека ќе мора да зборуваме албански. И тогаш им велам дека поголелм број општини во градот Скопје беа двојазични и од 1996, значи во последните 8 години и дека ние, во работата на локалната самоуправа, бидејќи голем дел од нас биле во локалната самоуправа, употребувале слушалки, значи таа двојазичност функционирала.

Значи, и покрај тоа, некој се труди да ги измести информациите што се вистините, да им каже на граѓаните дека двојазичноста на градот Скопје е вистинска пропаст.

Бидејќи не ми останува многу време, бидејќи изгласавме да биде 10 минути, уште ќе кажам за тоа дека во сето ова што сега ќе го договориме, сето ова што сега ќе го направиме, да не ги повторувам сите оние работи што ги кажав дека за Сарај и за Кондово, колку се тие составен дел од градот, колку се тоа наши емотивни делови од младоста, меѓутоа и колку се навистина дел од градот Скопје, морам да кажам дека она што им е потребно на граѓаните, она што сакаат да го добијат од она наше работење тука е тоа дека конечно ќе профункционира довербата и на национално и на локално ниво и на ниво на државата и на ниво на општинските собранија, односно во нив. Довербата ми

е многу потребна. Многу ни е потребно луѓето да почувствуваат дека сите ние, граѓани на Република Македонија, од овој момент наваму ќе имаме еднакви права и обврски, дека ќе се почитуваат човековите права еднакво на целиот простор на државата и дека сите ќе бидеме тие кој ќе направиме оваа држава да функционира онака како што треба. Тоа им треба на граѓаните да знаат и да го слушнат. Дека не се правата резервирани за едни, а обврските за други и дека сите имаат еднакви права и обврски и дека сите ќе ги почитуваат човековите права, дека Бадинтеровиот принцип ќе стане принцип што ќе се почитува и на државно и на локално ниво.

Со сите овие заложби ние можеме да очекуваме дека навистина оној ден кога ќе ја добиеме поканата да станеме земја кандидат, во тој момент навистина ќе можеме да сметаме дека нашиот правец на движење е вистински.

Јас секогаш не сум само оптимиста, туку секогаш досега сум донесувала правилни решенија. Не се сомневам дека оваа одлука што ќе ја донесам, а ќе гласам за законот, ќе биде правилна. Сметам дека нашиот пат кон Европа е тој што ќе не однесе таму каде што јазиците нема да значат многу, бидејќи во Европската унија имаме 20 различни јазици, имаме голем број инвестиции, имаме држави без граници, држави без националности каде што културниот идентитет е помешан со културната дифузност, со културната различност и дека тоа не треба да го очекуваме ниту на ниво на Република Македонија.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

За реплика се пријави Ганка Самоиловска Цветанова.

ГАНКА САМОИЛОВСКА ЦВЕТАНОВА:

Ако промената на општинските граници на градот Скопје е обврска од Рамковниот договор, повторно се прашуваме зошто тоа не беше предложено во првата фаза кога се разгледуваше овој Предлог-закон за тетиротијална поделба. Зошто доколку промената на општинските граници на Скопје е обврска од Рамковниот договор, во 40-те дена од разговорите помеѓу владеачките коалициски партнери, двајцата потпретседатели

на СДС не убедуваа дека се во прашање, во оптег два предлози: или Кичево и Струга или Скопје. Значи, доколку тоа било навистина обврска од Рамковниот договор ќе одеше во пакет уште во првата фаза. Навистина, не ја гледам поврзаноста на двојазичноста со процесот на децентрализацијата. Двојазичноста не се решава со процесот на децентрализацијата, ниту пак децентрализацијата е процес што треба да го реши прашањето на двојазичноста.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Госпоѓа Елеонора Митевска Петрова, повелете.

ЕЛЕОНОРА МИТЕВСКА ПЕТРОВА:

Двојазичноста е факт. Двојазичноста е тоа што ние го живееме. Република Македонија од 2001 година наваму не е иста. Ние мораме да се согласиме со тој факт. Ние мораме да се согласиме со фактот дека, доколку во моментот треба да изгласуваме некој закон што вие го предлагате, нема да имаме мнозинство да го изгласаме тој закон во Република Македонија. Нам не ни треба ниту виртуелно Собрание, ниту непостоечко Собрание. Нам ни треба реална држава.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Господини Спиро Мавровски, имате реплика, повелете.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам.

Неколку пати слушнавме од господата од позицијата, дека опозицијата го брани од 1996 година, за кој што и тогаш, како што слушнавме имаше повеќе од 400 амандмани. Сега не знам дали вие тогаш згрешивте или грешите сега, дали имате чувство, бидејќи вие го носевте тој закон, го носите и овој, кога не знаете, сега или тогаш? Тоа е првото прашање.

Кажувавте 2003 година, вашиот претседател и вашата партија дека направивте голем исчекор, дека се е во ред, ги решивте сите проблеми, имаме мир, имаме унитарност, обезбедени граници, вработување на 200 илјади луѓе по еден член од секое семејство итн. Кога кажувате дека ќе ги прескочиме овие договори, тогаш ќе бидеме пред вратата на Европската унија, а кога ќе влеземе во НАТО, тогаш ќе имаме неповредливост на границите. Тоа е некаде 2007 до 2010 година но прашувам, госпоѓо, што ќе се случи ако пред тоа имаме дејство и напад, дали Република Македонија може да ги одбрани границите а не сме во НАТО? Истото ова ни беше ветувано со промената на знамето, името, со вашата коалиција со ДУИ но ние и понатаму имаме пад на индустриското производство, невработеност, немаме никакви инвестиции и понатаму одиме само подолу.

И на крајот, рековте, во 2010 година, кога ние ќе влеземе во Европската унија, ќе престане одливот на мозоци од Република Македонија. Со ова темпо со какво што тргнавме не знам дали во 2010 воопшто ќе остане некој мозок во Република Македонија, затоа што многу повеќе веруваме на евро мозоците што нон стоп ги цитирате тука отколку во овој нашиот сопствен што треба да ја води Република Македонија во напредок. Поминаа две години, доста се залажуваме со Европската унија, треба да сработиме нешто за таа Европска унија да не прифати, да ги решиме сите овие проблеми што ги говориме и да не биде после две години повторно да кажувате дека 2001 година е таа што вие 4 години не направивте апсолутно ништо. Тука е основниот проблем.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Госпоѓо Елеонора Митевска Петрова, повелете една минута.

ЕЛЕОНОРА МИТЕВСКА ПЕТРОВА:

Господинот Мавровски навистина голем број прашања искажа на кои што може да се одговори во една минута.

Не може ништо да се постигне ни со дететизам ни со песимизам. Мораме навистина пооптимистички да гледаме на работите за да можеме да видиме дека можеме

да стигнеме донекаде. Мораме да имаме верба во себе за тоа што сакаме да го постигнеме. Ако не веруваме во себе нема никаде да стигнеме.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

За реплика се јави госпоѓа Марија Којзеклиска, повелете.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Госпоѓо потпретседателке, многу инспиративен говор на госпоѓата Елеонора Петрова Митевска, како да се наоѓаме во Европскиот парламент, значи влезени сме веќе во Европската унија.

Не знам од каде и се информациите на колешката дека во 2006 ќе влезема во НАТО, дека 2007 ќе бидеме кандидат, земја со статус кандидат. Можеби има некои информации што ние ги немаме како пратеници, а ниту пак од Владата примаме такви сигнали дека со тие години можеме да оперираме.

Мислам дека она што го зборуваше во врска со влезот на Македонија во Европската унија и загарантирани граници, ние всушност се залажуваме самите себе и ја залажуваме јавноста. Ние всушност се криеме зад нашата неможност да ги решиме проблемите, пред се, проблемите во владеачката коалиција и сега решението, такви какви што сме, само побрзо да влеземе во Европската унија, за да остане Македонија во границите во кои е. Што ќе се случува во Македонија не е важно.

Меѓутоа, почитувана колешке вие го заборавате најважниот дел. Тоа е нерешениот статус на Косово. Ние и Косово сме врзани, за жал. Рековте дека во Европската унија има многу јазици. Точно, има јазици на кои се зборува, на кои се преведува. Меѓутоа има и проблеми почитувана колешке. На пример, ако не сте знаеле да ве потсетам проблем имаат со превод од португалски на словачки и обратно или било кој друг јазик.

Исто така би сакала само да ве потсетам кои се земји членки на Европската унија, каков е статусот и каква е нашата состојба во Република Македонија и колку ние можеме да влеземе брзо, пак ќе ја потсетам на она што го кажа новиот комесар на Комисијата дека имаме точка со Романија. Сметам дека е веќе невкусно упорно да не

убедувате дека ние ќе влеземе, дајте да го изгласаме овој закон, дајте да го изгласаме тој закон и на крајот пак ќе си останеме Република Македонија во “Западен Балкан”.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор госпоѓа Елеонора Митевска Петрова, повелете.

ЕЛЕОНОРА МИТЕВСКА ПЕТРОВА:

Госпоѓо Којзеклиска вие изгледа на читате што кажуваат евро пратениците, ниту пак слуШате што зборувам. Реков дека 2006 година ќе добиеме покана за НАТО, а 2007 ќе станеме членка. 2009 или 2010 година ќе добиеме покана да станеме земја кандидат. Значи, многу внимателно ги одбрав годините и ги кажав, бидејќи многу лесно можат да се најдат во изјавите на европските политичари. Ако се сомневате во тоа што го кажувам, можам да ви ги извадам податоците од интернет и да ви ги дадам. Мислам дека нема да има потреба затоа што можете самите да ги најдете.

Не се никакви празни ветувања. Вие го спомнувате Баросо. Баросо тоа го кажа првиот ден кога беше одбран за претставник на Комисијата, Европската комисија, меѓутоа подоцна се корегира во своите изјави. Ве молам, немојте да ширите дефетизам во Република Македонија овој закон оној закон. Верувајте дека сево ова што го кажав може да се оствари доколку ние навистина знаеме да одработиме и во Република Македонија и во надворешната политика.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Господинот Трифун Костовски бара збор процедурално, повелете.

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Благодарам госпоѓо потпретседател,

Ние излеговме од темата. Темата не е Европска унија и НАТО. Какви прикаски овде се раскажуваат. Па ни мали деца од прво одделение ова не можат да го слушаат.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Костовски, во рамките на својата елаборација пратеникот е слободен да употреби аргументи што ги смета за пригодни.

Во ред, продолжуваме со дискусии, бидејќи со репликите завршивме.

Збор има господинот Трифун Костовски.

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Почитувана госпоѓо потпретседател Лилјана Поповска, почитувани колеги, дами и господо, почитуван министер Гештаковски,

Најнапред од етички и морални принципи и како мој патоказ во животот морам да се осврнам, можеби со една дигресија, ќе ми дозволите госпоѓа потпретседател во врска со искажаните ставови на нашите колеги и делувањето, ние пратениците во Парламентот на база на  што ги носиме нашите одлуки за или против. Јас уште на почетокот кажав дека користам експертско познавање бидејќи не сум експерт во таа област и советувам тоа да го чинат сите колеги, а посебно Владата.

Ќе почнам со експерти. Нема наши и ваши експерти. Експертите се свои. Имаат научен лик и облик. и немаат потреба од политички маски. Морам да ве потсетам политичарите не се квалификувани веќе дека еве алуираат експертите, напротив ние мораме да го користиме нивното знаење. Госпоѓо Силјановска не е ни ваш ни мој експерт. Таа е експерт на Советот на Европа, поточно потпретседател на телото на независни експерти на Советот на Европа поточно потпретседател на телото на независни експерти за Европската повелба за локалната самоуправа.

Ги спомнавте вашите експерти, господине министре очигледно не читате печат. Ќе видите дека и госпоѓа Рената Треневска која ја спомнавте како еден експерт за локална самоуправа, го дели мислењето на останатите експерти по основ на веќе донесените закони за територијална организација и сега Законот за град Скопје, критикувајќи ги и зенамерувајќи ги објективните. Ваму не ви се потребни, очигледно. Вие сакате да ги користите како алиби. Видовте што мисли за пакетот закони др. Илија Тодоровски на Вашиот заеднички настап на Македонската телевизија.

Со локалната самоурпава во Република Македонија најтесно се бават. да појаснам, заради нашето знаење, барем да ги имаме во вид: д-р Гордана Силјановска Давкова, д-р Илија Тодоровски, д-р Мирјана Динева-Планинска, д-р

Борче Давитковски, тој од вашата партија господо, д-р Владимир Митков д-р Саво Климовски, др Наум Гризов, кого од нив консултиравте. Никој.

Од економистите, има и такви експерти: како  др Ксенте Богоев, др Живко Атанасовски, др Наталија Николовска, дали нив ги консултиравте. Не.

Се извинвуам за оваа дигресија сакам да напомнам,. Бидејќи чуствувам  должност некои работи да расчистиме. Основните начела на Законот, се вели дека оптимилизација на Учеството на граѓаните во извршување на надлежостите и почитување на природата, функционалната и административната неделивност на одредени фунцкии на градот. Можно ли да се реализираат овие начела со додавање на додавање на огромна територија. Зошто не ги прашате граѓаните во каков град сакаат да живеат. Зошто немате анализа за досегашното функционирање на град Скопје. Зошто не ги консултирате актуелните градоначалници на градот Скопје.  До последен момент не државте во неизвесност дали ќе бидат 9,10 или 11 општини. Дали ќе го додадеме Кондово, Сарај или Арачиново. Немате концепт господо. Не ги следите современите искуства на главните градови кој најчесто се организираа како единствни урбани целини, поделени на квартови односно региони. Можели Калето, чаршијата Универзитетот, Академијата, или Народната библиотека да не се дел од центарот. Ова што го предлагате е дека Скопје нема да биде град по мерка на граѓааните, туку по мерка на коалиционите партнери.

Зошто од двојазичен Центар правите еднојазична општина. Зошто јазични прашања решавате со територијални прекројувања кога и со Олдука на Советот на град Скопје може и кога заедницата е под 20%, нејзиниот јазик е службен. Вие се раководите не од функционалнота на градот туку од бројката, знаете. Тоа е политичка математика.

И на крајот повторно во текстот се вели за двојазичноста на Скопје, не се потребни финансиски средства. Можно ли е сето тоа. За улици, за натписи, за јавни претпријатија, и Установи, двојазичност во работата на  Советот на град Скопје, и актите, се да е бесплатнпо. Кој ова ќе го плати. Односно барам сметка господине министре.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодрам.

Најпрвин одиме со дискусија на министерот за локална самоуправа, господинот Александар Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Господине Костовски, многу ми е жал што не зедовте учество во предлогот за донесување на закон на градот Скопје, и сигурно и тогаш не е ништо лошо да консултирате експерти, ама да понудите решенија. Вие и сега не нудите решенија, укажувате кои биле експерти. Кажете ми кој од наведените експерти се занимаваат со организација на просторот и планирањето и уредување на населените места. Немојте да ми кажувате дека доктор Борче Давитковски кој е во Централниот одбор на СДСМ бил експерт за локална самоуправа. Човекот си е експерт за управно право и признат научник. Што ви значат вас експертите кои ве советуваат и предложете. Повелете, зборувајте и кажете по текстот на законот. Гордана Силјановска работеше три или четири години, не е ништо спорно, со странски експерти со кои се консултиравме, разменувавме мислења.

Господине Костовски, вие пред овој Парламент не кажавте јас се консултирав со академик, доктор, професор, претседател на Влада, Ксенте Богоев. Повелете дајте изјава дека Ксенте Богоев го кажува она што вие го кажувате. Сакам да зборувам со целосен респект према неговото лик и дело, неговите гледишта ги има изнесено во делот на стратегијата за економскиот развој на Република Македонија и во делот за територијалната организација, во Центарот за стратегиски истражувања.

Не се кријте зад експерти, не е лошо експерти, или само вие имате експерти. Па, господине Костовски, знае цела Македонија цела јавност дека Гордана Силјановска ви е претседател на Граѓанско здружение. Тоа не е тајна. Што е тајна? Гордана Силјановска да, Гордана Силјановска имаше можност да предложи, таа беше член на Влада на Република Македонија две или три години па не предложи закон. Ја поканивме да дојде да работи како експерт. Таа е меѓународен експерт, таа е делегирана, таа беше делегирана од Министерството, од нашето Министерство, таа треба знаењата и искуствата да ги пренесе, ни еден експерт не е повикан да дава политички изјави, ни еден експерт. Господинот Илија Тодоровски  е експерт кој работел и вие многу добро знаете

ставовите на господинот Тодоровски и ставовите на Министерството беа презентирани пред јавноста, што е најнормално. Секој експерт господине Костовски, незнам што се замислувате и што мислите со експертите. Има експерти се залагаат за една теорија, не сакам да ви зборувам за организација на главните градови, не сум експерт, јас сум министер, сум ги проучувал три, четири или пет има можности, но јас сум министер на Влада, јас овој закон го предлагам врз основа на сугестиите, мислењата, забелешките на претставниците на граѓаните, тоа е овој Парламент.

Точно ЛДП имаше друг пристап за организација на градот Скопје и тоа не е спорно. Ги искажаа своите мислења и имавме одреден дел на нивно согледување и работење на една верзија за тоа. Овој парламент кажа не. Кажаа пратениците и од позицијата и од опозицијата, кажаа градоначалниците на општините, припадници на една политичка опција или на друга политичка опција. Тие ги знаат интересите на граѓаните.

Незнам што ви станува господине Костовски да ги испитувате географиите на пратениците, да ги проучувате и да кажувате овде. Знаете, секој може да ја проучи на секого биографијата. И вашата биографија. Јас не би сакал тоа да го кажувам. Вие излегувате, доаѓате, прв пат викате на оваа говорница, сте излегле за мандат од две години и кажувате експертски мислења. Добро е, повелете кажете. Повелете вашето мислење изнесето го со амандмани врз основа на експертите и спремни сме дас се соочиме со експертите и јас како министер. Ништо не кажувате.

И на крајот, морам да кажам господине Костовски, мене лично ми создава дилема и ме убедувате дека ќе имате ваков став вие, вакво гледање на работите доколку претседателските избори на Република Македонија се одржеа во редовниот термин. Со вашето однесување во овој Парламент, на листата на мојата партија, во која бевте, во која ги прифативте принципите и критериумите, политичката платформа и ваше е право да излезете. Вие сами дојдовте, никој не ве зеде со сила, сами дојдовте, сами излеговте. Тоа е право на секој. Одлучувајте по своето убедување врз основа на експертите кои ви ги даваат. Во овој Парламент се изнесуваат ставови, амандмани, мислења,. забелешки на конкретни законски предлози. Немојте да ги злоупотребувате луѓети и немојте мене

како министер во Владата на Република Македонија, како пратеник го немате тоа право, да ме прашувате, дирекно да ме прозивате и да ми се обраќате во тој ваш стил.

Да ви кажам и првиот пат сметав како човек кој може со секого да размислува мислење. Тоа е ваш став изнесете го вашиот став во конкретниов текст на предлогот. Ништо не слушнав од вас.

Дали е добра организацијата на градот Скопје, дали се добри надлежностите, меѓу градот и општините на градот Скопје, дали е добро регулирано финансирањето на градот Скопје, соработката меѓу градоначалниците. Можеби не е најдобар, но даден е труд, не е добар. Вие мислите дека Гордана Силјановска дека знае да организира. Гордана Силјановска беше присутна на сите работни столови, сите нејзини забелешки, беше со странскиот експерт од Унгарија кога работевме, го поканувавме три или четири пати. Сериозно не можам да го сфатам ставот, во кој ако сакате да допринесете како пратеник за надградба ќе дојдевте во првата фаза на законот потоа во втората фаза на законот за територијална организација, во првата фаза на градот Скопје, јас ништо не сум сретнал, јас ги имам коментирано сите мислења, забелешки од пратеници, сите се земени, сите се анлизирани. Толку е моќта на оваа Влада да предложи.

Вие надградете го, дополнете го и повелете да имате 10 - 15 амандмани и забелешки. Јас ќе ги коментирам. Вие ништо не презентирате. Сакате да карате, не може така господине Костовски.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Процдурално госпоѓа Ганка Самоиловска-Цветанова. Повелете.

ГАНКА САМОИЛОВСКА-ЦВЕТАНОВА:

Почитувана потпретседателке,

Јас реагирам бидејќи навистина ми пречи што изминативе денови премногу често се употревува и се злоупотребува името на почитуваната професорка и експерт по локална самоуправа госпоѓата Гордана Силјановска, која не е тука и нема можност да го даде својот коментар по однос на она што е прозвано. И јас би замолила доколку мислењето на почитуваната професорка не коренспондира со мислењето на Владата и

експертите ангажирани од страна на Владата, навистина нема потреба нејзиното име да се дискредитира, да се злоупотребува и да се дискредитира нејзината стручност и нејзината личност.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Бидејќи беше употребено нејзиното име од еден пратеник во афирмативна смисла со обвинување на министерот во однос на нивната соработка, министерот сметаше за потребно да одговори, да појасни некои работи онака како што тој ги сфаќа. Така што, мислам дека во случајов беше коректно што се однесува со процедурата.

Бидејќи министерот имаше излагање кое траеше околу шест минути, реплика од три минути има господинот Трифун Костовски, а потоа ќе одиме со репликите на излагањето на господинот Трифун Костовски.

Господине Трифун Костовски, имате право на три минути реплика.

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Благодарам.

Сметав за нужно последното излагање на министерот да го прекинете за начинот на кој што се обраќа кон пратениците. Јас од говорницата не викам, туку говорам. Ако тоа што е култура господинот министер не го научил, нека земе книга за добро однесување и нека учи.

Втора работа, стенограмите од настапот од господинот Ксенте Богоев ќе ги доставм овде до Парламентот, а вие господине министре, ако не сте имале можност да читате, читајте и тогаш ќе сфатите.

Трета работа, во вашата дискусија видов само фрустрации во поглед вашата немоќ да одговорите на прашањата кои ви ги поставуваме сосема во конкретна тема, говориме за Законот за град Скопје. Вие се префрлувате за претседателски избори, вие се префрлувате за кампања, за мое влегување во политиката или почитување на Уставот и Статутот на СДСМ. Ве молам господине Гештаковски, тоа прашање не е денес на дневен ред. Оној момент кога вие како пратеничка група ќе го поставите мојот мандат тука во

Собранието на дневен ред, а да бидам искрен и се надевам дека скоро ќе го направите, тогаш може да разговараме на таа тема. Ве молам држете се исклучиво на темата.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Гештаковски, повелете.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Господине Костовски, јас исклучиво се држам на темата и барав да доојбаснам, доколку поставите некое прашање. Вие и во првата ваша дискусија по претходниот закон и по овој закон не поставивте, особено по овој закон, не поставивте ниту едно прашање на кое да ви одговорам. По Законот за територијална организација поставувате прашања директно и директно ви одговарав.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, започнуваме со реплика по говорот на господинот Трифун Костовски.

Прв за реплика се јави господинот Андреј Жерновски.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Господине Трифун Костовски, во врска со вашето излагање мене ми се тие работи многу тешки во однос на вашата дискусија.

Прво, многу ми е тешко со вас да реплицирам, бидејќи јас едноставно не знам кој е вашиот став. Добредојдовте во политиката, ви посакувам среќа, а во политиката луѓето ги почитуваат оние кои ги кажуваат своите мислења, своите ставови. И тешко ми е да реплицирам бидејќи јас едноставно јас за овие денови не дознав кој е вашиот став. Немојте да се криете позади туѓите ставови. Излезете конечно со ваш став.

Второ, тешко ми е кога ве слушам, цитирам, за етичките принципи, ако имате малку етички принцип, ако имате малку етички кодекс ќе го оставите мандатот што ви го доверија оние кои ја поддржаа платформата на коалицијата “За Македонија заедно”, а во Платформата на Коалицијата “За Македонија заедно”, јасно пишуваше дека доколку оваа коалиција дојде на власт во целост ќе го имплементира Охридскиот рамковен договор. Вие имате право да го критикувате, се разбира, имате право да гласате против и тогаш

мора да има етички кодекс на тоа што се повикувате, ако го имате, а верувам дека го имате, ќе ви наложи да го оставите мандатот и да го вратите на следниот на листата.

Трето, тешко ми е да реплицирам со вас бидејќи не сме рамнпоправни, немаме исто чуство за одговорност према оваа земја, спрема овие граѓани, спрема децата наши. Вас ви е многу полесно да дискутирате кога капиталот и фамилијата ви се надвор, а од патриотите како што се вие кои што во џебот имаат годишна карта од Австрија Ерлајнс а релација Скопје - Виена многу е тешко да се дискутира. Дојдете овде, донесете ја фамилијата и тогаш ќе можеме рамноправно да разговараме.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Трифун Костовски, повелете.

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Почитуван колега,  јас живеам во Скопје, голем дел од моето семејство живее во Скопје. Обврските често пати ме носат надвор, но тоа не значи дека јас сум отсутен од државата.

Мојот став јас го искажав пред се на гласањето за територијалната организација. Не поднесов амандман, бидејќи во принцип бев против донесување на тој пакет закони, бидејќи сеуште, ќе повторам, сеуште времето не е стасано за градење на таков степен на децентрализација, бидејќи сеуште довербата  е под голем знак прашање.

Етика, јас би ве прашал господине Жерновски кој што сте многу одамна во политиката, што вие говоревте на митинзите,  како ги добивте гласовите, дали на база на платформата, или на база на ветувањата на подобар живот, посигурен живот, имплементацијата на Охридскиот договор веќе беше завршена преку Уставот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Зе реплика се јави госпоѓа Весна Борозан.

ВЕСНА БОРОЗАН:

Јас ќе реплицирам повторно во правец на она што го искажа веќе господинот Жерновски. Имено, господинот Костовски ги консултира експертите во врска со оваа тема, а се повикува на граѓаните и нивната волја за тоа во какви општини сакаат да

живеат. Притоа очигледно господинот Костовски ги поистоветува граѓаните на Република Македонија и на градот Скопје со извесни граѓански иницијативи сочинети од интелектуалци и уметници. Господине Костовски, граѓаните се среќаваат на улица, во редовите пред шалтерите во банките, во нивните месни организации, во клубовите во кои што се собираат пензионерите, студентите и на такви места. Па ако сакате формално и во пратеничките канцеларии за средби со граѓаните. Граѓаните се оптеретени со егзистенцијални проблеми. Тие не можат да чекаат експертите да ги усогласат своите мислења, туку треба да живеат денеска. Иако вие не сакате да зборуваме за потребата од забрзана евроинтеграција на Македонија, сепак граѓаните на Република Македонија се надеваат на тоа и мора Македонија како држава да ита спрема фондовите на ЕУ, тие се очигледно единствената надеж за економско зајакнување на земјата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Повелете господине Трифун Костовски.

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Мојата желба Македонија да биде во ЕУ е дамнешна жела. И ако се сеќавате господо, прв бев овде кој што инсистирав Владата да формира посебно министерство за евроинтеграција. Од сега вие, од денес слушам дека со донесувањето на овој пакет закони ќе станеме веќе европејци. Господо, да бидеме реални и прагматични. Јас сум тука и тука ќе останам, немам намера да одам на друго место да живеам, а сакам Македонија да ја видам во Европа, но не на начин на кој што овој се промовира моментално и во Парламентот и во Владата, а да не кажам и пошироко. Сеење магла дека со овој закон веќе сме пред вратата на Европа, тоа е лага. Да не се лажеме ниту ние, ниту граѓаните. Тоа е процес, долг процес кој што мораме да го поминеме. Ние сеуште немаме решено име, нација, територија, меѓуетнички односи, а вие веќе сакате спас во Европа. Тоа не може.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави господинот Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Господин Костовски, вие деновиве ги читавте биографиите на пратениците на кои им реплициравте. Јас ќе ви прочитам што пишува во вашата. Значи од 1971 до 1989 година сте работеле во Технометал Вардар, од 1989 до 1991 година во СИТ Колугано и од 1991 година сте сопственик на Кометал Трејд - Виена. Очигледно од 1991 до денес ви фали некој податок од биографијата. И затоа да ве потсетам дека во Македонија нема делегатски систем, туку постои плурализам, постои политички систем каде што партиите одат на избори и го добиваат мандатот од граѓаните. За жал, или за среќа, експертите не одат на избори и не можеме да се повикаме на нив и тие да ни солат памет, или да не советуваат, а ние да ја носиме политичката одговорност. Јас и во мојата дискусија реков, без разлика кој ја прави територијалната организација, без разлика колку експерти учествувале, одговорноста е на политичарите, на нас легитимно избраните пратеници. И дозволиво е ние да бидеме инженери и лекари и спортисти, овде пратеници, ама ние ја носиме политичката одговорност. И да ве потсетам, на крај да резимирам, значи во Македонија постои демократија. Кога ќе сакаме да градиме технократија, ќе се советуваме со вас, а кога ќе сакам да градам фришоп, ќе се консултирам со Гордана Силјановска.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Костовски, една минута, повелете.

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Благодарам господине претседателе.

Благодарам за биографијата што ми ја прочитавте, барем сите колеги да знаат каде сум, што сум и колкав сум. Благодарам, тоа е добра реклама, морам да кажам.

Јас ништо немам да додадам од тоа што го кажав од говорницата. А доколку вие експертите ги занемарувате, ќе одиме таму каде што сте тргнале. Веќе 14 години исклучиво ЕУ, НАТО, ЕУ, НАТО, тоа се паролите на кои што се повикуваме и со кои што народот го лажеме. До кога тоа ќе трае, не знам. Вие прашајте се.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Гештаковски, три минути.

КИРЕ ГЕШТАКОВСКИ:

Почитуван господине Трифун Костовски сакам конкретно да одговорам на вашите суштински прашања што ни ги поставувате тука три дена и на секоја реплика, и на секој член од СДСМ. Прво, ќе се осврнам на вашиот концепт. Вашиот концепт е дека е рано, раните сеуште не се залечени, треба да ја спроведеме децентрализацијата, да ја оставиме територијалната организација за подоцна. Тоа господине Костовски не може, тоа не може, бидејќи кажувате од друга страна дека се залагате за договор, соживот, доверба, влез во европските интеграции и атланските интеграции, почитувасње на законот и Уставот и доследно спроведување на Рамковниот договор. Клучот господине Костовски е токму во Рамковниот договор. Таму има датуми до кога секој член од Рамковниот договор треба да се спроведе. И едно со друго не оди. Вашиот концепт дека е промашен, ќе ви кажам само една работа. Како кога ќе бараат етничките заедници да се спроведува Рамковниот договор, велат доцниме со имплементацијата. Како ќе одговорите, дека сакате за четири или осум години да се одложи тој процес. Со кое парламентарно мнозинство, со кое Бадинтерово мнозинство ќе донесете, ќе одложите, или ќе измените некој ваш нов концепт. Едноставно тие не го гласаат. Што значи тоа? Тоа значи стопирање на целиот развој на Република Македонија и запирање на Република Македонија во нејзиниот процес. Како ќе одговориме по две, три недели кога ќе стигне прашалникот од ЕУ. Апликацијата е прифатена. Треба да одговориме на првото прашање до каде е имплементацијата на Рамковниот договор.

Второто прашање, до каде е донесувањето на законот за територијална организација и за децентрализација. Господине Костовски проблемот е во Рамковниот договор. Тука е рамката, од неа нема бегање. Додека не дојдете тука од говорницата да се откажете дека не го почитувате Рамковниот договор, дека се откажувате од овој сегашен актуелен Устав и дека барате ревизија на овој Устав, дека се откажуваме од стратешките интереси и цели на Република Македонија, односно влезот во ЕУ и во НАТО пактот. Бидејќи ЕУ и НАТО во политичките критериуми кои ги има зацртано прва точка е имплементација на Рамковниот договор. Концепт кој ќе понудите вие опозицијата здружена народна, статутарна...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, трите минути изминаа.

Една минута господине Костовски.

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Господине претседателе таа минута ќе ја искористам од оваа говорница јавно да искажам дека Охридскиот договор е реалност. И јас го почитувам. Истиот е веќе влезен во највисокиот статут, односно Устав на Република Македонија. Едно што ми фали, таа доверба меѓу нас довербата како националности, како граѓани од оваа држава. Тоа е нешто што денеска го продлабочува тој јаз. Не сакам јас да учествувам во оваа игра.

Господине Гештаковски, само да знам, дали сте во роднинска врска со министерот?

КИРЕ ГЕШТАКОВСКИ:

Не.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Александар Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Господине Костовски, земете ја книгата за добро однесување, или наречена бон тон, прочитајте ја и така однесувајте се. Што ви значеше тоа, дали сме во роднински односи, или не сме во роднински односи? Сериозно ве прашувам од парламентарната говорница.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Барате контра реплика? Ова беше контра реплика на вашата реплика.

За реплика се јави господинот Талат Џафери.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Благодарам господине претседател. Господине Костовски, во вашиот говор уште од почеток не прашавте дали знаеме за европските искуства, бидејќи вие во Европа сте подолго време, јас верувам дека тоа искуство го знаете многу добро и многу добро ви е познато. Има илјада и еден пример, јас ќе ви кажам за Берлин, на 200 метри од Рајстагот

има спомeник на советските борци. Понатаму, не сакам да ви говорам за други искуства. Говоревте за бројот 20 како математичка категорија, од говорницата велите дека го прифаќате Охридскиот договор, дека тој е имплементиран во Уставот како еден највисок акт, но заборавате дека бројот 20 не е математички број, туку е уставна категорија за која се повикувате доколку ја почитувате. Во вашиот говор прашавте, кој ќе ги плати сметките, или цената за имплментација на децентрализацијата. Јас би ве прашал и ќе ви одговорам, кој ја плаќа струјата за крстот на Водно, ќе ја плаќа и цената за имплементацијата за децентрализација. Значи истите ќе ги плаќаат, а тоа се даночните обврзници. Вие господине Костовски во недостаток на аргументи овде од говорницата говорите, туку и викате. Јас би ве потсетил на една мудра изрека која вели: Качи го гласот толку колку што ти е моќта.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Костовски една минута.

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Се извинувам за недоразбирањето. 20 бројката јас ниту ја вметнав, ниту сум ја потпишал. Јас сум најмалку присталица во Македонија ние да се делиме со проценти. Меѓутоа за жал, тоа се факти и тие факти се внесени во највисоките акти кои што ние треба да ги почитуваме. Инаку, за Берлин, не можам да сфатам што беше симболиката со спомeникот на советските борци. Навистина немам коментар.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Кондарко три минути.

БОРИС КОНДАРКО:

Господине Костовски, вие во вашиот говор за законот за градот Скопје говоревте и се повикувате на експерти и на нивните ставови во врска со законот. Господине Костовски, политиката е нешто повеќе од експерти кои имаат политички амбиции и кои смениле по четири, пет политички партии. Политиката претставува преземање на одговорност за донесување на политички одлуки, а не криење и бегање од одговорност зад независни пратеници и интелектуалци. Лесно ќе беше експертите да донесуваат одлуки, меѓутоа ве прашувам, кој ќе ја понесе политичката одговорност конкретно за овој

закон? Вие во вашиот говор говорите за недостаток на политичка прагма, меѓутоа во исто време не ја согледувате политичката реалност. Затоа вие господине Костовски не можете да бидете добар политичар. И ако сакате да и помогнете на Република Македонија, подобро како пратеник независен, каков сакате, во овој Парламент говорете за економија, за економски проекти и развој на Република Македонија. Понудете и нешто на Република Македонија. Имавте прилика две години, меѓутоа вие две години не доаѓавте овде на седници. А сега кога Парламентот ви треба за политички маркетинг, доаѓате да си го промовирате вашето граѓанско движење од експерти што промениле четири, пет политички партии и што веќе никој не им верува.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Костовски, една минута.

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Повторно ќе кажам за дигресија господине претседателе. Ние овде разговараме за законот за град Скопје. Господата веројатно дали имате некои некоја хипотека што ја носите со себе, или сметате дека вие сте од самото создавање на овој свет, дека сте вие политичари. Господо, животот е политика. Ако тоа не сте го научиле, а сеуште сте млади, тоа треба да го научите и да се однесувате така.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Процедурално има Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, барам од името на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ 15 минути пауза за малку позицијата да се смири. Очигледно е дека се многу нервозни за реплики, а од друга страна им се брза.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вие имавте еден час пауза денеска.

Повелете господине Дојчинвоски, три минути реплика.

КИРО ДОЈЧИНОВСКИ:

Јас мислам дека многу простор им дадовме на овие реплики, меѓутоа изгледа дека е неопходно. Децибелите на говорот на господинот Костовски не значат и не нудат факти.

Тие можат да се употребуваат само во некои фирми. Тоа што самиот ме изненади сега, најавувајќи го во иднина неговото заминување од Парламентот, мене не ме чуди. Тој е во коалицијата Македонија заедно по негова желба. Јас од првиот ден тврдев дека тој не е независен кандидат, бидејќи никаде немаше 500 потписи, во ниеден момент не тврдев дека тој нема зад себе политичка партија која што коалицира и тој е слободен стрелец. Ако не се согласува со политиката на оваа коалиција, негово право е да си замине, никој не го брка.

Второ прашање, да се вратиме на она за кое што тој се залага за законот за град Скопје, бидејќи прво реагираше на колешката Петрова, дека таа отишла малку на страна.

Јас би сакал да му обрнам внимание само на две работи што погрешно ги интерпретира. Огромни територии на Скопје му се додавале. Да, но во тие огромни територии живеат граѓани организирани и досега и сега и утре. И тоа не се празни простори, тоа се територии каде што имаме општини, тоа се територии кои и утре продолжуваат како општини.

Изгледа дека господинот Костовски и не го прочитал текстот на законот за град Скопје. Од каде неговото тврдење дека Народната библиотека, Униврзитетот, МАНУ и тн., се надвор од општината Центар? Изгледа не го прочитал, изгледа тој го читал првиот текст што беше во постапка. Тоа нека го прочита, па да разговараме.

Трето, “наши и ваши експерти”, употребуваше цело време. Јас прашувам кои се неговите експерти, бидејќи тој рече дека консултирал експерти, ама не кажа никакво свое експертско мислење за да не убеди во нешто за кое можеме да разговараме. А тоа се експерти - јас некни ги крстив поинаку - “ салто витале”, тоа се експерти кои постојано преживуваат за да си го најдат своето место од позиција до опозија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута контра реплика за господинот Трифун Костовски.

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Господине Дојчиновски, вие сте во овој Парламент, а вие најдобро знаете зошто сте тука, посебно во овој состав не би сакал да повторувам и ценам дека минимум почит ќе имате кон тоа.

Втора работа, кога говорев за експертите, експертите не се ниту мои нитуваши. Тие се експерти и како такви го имаат заслужено тоа звање. А оној кој ја омаловажува нивната функција во еден современ систем, тој фактички е губитник.

Јас советувам Владата во иднина за сите проекти кои се од интерес на државата исклучиво да бара домашни експерти од нашиот домашен амбиент.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Хусеини три минути.

ХУСЕИНИЏЕВАТ ХУСЕИНИ:

Со сета потчит господине Костовски кон вас, но добив впечаток дека таа бројка 20, така се изразивте, е катастрофална, што ни носи несреќа, што влијае лошо. Можеби погрешно ссум ве разбрал, но јас ве упатувам да помислите во минатото дали не и дома се многу лоши работи, страдања, дури, сеуште се свежи гробовите од една друга страна. Токму поради отсуството на таа бројка 20 во политичките одлуки на оваа држава. А сомненијата за довербата денешна, дали ќе биде или нема да биде, само би рекол дека тоа е само изговор за да се одолговлекуваат процесите. Една француска изрека вели вака: со еден оптимален број на зборови "ако" можеш да го поставиш Париз во едно шише од вино, ако биде, ако, ако. Вие со толку симпатија на пример го споменавте господинот Саво Климовски. Јас кога ќе слушнам Саво Климовски, кожата ми се ежи.

ЉУПЧО ЈОРДААНОВСКИ:

Повелете господине Костовски една минута.

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Почитуван колега, навистина сте ми многу драг и морам да кажам дека во ова Собрание давате еден посебен дух и посебен амбиент. Благодарам сепка за атмосферата која ја создавате овде.

Немам никаква намера да племизирам дали бројката 20% е математички искажана или не. Тоа е стварноста која што ние сме ја прифатиле и ние сакаме тој соживот со вас да го споделиме, заедно да живееме и после 4 години, и после 8 години ние сме тука, но ќе бидеме помудри и попаметни за тоа што навистина нам ни недостасува. Нам денес ни недостасува и кај вас меѓу албанците и кај останатите граѓани

на Македонија, една сигурност, економска сигурност, економски просперитет, стандард. Тоа се работи за кои мора да седнеме тука да се договориме и да промовираме позитивна енергија како да одиме напред. Денес ние ја отвораме таа Пандорина кутија ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Костовски.

Повелете господине Ќуркчиев.

НИКОЛА ЌУРКЧИЕВ:

Почитувани колеги, почитуван и уважен господине Костовски, навистина апсолутно имав намера да реплицирам денес, меѓутоа, вие бевте единствениот пратеник, единствениот колега кој го злоупотреби моето име од оваа говорница, па ќе ми дозволите накратко да кажам збор два за тоа.

Јасно ми е дека од оваа расправа многу научив. Сватив дека некои колеги не само што го немаат прочитано Законот за локалната самоуправа, да не зборувам за Европската повелба, нормално е во вакви околности да се трудат да не убедат во нешто или да цитираат од неа. Сватив дека добар дел од пратениците навистина состојбите во нашата локална самоуправа ги знаат колку што ги знаат шпанските села. Се обидуваат дури да ни кажуваат и за искуствата од другите земји.

Бидејќи беа спомнати многу експерти, дали биле ангажирани или не, јас уважен господине Костов, да ви кажам дека со барем половината од оние што ги спомнавте до сега сум учествувал на разни семинари, работилници во Македонија и во повеќе европски земји, не само во Конгресот на локални и регионални власти во Стразбург, во Полска, во Унгарија, Романија, Италија, Шпанија и тн. и тоа не по еден ден туку по повеќе денови, токму на оваа тема за која денес дискутираме. Најголемиот експерт, господ за локална самоурава е професор Балдучи, пред кого и најголемите експерти ја симнуваат капата. Со него јас се консултирав. Доктор професор Валерија Валери дојде два пати во последниот месец и со неа разговаравме. Можеби овие имиња не значат нешто за голем дел од пртениците, меѓутоа, за експертите значат многу.

И уште една мала работа. Во делот каде што го спомнавте извештајот на господинот Холгер Пинт, на истата страница каде што го пишува моето име, каде што ме

спомнавте вели дека “може да се очекува дека имплементацијата на Законот за локалната самоуправа сериозно ќе доцени, како што доцнеше, за реформите за децентрализација традиционално потребно е многу време, 5 до 10 години и истото се однесува на територијалната организација која честопати е најтешка од сите реформски елементи. Повеќето градоначалници во Република Македонија, а со нив и многу од жителите вообичаено не ја поздравуваат”. И она што е највачно, на истата страница пишува: “Република Македонија нема време да чека, Република Македонија мора да го искористи токму овој термин и да ја донесе и ако се знае под притисок и Парламентот и Владата”.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Ќуркчиев.

Повелете господине Костовски.

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Благодарам господине претседателе, една минута ќе биде контра репликата.

Јас мислам дека вам ви го паметам името, вие сте Никола Ќуркчиев. Незнам кому му се обративте, премиерот Костов колку што гледам не е тука, јас сум Костовски. Ми го цитирате Пинт, на вашиот колега не му го знаете презимето. Господине Ќуркчиев, каде живеете?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Тромбев имате три минути реплика.

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Господине Костовски, денес ме убедивте дека сме на правиот и вистински пат во однос на решението што го преземавме, а ќе ви кажам зошто.

Во 2001 година додека сите ние се убедувавме дека единственото решение за Република Македонија е Рамковниот договор, вие со Форумот 2000 бевте против истиот тој Рамковен договор. Денес од оваа говорница вие кажавте дека го поддржувате Рамковниот договор. Убеден сум дека по три години ќе зборувате дека ова беше најдоброто решение за територијалната поделба.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Костовски, една минута.

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Пред се, ставот во 2001 година за Рамковниот договор беше бидејќи потпишување на договор под присила тоа не е веќе мировен договор, тоа е капитуалација. Меѓутоа, животот оди натаму. Јас не сакам да бидам роб на некои нешта кои што треба да ме влечат назад. Заради тоа со сиот свој авторитет, знаење и умеење истиот го прифаќам како реалност и се трудам да се однесувам во рамките на Уставот на Република Македонија, а не веќе според Рамковниот договор. Според тоа, говориме за Уставот кој е имплементиран.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор господинот Коце Трајановски, а по него гоподинот Абдилаќим Адеми.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Му честитам на господинот Костовски што ги издржа сите овие реплики. Навистина беше интересно последниве 20-тина минути да се во Парламентот. Значи не е само опозицијата таа која се спротивставува на ова.

Би сакал да кажам нешто конкретно во врска со овој закон. Сметам дека 10 минути се малку за да се говори за главен град, за градот Скопје, за престолните на Република Македонија, за најголемиот град, за деловниот центар и за жал за стопанскиот и индустриски центар на Република Македонија, значи голема концентрација на граѓани, на стопански објекти.

И што е она што посебно ги вознемири  граѓаните на Скопје, а и во целина на Република Македонија со донесувањето на овој закон?

Тука две работи се круцијални. Ние ги напомнувавме во сите наши досегашни дискусии и само накратко би сакал да ги изнесам, а тоа е двојазичноста на градот Скопје, со додавање на уште една десета општина, општината Сарај која сакам да потенцирам дека не беше дадена во првиот предлог и која уште во првата фаза со Советот на општина Сарај се изјасни дека сака да биде самостојна општина  надвор од границите на Скопје. И што е уште позначајно, стравот кај луѓето дека можеби ќе се продолжи со овој

процес кој ќе биде негативен за Република Македонија, тој страв владее кај луѓето, тоа се делби, федерализација, гетоизација, кантонизација на Република Македонија, воопшто не би сакал да поверувам во тоа, меѓутоа се будат чувствата секаде кога се менуваат некои територијални граници. Тие чувства извираат од внатре, не можат да се сопрат.

И второ, внартрешното прекројување на општинските граници во градот Скопје со формирањето на новата општина Чаир од старата општина, или нова општина Кале, која е чист политички договор најавуван уште од почеток, а еве и се оствари со припојувањето на одредени делови од општина Центар кон постојната општина Чаир и отстранување на одредени делови од општина Чаир и формирање на посебна општина Бутел.

Тука ќе направам мала дигресија, сепак пак по Законот а не надвор од Законот. Сакам да се осврнам на текстот на Законот и она што значи надлежности.

Во Глава ИИИ од Законот се зборува за надлежности, а деталните урбанистички планови за разлика од првата фаза сега се префрлаат во општините. Сметам дека тоа е добро, тоа е она што се сугерираше и во нашите дискусии во првата фаза и се сугерираше од страна на градоначалниците, а и во пошироката консултација.

Второ, во областа на комуналните дејности се дава можност, покрај на градот Скопје, и општините да формираат јавно комунално претпријатие и тоа го поздравувам, иако во првиот говор го критикував со оглед на тоа што потекнувам од општина Гази Баба која има поголем рурален дел каде јавните претпријатија на градот Скопје, воопшто не ја извршуваат својата функција. Според нивните законски норми во рамките на Генералниот урбанистички план, општината неможеше да формира свое јавно претпријатие, така што се правеа некои варијанти кои сепак сметам дека не беа системски и законски. Со ова решение сметам дека е добро што е прифатено тоа да биде така и општините ќе добијат уште една ингеренција која ќе биде општинска.

Што се однесува до финансирањето во Главата В, таму пишува дека ќе се формира заеднички фонд и тоа го поздравувам, меѓутоа лошо е тоа што се вели дека методологијата ќе биде пропишана од Минстерството за финансии. Сметам дека тоа не е добро бидејќи секогаш кога нешто се префрла не е во законот, а останува надлежност на министерствата, барем практиката покажала дека секогаш не се добри решенијата и во

тој случај секогаш ќе бидат на штета на општините, но сметам дека ќе бидат во корист на градот. Значи, тука е мојот сомнеж.

Даноците, како што се данокот на имот, за наследство и подарок, данокот на промет на недвижности со сооднос 50% : 50%, сметам дека требаше да биде повеќе и тоа го кажавме во нашите дискусии, ако сакаме да имаме општини кои навистина ќе бидат посамостојни тој процент требаше да биде поголем во корист на општините.

За комуналните такси предлогот е 50:50, мислам дека беше 60:40 во досегашниот закон. Меѓутоа, и тука мојата забелешка е дека требаше да биде во прилог на општините и нормално, за таксите за користење на површини за кампови, такси за користење на музика во јавни локали 70% за градот, 30% за општините, а сепак бучавата се случува во општините, тие се тие кои тоа го трпат и сметам дека треба да имаат поголем процент за да можат тоа да го анулираат што повеќе.

Тоа беше онаа дигресија во финансискиот дел и во делот кој ги уредува надлежностите на општините и градот Скопје. Тука се направени одредени подобрувања и ги поздравувам, но со некои забелешки дека тоа не е до крај направено.

Исто така, она што ја вознемирува скопската и државната власт и граѓаните во Република Македонија е припојувањето на општината Сарај. За тоа веќе кажав и нема многу да елаборирам, ги кажавме сите наши аргуменити поради кои сметаме дека општината Сарај треба да остане надвор од границите на Скопје, како посебна независна општина, која во досегашното постоење навистина покажа дека може и треба да биде посебна и независна општина.

Она што не го кажавме, а сакам особено да го потенцирам е што не се консулирани граѓаните на градот Скопје. Градоначалникот Пенов упорно молчи и покрај сите прозивања, и покрај сите повикувања да организира изјаснување на граѓаните.

Исто така, сакам да потсетам дека се припојуваат 16 рурални места кон градот Скопје, не реков поединечно едно или две, тоа е друго, меѓутоа, овие 16 рурални места моментално се организирани во две општини или се предлага да бидат во една општина и тоа е она што навистина би било вистинското решение.

Пак останува дилемата зошто Драчево не е посебна општина, иако во поголем дел и повеќе урбана отколку што е општината Сарај. Таа има околу 30.000 жители, значи толку колку и оваа општина, компактна е, меѓутоа, сепак морам да го искажам своето жалење што не стана општински центар во рамките на градот Скопје.

Она што исто така сакам да го напоменам, тоа е за општината Бутел. Тоа е новоформирана општина од општината Чаир, значи еден дел од Чаир и само од Чаир се формира една нова општина Бутел во која се придодаваат населените места Љубанци, Љуботен, Радишани, Кучевачка Бара, и некои други населби кои се навистина рурани делови. Меѓутоа, пак би сакал да го поздравам тоа што се прифати од нашите дискусии во првата фаза Визбегово со индустриската зона да припадне кон општината Бутел и со тоа општината Бутел да добие една аргументација за нејзиното опстојување, иако нашите дилеми и нашите укажувања остануваат неостварени во делот на најзначајните објекти и институции од постојната општина Чаир во која учествувале и граѓаните на новоформираната општина Бутел која се издвојува од општина Чаир, а тоа се Стадионот, Спортската сала, Базенот, Топланата, Гимназијата”Цветан Димов” Поликлиниката, новата општинска зграда која ќе се направи, покриениот пазар, трговските центри.

Значи, сето тоа останува во општина Чаир, или како што најчесто милуваат да ја кажат стара општина Кале, што е далеку од тоа која што се формира со одземање или со припојување на голем дел од деловите на потојната општина Центар, меѓутоа не се почитуваше ниту референдумот на општина Чаир, што сметам дека е за жалење.

Сметам дека општината Бутел е колатерална штета со формирањето на новата општина Чаир, што ја нарекуваат општина Кале.

На крај сакам да кажам дека јас ќе гласам против овој закон, затоа што сметам дека е штетен пред се за градот Скопје, и пошироко за Република Македонија. Нашиот став е градот Скопје да остане во постојните граници и со постојните општини и границите на општините кои егзистираат во Скопје да бидат со постојните граници. На тој начин помалку ќе беа проблемите меѓу населението, меѓу етнички и било какви и сметам дека така градот Скопје подобро ќе функционираше.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Кондарко, имате три минути.

БОРИС КОНДАРКО:

Г-дине Коце Трајановски, на почетокот од вашиот говор воочив како срдечно му честитате на г-динот Костовски за поддршката што ја дава на вашата политика па тоа ми отвори дилема и да ви го поставам прашањето како на координатор на пратеничкат група дали тоа отворено значи, како што г-динот Георгиевски му нудеше на Костовски да биде претседателски кандидат, дали вие веќе си го одбравте и најдовте кандидат за градоначалник на град Скопје.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Трајаносвки.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Јас му честитав на г-динот Костовски што ги издржа сите реплики на позицијата. Мислам дека не беше толку фер од позицијата, бидејќи сепак беше носител на листа и благодарение на г-динот Костовски, во изборната едница 2, Коалицијата за Македонија освои голем број пратеници. Ќе потенцирам, благодарение на г-динот Костовски, тоа не треба да се заборави.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Кире Гештаковски.

КИРЕ ГЕШТАКОВСКИ:

Г-дине Коце Трајановски, криво ми е што морам тебе да ти реплицирам затоа што високо те ценам навистина, но чашата се прелеа. Ќе реплицирам само на еден дел од вашиот говор, во делот каде што велите дека ова е чист политички договор, дека ова е консензус помеѓу политичките партии во Владата, дека ова е консесуална демократија.

Господине Коце зошто тоа мора да биде така, одговорив на репликата на г-динот Костовски, заради Бадинтеровото мнозинство. Сега, ќе ве потсетам вас кој ги воспостави тие норми во Република Македонија.

Со одлука на Влада на вашата Влада, со потпис на вашиот премиер бивш, со учество на министри кои учествуваа во таа одлука на малтене првите два реда лево од

мене е донесена одлука ниеден закон, ниедно закнско решение излезено од владина процедура да не смее да се продолжи процедурата до Собранието ако нема политички консензус меѓу коалиционите партнери.

Отидовте понатау. Од вајца министри во Владата на Република Македонија воспоставивте 6 министерски места.

Отидовте понатаму. На локално ниво измисливте изум каде што коалиционите партнери ќе се договараат во распределбата на раководните места во општините. Сега бившиот тој премиер е многу загрижен дали со новите надлежности во Струга и Кичево раководителите ќе бидат бирани, во здравство и образование и дали ќе бидат терани македонците од работа.

Господине Трајановски се обидуваме со сите сили во овие рамки да најдеме единствен можен концепт со доверба да ја внесеме Република Македонија таму каде што треба. 1998 година ви оставивме држава без рамки, ја најдовме со рамка. Ви оставивме држава со еден Устав најдовме држава со друг Устав. Ви оставивме држава прва на Балканот по сите перформанси, освен Словенија и Чешка, ја најдовме само пред Косово и пред Босна.

Господине Трајановски, пуштете не да имаме консензус на овие стратешки интереси и цели на Република Македонија. Ова е единствениот можен начин за спас на државата и влез онаму каде што треба. Во меѓувреме што треба да направиме? Да бидеме единствени, да ги зачуваме границите на Република Македонија до влезот во НАТО  и да ги зачуваме животите на нашите деца.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Трајановски, дна минута.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Навистина треба многу прашања, значајни прашања да се јавам за говор за да можам да одговорам на сите, меѓутоа ќе се обидам.

Господине Гештаковски 1998 година не оставивте вие држава прва на Балканот, вие оставивте тотално осиромашена држава и затоа толку катастрофално изгубивте. А, што се случи 2001 година, прашајте ги тие што седат позади вас неколку места, ќе ви

објаснат зошто и како. Впрочем и го кажаа јавно, незнам дали бевте тука, а мислам дека бевте, јавно кажаа зошто ја направиле кризата и кој е виновен за таа криза.

Колку министерства има и колку ние сме дале, колку вие сте дале, нека се види сега кои министерства ги држите вие, кои ги држи ДУИ и сосема ќе биде јасно каков однос на сили сте воспоставиле.

Јас не сум рекол политички консензус, јас сум рекол само политички договор. Политички консензус вие сте го измислиле.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Адеми имате збор, а потоа нека се подготви пратеникот Исмет Рамадани.

АБДУЛАЌИМ АДЕМИ:

Благодарам, г-дине претседсателе,

Ќе бидам точен и ќе се придржувам на времето и на точката на дневен ред.

Заснивајќи се на Уставот на Република Македонија каде што се вели дека Скопје има посебен статус и се регулира со посебен закон и заснивајќи се на точката 4 на Законот за локална самоуправа министерот за локална самоуправа ни предлага закон за градот Скопје и ние дискутираме за овој закон.

Секој што дискутира за овој закон и за децентрализацијата во прв ред треба да го има прочитано Охридскиот Рамковен договор и Законот за локална самоуправа што е изгласан 2002 година.

Секако постојат различни модели за регулирање на локална самоуправа, а во случајот на Скопје, како центар е избран моделот на 2 нивоа, каде што градот има свои органи со свои компетенции и општините имаат свои органи и компетенции кои што се поредуцирани од drдругите општини кои се вон градот Скопје.Овие компетенции се добро хармонизирани, изедначени, балансирани, точно со овој закон.

Се слушнаа многу аргументи овие денови за и против предлогот на Владата за територијална органицација во целост, но и за градот Скопје посебно.

Посебно сабљите се вкрстија околу придодавањето на Сарај кон Градот Скопје. До денес не успеавме да ја убедиме опозицијата за овој предлог и немам намера ниту да се обидувам да ги убедувам понатаму, меѓутоа ќе ги дадам моите аргументи.

Тука слушнавме квалификации, различни оценки, отворени ставови изнесени од говорницата за придодавањето на овие места кон градот Скопје и против Охридскиот Рамковен договор. Во овој предлог што се понудува од Министерството за локална самоуправа само се прави обид да се поправат грешките направени во поделбата од 1996 година.

Потоа Скопје, како главен град на Републиката требада да го рефлектира составот и реалноста на Република Македонија.

Сите оние кои што се спротивставуват на употребата на албанскиот јазик и велат дека ова е во спротивност со Охридскиот Рамковен договор треба да имаат предвид дека амандманот 5 на Уставот на Република Македонија и членот 4, алинеја 2 од Законот за локална самоуправа каде што се вели дека Законот за локална самоуправа важи и за Скопје како единица на локална самоуправа. Значи таму каде што една етничка заедница над 20% може да го употребува и сопствениот јазик. Тоа се прави и во градот Скпоје.

Потола треба да го имаме предвид и фактот дека во Сарај се наоѓаат богати природни богатства кои со декади ги употребува Скопје и пошироко Републиката, затоа неразбирливо е да ги користиш добрата на таа територија, а од дрдуга страна становниците на таа општина да не можеш да ги скрпиш да ти бидат соседи заедно со тебе, дел од Скопје.

Има уште многу аргументи меѓутоа во интерес на времето нема да ги употребувам.

Се спомна тука и старата чаршија и отворено беше речено дека едендел од нејзе не треба да припадне на општина Чаир. Ова за мене е неразбирливо. Со ова сакате да кажете дека идното раководство на општина Чаир нема да се грижи за Чаршијата, но јас ќе ви речам дека не треба да се грижите за Чаршијата затоа што верувам дека идносо раководство на Чаир ќе се грижи околу Чаршијата подобро отколку досега.

Јасј во интерес на времето ќе ја завршам овде мојата дискусија и ќе речам дека ќе гласам за овој закон.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелетете г-дине Исмет Рамадани.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, претставници на Владата.

Еве колку што дебатираме дозволете ми како еден од пратениците со поголемо искуство да ви дадам комплименти како колеги дека навистина овие денови расправавме, иако имавме разни концепти кои се во судир, но доста добро расправавме. Ова е доста значајна, бидејќи од оваа расправа гледам дека и на теренот луѓето почнаа да доаѓаат до информации или градење на нивните ставови малку поправични. Ова е нешто добро.

Ние кога расправавме и за Законот за градот Скопје, повторно ќе кажамдека има работи кои на позитивен начин се подобрени во одно сна првиот текст на Законот и има доста позитивни измени, но можам да кажам дека можело и подобро да се изготви во интерес на граѓаните во однос на овој предлог закон. Често пати заборавме кога дискутираме, кога велиме Скопје со општините е Скопје, и забораваме дека тие општини имаат и свои надлежности. Не значи дека тие граѓани кои живеат во рамките на скопските општини нема да бидат граѓани кои ќе ги кристат сите можности со своето општинско раководство во рамките на нивните надлежности да управуваат во локални рамки.

Но, овде има судир на концепти. Може би опозицијата со позицијата со овој факт. Ние од природноматематичките науки велиме има еден концепт кој е како центрифугална сила. А, повеќе ова го имаше во употреба како теза опозицијата. Значи дека тезата на изземање од градот од тоа што значи урбано на руралните општини и другите тези кои имаат спротивн насоки или други објаснувања. Поштетни се тезите почитувани колеги доколку се изградат врз основа на една позадина. На македонски, ова ќе биде ако се гради теза врз основа на задни намери. Доколку дискуиите и нашите говори од и се градат тези кои се развиени и се развиваат врз основа напозадината што ќе се случи и врз основа на степенот на довербата, тогаш овде правиме грешки како пратеници, а јас тоа го кажувамсо една добра намера.

Илиња, може да прават и експертите. Секоја почит до експертите и луѓето кои се на врвот на науката, но и експертите кога ја продаваат нивната интелектуална работа на

пазар или не еден нелегален пазар можат да направат грешки и со свеста. Многу се говореше, може да се случи некој од експертите не ангажиран во проектот и со самиот факт дека не можел да дојде до 20 - 30 иљјади евра, веднаш може да го нападне тој концепт кој се исто така субјективни причини.

Вие увидовте и бевте сведоци дека амандманите, јас еден по еден не би сакал да ги бранам, или да говорам за иститe, бидејќи најчестата реченица која беше присутна овде и ислушана беше од министерот - не се прифаќа амандманот. Ова беше реченицата која беше поприсутна во текот на амандманската расправа. Зтоа сакав во мојата дискусија кога говорам за членот 7 јас барав на еден начин Арачиново и Студеничани да бидат дел како општини во рамките на градот Скопје, но кога слушав дебата само за Сарај за да биде во Скопје, тогаш јас се обесхрабрив како пратеник, иако ја држам тезата и мојот принцип дека би било добро и Арачиново да не остане како еден резерват туку да биде во рамките на Градот Скопје, тука направивме еден исклучок за Брњарци, се прифати тоа, но и покрај тоа во политичката димензија на македонски звучи лошо - граѓаните македонци ги донесовме во градот додека албанците ги отстранивте или ги оставивте таму каде  што се.

И покрај тоа кога се поставува прашање за надлежностите, доколку беше Арачиново со Скопје и со надлежностите како општина ќе имаше подобри шанси да се развива и да има контакти со урбанизираниот дел.

Членот 8 каде што станува збор за општина Чаир, општина Чаир е општина која што е преполна со супстандарди. Доколку ја видите картата на Скоје, вие сте ја виделе таа карта, се гледа и границата дека со површина останала најмала општина во рамките на Градот Скопје. Во рамките на субстандардите не е дадена можност да се  прошири малку повеќе со капацитети и да се помогне на тој супстандард, на куќите во кои живеат тие граѓани, во мнозинство албанци на еден начин да имаат извори на средства од самите себе си и со друга помош да можат да се изменат тие супстандарди и да се подобри животот и во ова населено место.

Јас немам време да читам кои се нашите предвидувања, како треба да изгледа општина Чаир, бидејќи сте го виделе амандманот, а и времето не ни дозволува да говорам во оваа насока.

Во однос на надлежностите, во членот 10 се вели дека именување на улиците, именување на плоштади итн., според мое размислување треба да биде во надлежност на општината а не во рамките на градот Скопје.

Овде Скопје има надлежност како град или Советот на градот Скопје во однос на општините на средните училишта, за разлика од општина Аарачиново или другите општини надвор од Скопје, го немаат тоа право да одлучуваат за среднитеучилишта односно за тоа одлучува градот Скопје, додека општината само дава размислување. Во овие надлежности има едно преплетување на надлежностите, кои помалку или овеќе, дури се плашам дека доколку сето ова излезе на Уставен суд, може да се случи со членот 115 со толкување на градот Скопје, да имаме проблеми околу односот градот Скопје и општините на градот Скопје.

Во членот 50, според мое размислување, еден член во кој се овозможува употребата на јазицте, тие кои го говорат над 20%, а да бидам потранспарентен на албанскиот јазик. Мислам дека ова е најголемото позитивно размислување. Јас знам дека има и други размислувања, спротивни размислувања, позитивното достигнување и на употребата на албанскиот јазик како втор службен јазик во градот Скопје, дури според мое размислување, тие кои говореле, значи партнерите на коалицијата, дури и албанскиот партнер ДУИ можеби направил компромиси во врска со протегањето на границите на општина Чаир и отстранување од претходниот предлог.

На крајот би привршил се направени компромиси во насока само треба да ги убедиме граѓаните дека компромиси имало од сите страни и со сите овие забелешки што ги кажав, треба да се подржи овој предлог закон и јас ќе бидам тој кој ќе го подржи овој предлог закон.

Да завршам со уште една реченица. Мислам дека полека како пратеници го положуваме испитот, бидејќи ние сме единствен Парламент во Европа кој работи во месец август и граѓаните треба да не разберат дека ова го правиме во интерес на сите

граѓани и се надевам дека овој позитивен дух од овде, од ова Собрание треба да се пренесе до сите граѓани на Република Македонија. Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Караџоски имате реплика од три минути.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине Рамадани, од вашата дискусија колку што можев да разберам се залагате на градот Скопје да се додаде и Арачиново. Тоа го читав и во амандманите кои што беа предложени од вас и од вашиот колега од истата пратеничка група. Едно ме чуди, се залагавте и сега се залагате општина Арачинува да не остане резерват, а на амандманската расправа не бевте тука пристуни. И, сега, не ми е јасно, поднесовте амандман само колку да кажете дека сакате Арачиново да биде тука и не дојдовте да образложите, ниту да повикате да гласаме. Од каде знаете, можеби ќе гласавме. А, еве и зошто. Зошто кога може Сарај да не и Арачиново. 20% се постигнати, па нека се и 50%. Тоа е ист ѓавол, двојазично е минимум 20%. Значи, ниту нешто се добива ниту нешто се губи. Проблемот беше во тоа господине Рамаднаи што Вадата се мислеше дали Арачиново или Сарај. Но, Арачиново не му беше бројката доволна , уште малку сте таму албанци за да може да го направите Скопје двојазично, па се најде варијантата Сарај е помногуброен и така го исполнуваме цензусто од 20%. Е, тука господине Рамадани сте изиграни од Владата и бадијала трчавте со ДУИ на избори. Гледате како одат работите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Рамадани имате една минута реплика.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

До колку знаев дека ќе го гласаат тој мој амандман, ќе направев заложби и ќе се потрудев да го образложам уште малку подобро, но чекам некој мој предлог од оваа природа малку пдоцна на некоја наредна седница да го гласа парламентарната група на господинот Караџовски, бидејќи и покрај тоа некогаш треба да се чека и од опозицијата, здружена опозиција, без оглед дека ние сме различни во некои тези и нивното образложение, но како и да е јас реално ги гледам работите и им приоѓам. Доколку и

Арачиново беше во рамките на градот Скопје , како што беше расправата за Сарај, една работа ќе ја знаев дека синоќа немаше да се гласа овој зкаон.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Шакири, повелете.

ХИСНИ ШАКИРИ:

Почируван господине претседателе, почитувани пратеници, почитуван господине министре, гледам дека се приближува крајот да привршиме со овие закони кои што мислам не треба да губиме време да дебатиртаме повеќе, затоа што се закони кои што се поврзуваат со Охридскиот договор, туку се закони кои што се во врска со реформите во Македонија, како закони кои ја прават децентрализацијата. Граѓаните очекуваат доста. Со оглед што сега зборуваме за градот Скопје, мислам дека сето она што го рековме за законот, за територијалната организација на Република Македонија во рамките на кои беше и Скопје, сепак Скопје вреди да се има една посебна дискусија, затоа што Скопје е симболика на целата држава. Тоа е еден град кој што има историско минато, доста богато, не само во Македонија, туку и на Балканот. Тоа е симбол на мултикултурата, тоа е еден град со една стара античка традиција, каде што земајќи предвид во последен период, каде што Македонија одејќи кон демократизација, имало разни предизвици, меѓутоа Скопје секогаш бил стабилен град и бил статичен во неговата политика на изградба, на мултиетничката политика и на мултиетничка култура. Скопје рефлектира позитивно во оваа насока, ситуацијата и има посебно место. Кога велам заслужува еден посебен респект и има псебно место во оваа насока, Скопје како град на сите етнички заедници, каде што вонего живеат една четвртина популација на Македонија, може да се очекува Скопје во иднина да биде град од еден милион жители, затоа што демогравскиот развиток во Скопје во последно време е толку голем и ме зачудува една теза на неколку пратеници, кои сакаат да го смалат Скопје и да го остават во рамките на , јас не сум градежен инжинер, меѓутоа, не ги познавам работите околу урбанистичкиот план, еве Томе Тромбев ми дава знак, а тој е стручњак во оваа насока, меѓутоа има малку предвид, познавајќи го животот во Скопје, скопското секојдневие дека Скопје треба да има простор за понатамошно растење. Доколку, бидеме ладнокрвни ние Скопје во иднина треба да му

дадеме перспектива и да биде град и во деловите кои што не се урбани, а тие воопшто не го пречат Скопје во неговото урбано растење. Тие тези се погрешни и не стојат и тука гледам дека целата оваа дебата содржи во себе нешто друго. Сето она што дебатата од дискусијата се ориентира таму, зошто во Скопје се исполни црната категорија од 20% албанскиот јазик да биде службен јазик. Да бидеме внимателни и јасни. Не би сакал дебатите да одат во оваа насока, но гледам дека сите сме во еден центар и сите се движиме околу тоа што е зеднички интерес. А, што е заедничкиот интерес? Сите сакаме да имаме подобра иднина, а таа е во рамките на тоа што е заеднички живот, а заедништвото се гради само врз основа на тоа што е запишано во Охридскиот договор, но тоа е веќе уставна категорија. Зошто, на пример, во Скопје да ја немаме реализацијата на Охридскиот договор, некои обвинуваат зошто ова е направено во Скопје. Имам на располагање само 10 минути .Во овие работи треба да бидеме сигурни да гледаме напред. Нашата иднина е во концептот на мултиетничка држава и тоа треба да биде рефлектирано во Скопје. Меѓутоа, тоа не треба да биде товар само на едната страна, само на македонскиот народ или албанскиот народ, туку сите етнички заедници треба да работат за градење стази, долги стази кои што не водат кон потполна интеграција на Македонија, а тоа зависи од овој политички концепт. Додека го мериме говорењето на кантар, ова вака, она така, не треба да гледаме толку. Меѓутоа, ве поздравувам сите за онаа клима, многу добра клима и треба да продолжиме во тој дел. Не гледам интерес на опозицијата и позицијата, туку гледам интерес на сите граѓани на Македонија, интересот кој што е фундамент за понатамошниот развој на Македонија со овој политички концепт во иднина мислам дека нема да ги имаме овие проблеми и нема да се соочуваме со нив. Ќе се соочуваме со економски проблеми, а тоа се заеднички проблеми и сите ќе се бавиме на еднаков начин, без оглед дали сме опозиција или позиција, етничка припадност, меѓутоа , сите ќе се бориме околу еден интерес за Македонија да ја изнесеме од оваа тешка економска ситуација. Мислам дека ќе се вложат сите сили политички да имаме дебати за доброто на Македонија. Благодарам уште еднаш, верувам дека сме пред крајот и мислам дека овој состав на Парламент треба да ја има својата тежина и во иднина да го даде својот дел во затворањето на реализацијата на

Охридскиот договор. Мислам дека сме кон крајот и заслужуваме почитување и од самите граѓани. Имаше неколку дискусии кои излегоа од рамките, но сепак тоа е во рамките на дискусиите.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Крајот ќе го видиме, градот Скопје-дине Шакири, кога јас ќе ја затворам расправата.

Повелете градот Скопје-дине Караџоски имате три минути реплика.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине Шакири, кога кажувате реченици довршувајте ги, затоа што погрешно се разбираме. Ве слушаме велите верувам дека сме пред крајот и тука завршувате. За кој крај имслите? Мислам дека треба да бидете јасни, затоа што станува збор за човек Хисни Шакири, мислам не е нешто случајно.

Второ, кажавте во својата дискусија на почетокот дека за Скопје вреди да се дискутира. Точно, ама за Скопје и да се пазари според вас. Е, ама за пазарџии ве бива, но некој друг не го бива. Тоа обично така оди. Вас ве бива, махерски се испазаривте. Дилемата беше Арачиново, математика ви оди, Сарај го измисливте и дојдовте до целта. Сега прашувате дека некои пратеници сакале да го смалат Скопје. Вие очигледно сакате да го направите милионски град, само на истиов ли овој начин? Значи ли тоа градот Скопје-дине Шакири дека следниот предлог ќе биде и Арачинови и некои друти таму околу Скопје, Студеничани, па можеби и Велес, половина Македонија, па да стане Скопје милионски град. Да не заборавиме само ако има во тој дел повеќе од 20% албанци. Зошто во Скопје да немаме реализација на Охридскиот договор, тоа беше вашата теза и се држите околу тој Охридски договор. Е, па почитуван господине Шакири, затоа што тој договор е склучен во Охрид и тоа е една од тие диелми. Друга дилема е зошто, затоа што услови за примена на Охридскиот договор Скопје немаше. Кога се потпишуваше тој Охридски договор, затоа што Скопје беше без Сарај, да ве потсетам. Затоа што, вие вештачки правите, додавате, одземате, математика добро ви оди, имате учено веројатно уште во време на ОНА, за тоа како тоа се одвива. Тоа добро го направивте и сега велите зошто Охридскиот договор да не се примени во Скопје. Зошто, одкако го направивте

голем град, како што вие викате. Зошто не го применивте без Сарај Охридксиот договор, ама немате 20%, и тука е проблемот. И сега овде ни држите предавање што сте против албанскиот јазик. Воопшто не сме против, меѓутоа, го немаше албанскиот јазик како службен, затоа што не Скопје не постоеше како град со Сарај. Толку, а ако се сетам за нешто друго, ќе дискутирам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Шакири, една минута.

ХИСНИ ШАКИРИ:

Би сакал да кажам нешто конкретно на господинот Жарко Караџоски. Знам по професија не е географ и не ги познава овие работи кои што се поврзуваат со географијата. Јас го имам предвид географскиот аспект и позицијата која што ја има Скопје, а во иднина можеби Скопје ќе се поврзи со Куманово, затоа што Скопје има параметри да биде град на Балканот со понапредна позиција што се однесува до развојот. И тука се сложуваме. Она што го реков дека сме пред крајот, ова храбро го кажав, затоа што гледам дека и од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ, кои што имаа едно разбирање, се разбираме меѓу себе и затоа сме нашле еден заеднички јазик овие закони да се донесат. Кондицијата која што ја имавте на почеток, мислев дека ќе не фати зимата со маратонските дебати.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Трајановски имате три минути реплика.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе,

Секогаш се трудам на господинот Шакири да му реплицирам, бидејќи сме и од претходниот мандат заедно, но за жал, човекот избега од Парламентот, па немавме време да бидеме малку повеќе. Мило ми е што вака слушам позитивни искажувања од господинот Шакири и вака изолирано ако го посматраме, мислам дека се е во ред. Меѓутоа, се сомневам дека и така мисли како што дискутира. Зборувајќи за Скопје дека е град мултиетнички, културен и сето тоа, меѓутоа, ако се вратиме три години наназад во

2001 година, господинот Шакири преку Арачиново и кризниот регион директно му запрети на стабилноста на Скопје. Тоа таа слика никогаш неможе да ја избрише. Униформата и оружјето во неговата рака се длабоко во мислите и во паметот на сите граѓани во Република Македонија.

Кога зборува за потполна интеграција на Република Македонија, господине Шакири вие имате прва задача откако влеговте во власта, откако се трансформиравте од ОНА од воено во политичко крило во ДУИ, имавте прва задача да ги интегрирате кризните региони, Кумановскиот, Липковскиот, Скопскиот и сл. Сеуште граѓаните од македонска, српска, влашка, па и албанска националност имаат проблеми со движење во овие региони. Дајте направете ги стабилни, бидејќи тоа ви е кредитот за влезот во власта на Република Македонија. Затоа имате министри, заменици министри, затоа седите во овие фотелји. Покажете дека во 2001 година навистина вие сте се бореле за поголеми човечки права. Да одиме до тие кризни региони, не ние, било кој да оди, даречеме ние сме субјективни, нека оди било кој, ќе видите какво е таму раздвижувањето, особено кога ќе падне мракот. И сега вие ми зборувате за интегрирање. Интегрирајте таму, прво дома, па потоа да разгледуваме пошироко.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута господине Шаќири.

ХИСНИ ШАЌИРИ:

Скопје претставуа еден дел од мојот живот, затоа што јас сум од Куманово, сум бил многу блиску до Скопје и секогаш можам да кажам дека најубавиот дел од животот го поминав во Скопје.

Точно е дека сите треба да имаме интерес за Скопје како ќе се развива во иднина.

Што се однесува до прашањата што ги отворивте кои се болни за сите граѓани, не треба да навлегуваме во нив, јас го познавам тој период, но не сакам да ви одземам време, само едно ќе ви сугерирам, она што го зборуваме тука пред нас  и пред јавноста треба да стоиме на тоа и треба да ја почитуваме тежината на зборот, секој збор си има

своја тежина, ако е земена одговорноста што ни припаѓа, ќе бидеме професионални во однос на нашите задачи г-дине Коце Трајановски.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

На ред е пратеникот Марјан Ѓорчев, а потоа Чедомир Краљевски.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Почитуван г-дине претседателе, почитуван г-дине министре, почитувани претставници на Владата на Република Македонија, почитувани дами и господа пратеници,

Веднаш на почетокот на моите десет минути јас ќе се определам дека ќе гласам против овој Предлог закон за градот Скопје од причина што принципиелно и доследно во февруари оваа година во првата фаза дискутирав, вчера го гледав стенограмот дека тогаш дадов два примера дека не можеме да одиме во отстапки на една или на друга страна во изнаоѓање следно решение за градот Скопје, туку дадов дел од примерите на Софија локална самоуправа каде имаме еден градоначалник и систем на реони квартови и го дадов примерот на Копенхаген, центарот со 91 илјада жители и други 8 општини околу Копенхаген во еден двомилионски град.

Мојот концепт и тогаш и сега е секогаш  Скопје со еден градоначалник, со неколку реонски градоначалници по реони и квартови колку ќе излезат во градот Скопје и од тие причини принципиелно ќе гласам против овој Предлог на закон.

Би сакал да кажам неколку аспекти во делот на функционалната, финансиската и административна управа надеж која ја има законот што е предложен, а по мене нема да ги исполни очекувањата на граѓаните на градот Скопје за кои се однесува овој закон.

Функционално Главата 7 - односите меѓу општините, тука ќе се повикам на законот каде предлагачот објаснува дека заради непрецизно разграничување на односите меѓу градот и општините во Скопје заради подобра комуникација и избегнување паралелизам во одлучувањето заради судир помеѓу градот и општината се регулираат во членовите 52, 53 и 54 - односите помеѓу градот и општината, но тука има премногу благи формуалции, премногу благи поими. Значи, има поим во член 52 - иницира, потоа презема, потоа дава надлежности, па во член 54 - разгледува, усогалсвуа, тоа не се

облигаторни поими. Тоа се поими на добра волја, тоа се термини кои не обврзуваат. Координативното тело во член 53 ќе се состанува еднаш месечно. Тоа ништо не кажува, значи мора да имаме цврсти формулации, јака облигација, јако обврзување на градоначалниците ако сакаме да имаме обврска во договарањето да бидат прецизни, точни, навремено ажурни и сето тоа што претпоставува сервис на граѓаните на градот Скопје.

Од таа причина сметам дека функционално тешко дека ќе може да се исполнат очекувањата за некоја подобра соработка помеѓу градоначалникот на градот Скопје и градоначалниците на другите општини кои ќе произлезат од овој закон доколку се изгласа вака како што е предложен.

Во делот на финансиската димензија, уште еднаш ќе кажам, тогаш говорев, сега ќе го потврдам уште еднаш и ќе замолам затоа што во делот во член 24 - приходи од сопственоста не се дефинираат делбениот биланс меѓу градот Скопје и државата Република Македонија особено ќе кажам два сегмента кои мислам дека ќе користат на Владата во делот на фондовите за обнова и развој на градот Скопје во Комерцијална банка сегашна, а поранешна Стопанска основна банка-Скопје, по земјотресот тоа се чисто градски фондови наменети, сум работел во таа банка, ги употребувавме за многу други намени не за обнова и изградба на градот Скопје во период 1980-1990 година и вториот дел се Олимписките игри во 1972 година Шаховската олимипијада, Олимписко село, Скала, Панорама, Скопскиот саем, целокупниот потег на земјиште кој може да претставува таков извор на приходи за градот Скопје што нема потреба од дотации, донации од државата, туку градот на свое земјиште, на свои згради кои се изградени дадени од тогашната Југословенска федерација на градот Скопје и припаѓаат на Скопје, тоа треба да биде сопственик и треба да биде сопственик на тие имоти, да учествува во приватизација на тие имоти, треба да има приходи од тие имоти, а тоа не е разграничено. Едноставно од оправдани причини во времето кога се делевме од југослвоенската федерација тогаш експетрската влада го присвои целокупниот имот на општините и градовите и го направи државен имот и сега тешко ни доаѓа да се откажеме од таа централизација, а зборуваме за децентрализација.

Сега е моментот да ги отвориме тие прашања што ги приватизирале тие објекти да плаќаат на градот, сега е моментот тој фонд за обнова и изградба на градот Скопје да видиме колку пари бил 1991 година колку е сега и сето тоа да оди во градската каса и тогаш ќе имаме не 80, не 90, не 150, можеби ќе имаме милјарда, две милијарди денари во касата на градот Скопје и тоа  е очекувана надеж за граѓаните за подобро задовлување на нивните потреби.

Исто така во членот 27 и 28 за даноците на имот и промет сметам дека е дадена мала маргина, за даноците на имот градот има право по овој закон 0,05%, а од данокот на промет на недвижности најмногу од 1% од законската одредница, сметам дека е тоа навистина малку, а данокот на имот во Скопје треба да има најподатлив извор на приходи и мислам дека таа маргина треба да биде во размер 5, 6, 7% за да можат граѓаните на Скопје да добиваат сервис од јавните претпријатија на високо ниво, на едно европско ниво за кое се стремиме.

Во делот на административно управната функција мислам дека треба да се каже една вистина за која секогаш бегаме од таа вистина, некои од нашите пратеници во Парламентот, говорам општо за сите, ја начна темата на дивоградбите. Скопје и град на дивоградби. Дижонска улица, ул. Припор на патот према Соње, ул. 11 Октомври-тврда градба, Горно Лисиче во делот спрема Вардар, тоа се дивоградби кои не се решени, а овој закон не нуди решение за дивоградбите. Тоа го остава така тивко во една латентна фаза на мирување, на барање политички компромис, политички договор и таа работа не бива. Таа работа е завршена, тука треба да се платат комуналии, тука треба да се урбанизира и нема попуштање, ако сакаме да имаме град, независно о дполитичка, етничка и незнамкаква димензија, тука се работи за чисти димензии на одржувачка, на она што претставува насушна потреба на граѓаните на Скопје во делот на нивниот опстанок како граѓани на главниот град на Република Македонија и мислам дека тоа е пресудно за овие три димензии за кои говорев дека не можат да ги исполнат очекувањата на градот Скопје функционално, финансиски и во делот на административната управа која треба да ги реши тие прашања.

На крајот сакам да кажам бидејќи времето е кратко, би завршил со поими значи Рамковен договор, утре е три години од Рамковниот договор кој се потпиша, да се потсетиме, се зборува за автохтоно население, се зборува за двојазично Скопје, се зборува за градење на доверба, а не сакаме да кажеме дека сето тоа претставува еден долг процес, некој рече Македонија нема време, Македонија има време оти е држава, историјата го направи својот избор, Македонија е независна, суверена, самостојна држава и има толку време колку сама ќе процени парламентарно, владино, на локално ниво колку време и треба тие процеси да ги награди, но вистински, со една вистинска димензија, со ренесанса на вистината, а не со ренесанса на сеништата на минатото. За да се избегнат тие сеништа на минатото, заради автохтоност, заради двојазичност, на крајот ќе кажам еден податок околу пописот од 1953 година во Република Македонија, публикација од Републички завод за статистика, бројот на населението на градот Скопје во 1953 година.

Граѓани на градот Скопје 148040 граѓани, најголема етничка заедница македонци, 93671, тоа е 63,3%.

Втора по ред турска етничка заедница 25346 или 17,1%.

Трета по ред српска етничка заедница 9446 граѓани или 6,4%.

Четврта по ред ромска етничка заедница 8554 или 5,8%.

Петта по ред албанска етничка заедница 5461 или 3,7%.

Шеста по ред други 5000 со 2% и

Седма по ред 460 или 0,3% влашка етничка заедница.

Тоа е колку заради вистината затоа вела вистината не се докажува, таа излегува на виделина и да не елаборираме со поими кои не водат во слепа улица, да елаборираме со факти, денешниот факт е дека Скопје, пак ќе кгажам е гравитационен фактор, по мене, на дел од Јужна Србија, Врање, Лесковац, дел од Југоисточна Србија , Босилеград, на делот од Косово кој гравитира према Скопје од Ѓаковица нагоре, на делот од Брод, на делот од Куманово, од Паланка, но теоријата на концентрични кругови за мое Кавадарци не го опфаќа Скопје, Кавадарци гравитира према Солун, тоа е географски поими, да не ги мешаме поимите во географијата, да не ги мешаме автохтоностите прашање е колку

години назад треба да се вратимеи во кој век, во кое време (опомена од претседателот поминати се десетте минути) завршувам, сакам да кажам дека треба да бидеме реални, Скопје е мултиетничко, мултикултурно, мултиконфесионално средиште на еден поширок географски центар со повеќе култури, со пвоеќе конфесии, со повеќе нации, ентитети и тоа треба да се почитува, а не да го правиме еднонационален, бинационален, но во секој случај мора да биде главен град на Република Македонија, како што Тирана е главен град на Албанија, како што е Белград на Република Србија и Црна Гора, што е Софија на соседна Бугарија.

Тоа мораме да го имаме во предвид, не е само на скопјани Скопје, тој е на сите македонци, граѓани на Република Македонија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас слушнав една вистина што беше вистина на татко ми, јас знам за една друга виситна што е моја вистина денес.

Повелете г-дине Рафис Алити, три минути реплика.

РАФИС АЛИТИ:

Благодарам претседателе,

Навистина пратеникот Марјан Ѓорчев добро е штоја спомна статистиката во ова Собрание, се враќа во историјата, но би било подобро да направеше еден историски осврт било од римското време,од турско време, од стара Југославија и 50-тите години. Јас би го потсетил дека 50-тите години беа години кога албанците се раселуваа од овде под насилство и беа принудени да се иселат за Турција, токму поради тоа е таа голема бројка што албанците во тоа време се принудија да се подготват за Турција. Ова го знам добро, а знам дека и г-динот Ѓорчев го знае, а говори дека албанците дошле од Косово. Зошто не говори за Грците кои нив ги донесоа во Тетово, Скопје, зошто не говори за Србите, ние ги знаеме населбите во Скопје и околу Скопје кои се населенисо Срби од Косово, но г-дине Ѓорчев соживотот не се гради со вашите тези кои ги пласирате вие и пратениците од ВМРО, соживотот и иднината се гради почитувајќи ја реалноста било историската било визијата што сакаме со Македонија во иднина и каде чекориме.

Доколку вака говориме како што вие говорите во последните денови во однос на законот за територијална организација, јас уште еднаш ќе нагласам ја гледате иднината, но овој пат вие сте токму тие кои ја растураат иднината на Македонија, а не да градите подобра иднина за сите етнички заедници.

Благодаарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута г-дине Ѓорчев.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Пожитуван господине Рафис Алити, навистина сакам да ја гледам иднината со отворени очи и не сакам да бегам од фактите, независно какви се во македонската држава,независно во кој временски период и да не правиме инсинуации за тоа кој како гледа вооднос на иднината на Македонија, јас лично се залагам за иднината на Македонија во која сите ќе живеат во еден амбиент,каков амбиент е конкретно во Република Македонија, меѓутоа, не можеме да бидеме со затворени очи, мораме секогаш кога кажуваме, да ги кажувам ефактите, а фактите се пописи, фактите се бројки, фактите се документи, фактите се законски проекти, не можеме да говориме со флоскули, не можеме да говориме со проекции или со некои работи за кои немаме аргументи. Јас говорам секогаш со аргументи, ова се податоци од Заводот за статистика на Социјалистичка Република Македонија 1953 година.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Процедурално, ако е вистински процедурално, повелете г-дине Најдовски.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Незнам дали беше преводот во прашање или г-динот Рафис Алити така рече, доселувањето на Грците во Тетово. Чисто процедурално, ако навистина е речено така, вие г-дине Алити сте во голема заблуда и кажувате невистини. Ако не е така, затоа сакав процедурално да видам дали е така или во преводот е така речено.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не беше така.

Повелете г-дине Алити, процедурално.

РАФИС АЛИТИ:

Пратеникот Слободан Најдовски е помлад, јас се сеќавам кога дојдоа македонци со грчко потекло или од Грција македонци од кои некои отидоа во Русија, некои доведоа во Тетово.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Аднан Јашари, имате три минути.

(Господинот Јашари излезе на говорница со една голема книга)

АДНАН ЈАШАРИ:

Ѓорчев бара статистика.

Господине Ѓорчев за ваша информација ве молам во периодот од 1951-1961 година вкупниот број на популацијата била 7,8% според националната структура, зборувам за Скопје за време на овој период бројот на македонците пораснал, а албанците и турците имало намалување за 7,4% во споредба со целосниот број на популацијата.

Оваа промена на составот се објаснува, авторот на книгата вели, долгорочната антиалбанска политика реализирана од просрпската  политика кон албанското население и другите малцинства труците и т.н., таа е позната како период на Чубриловиќ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Ѓорчев, една минута контра реплика.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Секогаш ќе говорам за Македонија како држава и во 1953 година, независно од објаснувањата на еминентни, учени, докажани професори, научници, историчари, бројките се песпоштедни. Тие кажуваат некоја вистина која можеби и на македонците не им одговара, но тие се такви. Каква била политиката, но тоа била македонска држава, ние не зборуваме за политика,зборуваме за број на население и во таа насока уште еднаш ќе кажам секогаш треба да гледаме соотворени очи, да не се повикуваме наминатото и кажувам автохтоност, да кажуваме нешто што не држи, да зборуваме за денешнината а база на документи, бројки, доказателства кои излегуваат од тоа штопретставува реалност во еден временски период од какао постои државата, во тоа време, федерална единица

на Југославија Македонија, а денеска суверена, независна и самостојна македонска држава во која сите живееме како граѓани на Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ;

Благодарам г-дине Ѓорчев.

Повелете г-дине Краљевски, а нека се подготви пратеникот Абдуладии Вејсели.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Благодарам почитуван претседателе, почитуван министре, колеги пратеници,

Во моето денешно кратко, временско обраќање, ќе се осврнам на Предлог законот за територијална организација на локалната самоуправа на градот Скопје од аспект на воведување на двојазичноста во градот Скопје.

Имено, и во моите претходни дискусии од дебатата за Тетовскиот универзитет преку општата дебата за територијалната организација на општините во Република Македонија, јас кажав дека се направени неколку отстапки кои излегуваат надвор од рамките на обврските за спроведување на Рамковниот договор и ќе ги набројам тие отстапки.

Како што реков прва отстапка и преседан односно релативизирање на Рамковниот договор е формриањето на Тетовскиот универзитет со Законот за формирање на Тетовскиот универзитет.

Понатаму, имаме отстапување од темелниот принцип на Рамковниот договор дека нема територијални решенија за етнички прашања. Чинам дека политичката еквилибристика што има во голем процент вмешани кванташки манири на коалиционите партнери СДСМ и ДУИ, во прекројувањето на границите на градот Скопје е третата, многу битна отстапка што воедно е и преседан со далекусежни последици, можни далекусежни последици во Република Македонија. Преседан, односно отстапување од Рамковниот договор.

Инаку, да напомнам никаде во Рамковиот договор не стои обврска за потписниците односно за политичките фактори во Македонија дека треба да се прекројат границите на градот Скопје. Спротивен заклучок е дека можело и сеуште може границите

на градот Скопје да останат непроменети, односно градот Скопје да биде сочинат од онолку општини колку што и досега го чинат.

Зошто го говорам ова.

Имено, со една директна интервенција во прекројувањето на границите на градот Скопје се доаѓа до една индиректна последица а тоа е воведување на двојазичност во градот Скопје. А, што е градот Скопје? Градот Скопје е главен град на Република Македонија, главен град на сите граѓани на Република Македонија кои живеат на територијата на Република Македонија и надвор од Република Македонија. Во градот Скопје гравитираат и доаѓаат граѓани од цела Република Македонија и од оние места кои се општини каде се говори двојазично и од оние места кои се повеќе сега во Република Македонија кои се еднојазични, би рекол.

Затоа, чинам дека градот Скопје требаше да остане во таа смисла статус кво, да не му биде променет статусот во однос на двојазичноста, односно еднојазичноста, односно употребата на македонскиот јазик како единствен службен јазик на територијата на градот Скопје, бидејќи тој е симбол на Република Македонија како главен град и е симбол на сите граѓани.

На овој начин, со воведување на двојазичност во градот Скопје се прави опасен преседан кој понатаму може да предизвика и друга, би рекол четврта или не знам која отстапка по ред од Рамковниот договор во смисла да, ако го земеме градот Скопје како еден ирационален поим по својата содржина, бидејќи тој е составен од 10 општини што имаат своја материјална содржина, има територии и граѓани во тие општини, меѓутоа во само две општини од територијата на градот Скопје е исполнет условот да живеат повеќе од 20% од заедницата која говори друг јазик. И сега, врз основа на тие 20% што на глобално ниво, на цела територија на град Скопје, што е збир на сите територии, на териториите на десет општини, се доаѓа до правилото дека и во градот Скопје како главен град се воведува двојазичност.

Ако таа аналогија се преслика на територијата на Република Македонија, тогаш ако Македонија се третира како збир на 84 општини каде што повеќе од 25% или 25% го говорат другиот јазик освен македонскиот, тогаш по таа аналогија, цела држава

Република Македонија треба да се воведе двојазичност. Ова е опасниот преседан што се прави преку градот Скопје понатаму да може да имплицира барање за воведување на двојазичност и отстапка од Рамковниот договор на територија на цела Република Македонија. А, каде води тој пат? Тој пат секако не води кон мултиетничка, мултинационална, мултиконфесионална, Македонија тој пат води кон биетничка држава, Република Македонија. Ете тука ја гледам опасноста од ова прекројување на границите на градот Скопје, преку воведување на двојазичноста која може да се аплицира и на цела територија на Република Македонија, што понатаму го остава отворено прашањето, бидејќи досега три пати отстапивме од Рамковниот договор, зошто не и четврти пат.

Толку би имал, благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави господинот Рафис Алити, имате три минути.

РАФИС АЛИТИ:

Ви благодарам господине претседател, ќе зборувам само една минута.

Навистина, во Парламентот тука се кажуваат невистини и треба да жалиме дека ние што ги кажуваме сите овие невистини мислиме дека граѓаните ни веруваат или се обидуваме себе си, кажувајќи ја невистината, мислиме дека тоа е вистината.

Двојазичноста постоела во Скопје и порано. Не е само сега. Господинот Чедо Краљевски ова го знае многу добро. Јас ќе му поставам само едно прашање зошто во 90-тите години со Правилникот на градот Скопје советниците албанци е дадено да зборуваат на албански јазик и зошто со тогашниот правилник тоа било дозволено?

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Вејсели, а потоа е господинот Караџоски.

Повелете господине Вејсели вашите 10 минути.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Почитуван господине претседателе, почитувани колеги пратеници и пратенички,

Мојот колега преска рече дека ги почитуваат сите мислења што се кажуваат во овој Парламент. Јас ќе додадам уште нешто и ќе кажам дека ги почитувам сите идеи што произлегуваат од тука, аргументирани, кои имаат база и кои не се против другите. Значи не штетат на другиот.

За време на овие денови, а денеска особено, за градот Скопје, се слушнаа многу зборови, многу искажувања кои што не не водат никаде на друго место освен во продлабочување на кавгите меѓу разните етникуми кои живеат во Република Македонија. Не знам дали толку ви работи меморијата, дали памтите, но како што изгледа некои работи треба да ги повториме и треба да ги потсетиме многу пати од говорницата на Парламентот за да може уште еднаш во вашите глави да се врати тоа што е постигнато со македонско албанската спогодба, со самиот Охридски договор.

Доколку одиме малку подалеку, тоа што денеска се зборува тука и што има остри спротивставувања меѓу различните етникуми во овој Парламент и меѓу еден етникум, тогаш бездруго треба да ја потсетиме македонската опозиција дека и таа е потписник на Охридскиот договор.

Кога требаше да го запреме конфликтот во Република Македонија се собра Меѓународната заедница, државите на Европската заедница со нивниот претставник и САД со нивниот претставник во Македонија, ги собраа лидерите на порелевантните партии во Република Македонија за да се постигне спогодба за:

Прво, да се запре конфликтот и да се одобри политичкиот статус и правниот статус на албанците во Република Македонија.

Второ, кога сме седнале на тие разговори вака сме се разбрале, дека ние албанците не сме за промена на границите на Република Македонија;

како второ сме за унитарниот карактер на државата или Македонија како држава со унитарен карактер;

како трето не ја оспоруваме употребата на македонскиот јазик како официјален јазик во Република Македонија, не ја оспоруваме употребата на македонскиот јазик во меѓународна комуникација.

Меѓутоа, од македонската страна, од страна на ВМРО-ДПМНЕ и од СДСМ сме побарале да не не оспорувате и да не ја негирате употребата на нашиот јазик, албанскиот јазик, затоа што тоа за албанците е нешто свето.

Да ве вратам малку во историјата. Албанците имаат три конфесии а употребуваат еден јазик. Ова е џентлменски јазик ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Иако имате 10 минути, малку за градот Скопје да позбориме.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Ова е македонска спогодба која што понатаму е изразена во документот која што се нарекува Охридски договор и случајно денеска се навршуваат три години откако на 9 август се парафираше Охридскиот договор, а на 13 август се потпиша во Скопје. Кога сме разговарале за овие работи, немојте да мислите дека сме барале нешто што не е нормално, не е прииридно, што е обнормално и затоа ќе ви кажам уште една работа употребата на албанскиот јазик во Тетово и Гостивар не сте можеле да ја запрете. Меѓутоа, намерата на албанците со Охридскиот договор е сите албанци секаде во Македонија да бидат рамноправни, да се чувствуваат како рамноправни граѓани, да го употребуваат својот јазик, своето знаме итн, да не навлегувам во овие прашања.

Затоа, кога се навраќам на градот Скопје, мислам дека не е во ред и понатаму да продолжувате на овој начин да се спротивставувате на вашите сограѓани кои, навистина, сакаат да имаат соживот, да работат заедно и да ја градат оваа држава во една подобра иднина. Не само за нас кои сме денеска тука, туку и за идните генерации, затоа што историјата ќе не осуди сите нас, доколку работиме само заради политичкиот маркетинг и да ги добиеме изборите. Има начини и проекти како може да се собираат политички поени.

Меѓутоа, за меѓуетничките проблеми, кога сме заедно и кога сме многу активни за релаксација на меѓуетничките односи и за враќање на довербата, не ни требаат вакви начини на изразување и на активности. Затоа што ова не води никаде освен враќање кон минатото, што, се разбира, никој не го сака. И сега, многу пати, од многу пратеници од

македонската опозиција се спомна дека во Скопје имале малку албанци. Во Скопје, албанците сме живееле во Социјалистичка Федеративна Република Југославија и секој граѓанин живеел во таа држава, имал слобода да оди каде што сака и да живее каде сака на бившите југословенски простори од Словенија до Македонија. Меѓутоа, има една грешка, што вие денеска не ја прифаќате. Ја знаете Спогодбата Ранковиќ-Ататурк, да се иселат во Турција. Меѓутоа единственото место од каде што можеле да се отселат била Македонија. И албанците и бошњаците дошле во Македонија. Зошто тогаш на му се спротивставивте на Ранковиќ и не му рековте дека ние не сакаме да ги избркаме албанците од Косово, од Македонија. Затоа, не се занимавајте со овие тези, затоа што тоа е горчливо минато и не е убаво денеска да го спомнуваме. Тоа бил еден друг систем во кој, навистина, албанците биле малтретирани. Меѓутоа, мислам дека после независноста на Македонија, после Охридскиот договор, мислам дека треба да бидеме слободни граѓани кои живееме во демократска држава каде што никому не му се одречува право на употреба на јазикот, употреба на знамето, вработувањето и другите сегменти каде што биле нерамноправни. Денеска треба да градиме ваков вид на општество. Не ни треба градење и друг вид на општество, затоа што тоа е на наша штета и на штета на генерациите во иднина.

Мислам дека, сето она што беше дискутирано денеска, што беше против употребата на албанскиот јазик како службен јазик во градост Скопје, е злонамерно и има некоја точка во која што треба да се сретнат, а мислам дека целта е само политички маркетинг. Ако е тоа целта, ви простувам, доколку е за политички маркетинг, да се јавите пред вашиот електорат дека сте против албанците. Вие бевте 4 години на власт и имавте релаксирани меѓупартиски односи, а не меѓуетнички. Ние не треба да имаме релаксираме меѓупартиски односи туку навистина, меѓу етникумите за да немаме проблеми во иднина, затоа што и после независноста на Македонија велеа дека Македонија е оаза на мирот и ние како ПДП бевме прва демократска плуралистичка партија во Парламентот на Република Македонија. Уште тогаш не сте не слушале. Велевме не го гласајте Уставот од 1991 година затоа што тој ќе биде генератор на кризата во Република Македонија. Тоа се

виде во 2001 година, а сега и натаму не слушајте и не одите со глава во ѕид, затоа што ќе ја удрите главата.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Вејсели.

Не се прави политички маркетинг само тука, туку гледам и на екранот, имињата се шетаат горе-долу.

Повелете г. Караџоски, вие имате збор.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Еве конечно и за градот Скопје да кажеме во контекст на територијална организација, да не мислите дека место да зборуваме за Скопје зборуваме за нешто сосема друго. Морам да признам дека немав намера да говорам за Скопје. Не сум скопјанец за да знам, меѓутоа инспирацијата ја добив, можам да кажам, во текот на расправата по територијалната организација кога еден пратеник излезе овде со, можеби, најинспиративниот говор и ме принуди вака да размислувам во таа насока, да видиме и да ја насочам дискусијата и во контекст на оваа точка.

Ќе почнам како што почна мојот колега. Животот  пишува романи. Тоа е точно. Навистина, животот пишува романи. Но, јас ќе продолжам во еден друг контекст. За разлика од тоа што животот пишува романи, во Собранието се бележат стенограми и тоа почитувани колеги на сите овде кои зборуваме јавно на говорницата. Тие стенограми се доказ за она што сме зборувале, како сме зборувале, за што сме се бореле, што сме кажувале и што граѓаните слушале од нас. Тие стојат во архивата, како еден дел од историјата на Собранието.

Нема да го користам терминот и нема да почнам и нема да дискутирам во насока на тоа кој е предавник, кој не е, уште помалку пак ќе го елаборирам мојот животен пат, кој е виновен за тоа дали јас сум предавник или херој. Ќе се задржам на тоа што сите

ние сме одговорни пред граѓаните и сите сме одговорни пред историјата. Таа ќе пишува романи, таа ќе пишува и ќе ги бележи настаните, и еден ден, токму таа историја ќе каже за нас кој колку придонел, а кој колку не. А, само да ве потсетам, народот памти, народот суди и пресудува. Тоа го прави на избори кога се определува за една опција.

И сега кога сме тука кај градот Скопје, имавте прилика почитувани колеги во текот на овој ден да слушнете сите агрументи што постоеа, дали овој закон за градот Скопје треба да биде ваков каков што е предложен дали можеше да биде подобра, што е причината заради што е таков, дали е тој добар Закон итн. Тие причини ги кажавме и во текот на денешниот ден, но ги кажавме и претходните денови затоа што се апсовираше во претходната точка. И, тука нема да вртам многу наоколу, ќе кажам конкретно и директно, овој Закон според мене, не е добар, почитуван министре почитувани колеги, затоа што сметам дека Законот е изнудено решение, а изнудените решенија праксата покажала и докажала дека не се решенија. Со тек на време ќе се види дека таквите решенија не се решенија затоа што обично не се прифатени од тие што треба да бидат прифатени.

Сега некој ќе каже зошто изнудено решение. Затоа што е тоа толку очигледно. Разликата во пристапите, погледнете ја во предлагачите. И тој не беше свесен што предлага кога предлагаше прва фаза. Предложи едно, во втора фаза предложи друго. И, трагедијата да биде поголема никој од пратениците не го спомна ова решение. Обично Владата се базира во расправата во Парламентот, или расправата по комисиите, или благодарение на расправата по комисиите, од одредени забелшки на праатеници, па ги прифатиме па не ги прифативме. Овде во првата фаза немаше таква дискусија, а немате затоа што Али Ахмети не иде во Собрание. Тој оди таму каде што не треба да оди, тој оди во Владата на Република Македонија и тој оди таму каде што не треба да носи одлуки. И тоа пак во Владата и, се' додека тој не појде во Владата и тој не каже што треба да биде нема закон. И, ние чекавме два месеци, три месеци, па сега се плашите дали ќе одите утре на одмор или не. Тоа е благодарение на тоа што институциите се нарушени. Место пратеник да си ја брка пратеничката работа, тој изиграва премиер, во сенка, или можеби не е во сенка.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали може да дискутирате малку за Скопје.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

За Скопје претседателе, еве конкретно за Скопје. Градот Скопје. Колегата Шаќири кажа денеска после овој закон откако ќе се усвои, станува голем град, мислеше и територијално, мислеше и по народ. И, толку е среќен не заради големината Скопје што пораснал заради територијата на Сарај, меѓутоа, толку е среќен што се зголеми албанскиот народ преку ноќ, плус 35-36.000 албанци во Скопје и затоа е среќен, а зошто, задоволен е квантумот од 20%. Сега Скопје ќе ни биде двојазичен град, уникатен пример за во Европската унија. Е, кога би Европската унија нешто научила од нас бидете сигурни дека ќе не прими сто посто. Ама, од вакви примери Европската унија не учи, па за жал, ние од неа воопшто не учиме. Зборуваме, унитарна држава, Македонија ќе остане унитарна држава иако ќе има двојазичен град. И, овде сега некој вели ќе извадите од интернет и ќе видите колку главни градови има двојазични. Ама, сите забораваат таму каде што има двојазични главни градови, уредувањето не е унитарно, туку е или конфедерација, или е федерација или што знам јас што. Е, ние сме тука уникатни, еве препорака до Европската унија нешто да научи од нас. За Скопје, да не бегам од темата.

Кондово влезе во Сарај, Кондово се избриша од Сарај, стана составен дел на Сарај, а со Сарај заедно во Скопје. А сега територијата на Скопје погледнете на карта наликува на една пеперутка, меѓутоа, како што кажав и во претходната расправа по амандманот, Сарај е најголемиот дел од Скопје. Погледнете ја територијата, буквално кој кого асимилира сега, дали Сарај целиот град или пак градот го зеде Сарај. Мене ми се чини дека ова е поверојатно.

Сега тука многу колеги зборуваа, бидете јасни, бидете прецизни, кажет зошто глумите, ние не сме против албанскиот јазик, ние сме за албанскиот јазик да се користи, со исклучок на еден како што кажа еден пратеник, јас ќе кажам не еден повеќе се, дали тоа нас ни смета или не. Колегата Жерновски викаше дека нему не му сметало на таблата на Градско Собрание да стои двојазично. Е, мене почитувани колеги ми смета да стои двојазично, па ќе ви кажам и зошто, мислам дека сум јасен. Еве зошто за мене тоа

ми смета. Кога таблата на Градското Собрание ќе биде двојазично, меѓутоа на начин кога по природен пат Скопје би станал град во кој што албанското и македонското население и етнички заедници по природен пат стекнале такво право, тогаш не би ми сметало. Меѓутоа, кога по вештачки пат се прави тоа, тоа ми смета. Вештачкиот пат е овој и немојте овде да ни тврдите, да не убедувате дека Кондово било, односно Сарај некогаш пред 1965 година, па пред земјотресот, по земјотресот бил, па не бил, тоа воопшто не е битно, тогаш биле други условите.

Вие почитуван министре, како претставник на Владата на Република Македонија, вие не се базиравте на тоа дали некогаш Сарај бил ваму или таму, се базиравте каде да ги најдеме 30.000 албанци, за да стане двојазично, тоа е пазарот. Затоа велевте "живот дамо, Вис не дамо", или во превод "се' ќе дадеме, само Скопје не го даваме". Ама го дадовме. Животот бил посладок, односно поважен. И, за тоа преговаравме два месеци. Поставивте услов ако се отвори прашањето на двојазичност на Скопје ние ќе го отвориме прашањето на Струга и Кичево. Вие го отворивте, ама тие ви го затворија и ви го зедоа и Скопје. Што добивте, четири години одложен услов. На крајот на краиштата ништо. Оттука е сето ова. Оттука не можам да се согласам со еден ваков закон, оттука не е прифатлив Скопје ваков каков што го предлагате. И, затоа велам ќе ми пречи двојазичната табла, затоа што не е, почитувани колеги, стекнат на природен начин.

Слушнавте вие, сите, сега пред малку господинот Шакири кажа дека не далеку денот кога Куманово ќе се спои со Скопје.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Уште една минута господине Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Уште една минута претседателе и завршувам.

И Куманово да го припоиме, со него и Липково и ќе добиеме милионски град од два милиони жители - една држава. Ете тоа е тоа што е страшно, тоа е тоа што не зборуваме за децентарлизација, тоа е тоа што наместо децентрализација правиме нешто обратно. Барем кога е Градот Скопје во прашање, тоа е толку очигледно.

И сега, почитуван претседателе, како да завршам, дали јас се чувствувам предавник или се чувствувам херој, ниту вие ниту јас нема да судиме сами за себе. Бидете сигурни дека има кој да суди. Тоа се оние граѓани кои за жал не ги слушате, тоа се оние граѓани кои постојано го искажуваат незадоволството и тоа се оние граѓани кои што ќе соберат 150.000 потписи до 23 август 2004 година и тоа се оние граѓани кои со референдум ќе го укинат овој закон.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Караџоски, би сакал да ви верувам, но не можам од еден единствен факт, бидејќи овде рековте дека не се спомнала оваа варијанта за Сарај и Кондово во дискусиите. Незнам, можеби не се спомнало, но за да бидете сигурни, требаше да го проверите и приложените дискусии, кои што не беа прочитани и кажани.

Господине Гештаковски, имате три минути реплика.

КИРЕ ГЕШТАКОВСКИ:

Благодарам.

Господине Караџоски, само во еден дел од вашата дискусијата, оној дел кој најмногу ме боли и сум загрижен за тоа, околу унитарноста на државата. Треба да расчистиме кои ингеренции се пренесуваат од државно на локално ниво. Се пренесуваат во сферата на здравство, образование, култура, труд и социјала и урбанизам. Колку што ми е мене познато, секаде во светот главни карактеристики на унитарната држава се војска, полиција, монетарна политика, судство, обвинителство. Сите тие работи остануваат на централно ниво.

Ако таблата што ќе биде напишана на два јазика означува унитарност, тогаш дали сте поминале некогаш низ Република Словенија. Од Австриска до Хрватска граница се' е двојазично. Дали Словенија не е унитарна држава.

Околу судот на историјата и народот се согласувам со тебе, ќе суди. Но, додека не понудите алтернатива, концепт во овие рамки, со овој Устав никогаш нема граѓаните да ги убедите и ќе ги изгубите и локалните и парламентарните и пораз ќе доживеете на проблемот на референдумот ако не излезете со концепт. Два месеци можете да ги лажете граѓаните на делачи, продавачи, ја федерализирате, ја кантонизирате

Македонија. Третиот месец треба да го покажете патот, треба да го покажете патот, излезот од тунелот, треба му ја дадете алтернативата. Ако не им ја дадете залудни ви се вашите напори за да ги добиете изборите.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута господине Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине Гештаковски Кире, да бидам појасен. И мене ме боли унитарноста која и вас ве боли. Ми кажувате примери дека војската, полицијата и што уште наведовте се заеднички за сите. Па, нели и во федерација се заеднички, господине Гештаковски. Во федерацијата имаме заедничка војска, заедничка полиција и тн. Тоа не значи дека имаме различни војски во една федерација. Еве земете ја СФРЈ ако мислите дека не е точно. Незнам кој не знае. Која е алтернативата. Сакате опозицијата да ви ја каже која е алтернативата? Сакате ние да ви предложиме закон? Па зошто сте вие на власт, ако ние треба да ви солиме ум. Јас ќе ви кажам алтернативата со два збора. Предвремени избори и што побрзо да се куртули граѓанинот од вас, ништо друго.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Рафис Алити, три минути.

РАФИС АЛИТИ:

Господине претседателе, би благодарам. За цело време за се' е разговарано, а најмалку за законот. Во политиката тоа е дозволено и нормално е секој сака да добие некој поен, политички, се разбира спротивставувајќи се на другиот, но иако при репликата пред неколку денови на пратеникот Караџоски му реков кога го спомнува името на ДУИ, лидерот на ДУИ, господинот Али Ахмети веројатно проценил дека ќе добие некој политички поен. Тој не беше спомнат но се гледа дека јасно спомнувајќи го името овде од говорницата на Парламентот мисли дека добива поени за избирачкото тело од каде што доаѓа. Господинот Али Ахмети е во Тетово, ај извршува својата работа како лидер на партијата, господине Караџоски живее во Зајас, а прашањето е каде е вашиот лидер.

Дали вие знаете дали е дома, во земјата или е надвор и во која вила се наоѓа надвор од земјата, ако знаете би било добро.

Така што би било подобро помалку да се занимавате со господинот Али Ахмети, а повеќе со вашиот лидер кој што изгради ѕидови помеѓу етничките заедници овде во Република Македонија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута господине Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине Рафис Алити, мислите ли дека името Али Ахмети е вредно да се спомне. Мислите ли дека ако го споменувам Али Ахмети градам рејтинг. Напротив, ниту е вреден да се спомне, ниту пак од него се гради рејтинг, тоа е една работа. Каде е лидерот на ВМРО-ДПМНЕ, тука беше, сега излезе.

Дали вие знаете за господинот Али Ахмети дека има инвалидска пензија земено од Швајцарија, а овде зема пратеничка плата. Знаете ли вие. За дијагнозата не сакам да кажам, веројатно ја знае.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам господине Караџоски.

Госпоѓо Бонева, 10 минути ваши и најпосле господинот Балковски.

Повелете госпоѓо Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитувани дами и господа,

Најнапред сакам да го искажам своето искрено жалење што после толку денови дискусија и во Законот за територијална организација на Република Македонија еве имавме можност денес да видиме и во Законот за Градот Скопје дека аргументите не допираат до претставниците на власта и навистина не успеавме да промениме ништо значајно во текстот на законот за Градот Скопје. И, токму заради тоа воопшто нема да се задржувам, бидејќи навистина многу кажавме во однос на територијалната организација на Градот Скопје, на општините зошто сме против припојувањето на општините Сарај и

Кондово кон Градот Скопје, зошто сме против воведување на ваква двојазичност и зошто мислам дека многу им е јасно на граѓаните на Република Македонија дека упорно тврдиме дека ова не е процес на децентрализација туку процес на централизација.

И, токму заради овие причини навистина нема повеќе да зборувам од овој аспект, сакам малку повеќе да се осврнам на Глава В од Законот во која што се уредува финансирањето и општините во Градот Скопје. И, токму преку моите размислувања што се во однос на она што се нуди за финансирањето на Градот Скопје и општините во Градот Скопје сакам да укажам дека и овде наместо процес на децентрализација имаме процес на стимулирање, односно на воведување на централизација.

Зошто го велам тоа ? Ќе се обидам да посочам неколку моменти. Најпрвин, предлог законот предвидува приходите од даноците, данокот на имот, данок од наследство и подарок, данок на промет на недвижности, персонален данок на доход, од комуналните такси и приходите на надоместоците и слично да се делат помеѓу самите општини 50 на 50 или пак поголем од 50% во корист на заедничкиот фонд. Овде со членот 23 се вели дека заради обезбедување рамноправни услови за функционирање на општините во градот и задоволување на заедничките потреби на граѓаните во градот, се формира заеднички фонд на Градот Скопје и на општините во Градот Скопје.

Понатаму, каде се гледа децентрализацијата, па онаму каде се тврди дека сите средства кои што се собрани во заедничкиот фонд се распоредуваат по општините врз основа на методологија која ја утврдува министерот за финансии. Тоа е исто така член 23 став 3. Што всушност се стимулира на овој начин, со овие одредби. Се стимулираат сите оние појави заради кои всушност во правиме процесот на децентрализација, односно се стимулираат сите позитивни ефекти кои треба да ги очекуваме од прцесот на децентрализацијата.

Ова конкретно значи со предложениот начин на учество на општините во заедничкиот фонд се поттикнува општините кои не собираат приходи на својата територија да се финансираат од средствата на општините кои тоа успешно го прават. На овој начин општините кои што слабо или воопшто не собираат приходи навистина нема да имаат стимул да се потрудат да изнајдат начини како да почнат со остварување на

приходите кои што им се неопходни за финансирање на своите потреби и практично се успиваат. Значи, токму онаа менаџерска активност која треба да се разбуди во самите градоначалници ќе изостане и истите општини ќе чекаат паразитски средства од заедничкиот фонд, кој пак е полнет од оние општини кои што едноставно знаат да си ја работат работата.

Овој процес пак  од друга страна ќе влијае негативно и на самите општини кои веќе добро ги прибираат своите приходи, бидејќи огромен дел од приходите нивни ќе им биде одземен со што директно ќе се дестимулираат тие што добро си ја вршат својата работа и ќе ги натерате да почнат да чекаат средства од заедничкиот фонд.

Значи, ги стимулирате оние кои што не прибираат приходи, а со одредбите ги дестимулирате оние кои што добро ќе си ја вршат работата.

Иако ќе има обиди оваа распределба да се оцени како помагање на побогатите од посиромашните, но навистина јас сметам дека на тој трик не смееме да се фатиме, велам не смееме, бидејќи ова решение не е некое Робин - Худовско решение, туку токму една друга спротивност. Ова решение значи одземање од лојалните граѓани кои што ги плаќаат своите давачки на државата и општините и давање на оние кои воопшто не плаќаат никакви давачки, а се работи за средства кои што треба да ги покријат потребите, токму на неплаќачите. Колку за пример нека претставниците од Владата на Република Македонија ги покажат сметките колку приходи прибира на пример општина Кондово, или Аеродром.

Претставниците на Владата ќе се обидат да  објаснат дека овие појави ќе се избегнат благодарение на добрата методологија за распределба на средствата која што кажувате дека ќе биде донесена во членот 23 утврдено со ставот 3. Меѓутоа јас се прашувам зошто оваа методологија не е транспрарентна и зошто е оставена на дискреција на министерот за финансии, зошто истата не е предвидена во законот со што ќе се спречи и субјективното менување на самата методологија секогаш или кога министерот ќе посака, или пак кога ќе има притисок од некој од коалиционите партнери. Всушност начинот на распределба на средствата од заедничкиот фонд го начнува и прашањето, дали и како ќе се спречи фаворизирањето на општините каде што

владеачката гарнитура има свој градоначалник и притоа фаворизирањето ќе се ефектуира преку одобрубвање на многу повеќе средства од можеби други општини кои што имаат поголеми реални потребни за тоа. Затоа тука се доведува во прашање принципот на правичност, правичност од аспект на распределбата што се сведува на солидаризирање помеѓу самите општини од оние кои плаѓаат на оние кои што не плаќаат.

На крајот кога зборуваме за финансирањето на потребите на општините како прашање се наметнува и тоа кој одлучува, што ќе се цени дека е реална потреба за една општина, а по тој основ истата и да се финансира со средствата од заедничкиот фонд. Ова го наметнувам како прашање, затоа што и тука се отвора прашањето за субјективизмот при рангирањето на потребите на различните општини кои што треба да се финансираат преку средствата од заедничкиот фонд што повторно ќе овозможи фаворизирање на некоја општина. Знаеме дека тоа е најчесто од коалицијата, или од коалициониот партнер. Меѓутоа важно е да се спомне дека покрај сите овие одредби постојната владеачка гарнитура не се ни обидела, или пак што е поверојатно свесно не ги променила и одредбите од постојниот закон кои што одредби самото искуство до сега покажува дека се негативни и истите крајно се злоупотребуваат. Се работи за одредбите со кои се овозможува и понатаму градот и општините да се задолжуваат во земјата и странство и дека градот и општините во согласност со закон можат да даваат гаранции и да превземаат обврски кои што произлегуваат од долгорочни заеми на јавните претпријатија што тие ги основале. Значи, иако интенцијата кога овие одредби биле предвидени била добра, искуството ни говори дека јавните претпријатија едноставно се презадолжуваат, а крајно општината гарантира и презема свесно тие долгови со што општините се презадолжуваат на долг рок и тоа најчесто...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Последна миниута госпоѓо Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Како наследство го оставаат на наредните градоначалници.

И бидејќи е последна минута, ќе кажам доколку власта не демагошки, туку вистински се залагаше за процес на децентрализација ќе гледаше и во овој закон да

вметне навистина сериозни одредби со кои што вистински ќе се регулираше децентрализацијата, односно финансиската децентрализација на општините и на градот Скопје се со цел да ни профункционира овој процес на децентрализација, а наместо тоа имавме целокупната јавност и целокупната енергија на власта да се истроши во Законот за територијална организација, односно како да се наметне двојазичност на главниот град.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Балковски.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани министри и претставници на Министерството за локална самоуправа. Да кажам дека денеска ќе го изгласате законот за градот Скопје и на тој начин едноставно овие два најважни закони веќе ќе бидат во постапка и од 2005 година ќе се оди Република Македонија врз база на овие два закони кои што кај народот и кај сите граѓани на Република Македонија предизвикаа голем интерес. Останува едноставно фактот дека навистина не требаше можеби денеска да се ограничи дискусијата на 10 минути, затоа што ако не денес, утре сигурно ќе завршевме и со овој закон, така што ќе имавме можност можеби и малку поголеми дискусии да имаме, меѓутоа се во интерес на овој закон. Меѓутоа, да ги искористиме уште овие преостанати минути и да кажеме дека Предлог-законот за град Скопје во првата фаза навистина имаше еден закон каде што беа надлежностите дефинирани и на градот и на општината и тука Министерството за локална самоуправа како што реков и вчера максимално и професионално си ја изврши задачата и министерот. Меѓутоа факт е дека овој Предлог-закон за град Скопје, значи во вторава фаза навистина е еден закон донесен со еден преговор, договор, меѓутоа јас би рекол и желба на претставниците на ДУИ како сакаат да изгледа Скопје и ние како македонска страна навистина во таа владина коалиција по се изгледа и се согласивме на желбата на ДУИ, затоа што никакви критериуми реални не постојат Скопје да биде двојазично. Затоа што ако беше така, тоа ќе беше предложено и во првата фаза на овој Предлог-закон. Тоа го потврди и министерот на ДУИ кога кажа дека прво е договорено Скопје да биде двојазично, а после се бараат механизмите како

тоа да стане двојазично, односно кои општини треба да се припојат на Скопје за да едноставно се пополни тој процент. Затоа што, да ве потсетам дека во првата фаза се размислуваше за Арачиново дали да биде во Скопје, или не, а за Сарај и за Кондово воопшто не стана збор, затоа што Кондово и Сарај се споија во една општина и таа општина фигурираше во склоп на сите други општини во Република Македонија. Меѓутоа сега го имаме Предлог-законот, изричито кажувам дека сум против двојазичноста на Скопје на ваков начин, затоа што кога вчера го анализирав Просторниот план заедно со Законот за  територијална организација, кажавме дека секаде мрежата на населбите треба да се шири од еден центар кон надворешноста, а овде имаме обратен случа, Скопје го зголемуваме од надворешноста и го ставаме во границите на 502 илјади жители. Значи имаме еден механички прилив како Скопје да стане двојазичен град. Тука треба многу одговори, по тоа да даде и градоначалникот на градот Скопје, затоа што сепак тој треба да одговори. Граѓаните уште не занаат како ќе биде таа двојазичност и навистина сега веќе ќе ги чувствуваме тие проблеми со двојазичноста што ќе настанат, затоа што едноставно почитувани пратеници, Скопје е главен град на Република Македонија, тоа не треба да го заборавиме, а сега се доведуваме во ситуација едноставно со јазикот да го делиме со албанците,  а во Скопје живеат да потсетам и турци и власи и роми и бошњаци и срби и сите други кои што не се напишани во Уставот, меѓутоа разни странци кои што сепак и целиот свој живот ќе живеат во градот Скопје. Вака едноставно се асоцира на една поделба во Скопје, како во Скопје да живеат само македонци и албанци и затоа од таа причина и од причина на тоа што Скопје е главен град на Република Македонија, Скопје е отворен град во Република Македонија, едноставно сум против таа двојазичност, поготово што во член 14 се кажува, на главен град Скопје Републиката може да му даде и определени права, или да  довери вршење на  определени работи од уште поголем круг на дејности. Меѓутоа, од друга страна сакам да кажам дека со овој концепт на Скопје како град составен од 10 општини на некој начин вчера кога кажав дека македонците ги загубија македонските градови и албанците добија територија, сега можам да кажам дека скопјани го загубија терминот град Скопје во Република Македонија, затоа што на некој начин, ако ја почитуваме традицијата, ако ја

почитуваме историјата, сепак ќе забележиме дека едноставно Скопје, односно скопјаните и жителите на градот Скопје како термин го изгубија градот. Можеби подобро ќе беше варијантата Скопје да има еден градоначалник, Скопје да биде дефиниран во постојните рамки, дефиниран во постојните граници. Таа дефиниција треба да ја извршат архитектите и урбанистите, значи требаше малку поголемо внимание и поголема координација да извршиме со стручните служби, за да на некој начин го зачуваме Скопје како главен град на Република Македонија и да го зачуваме Скопје како единствен центар на сите македонци во целиот свет да имаат свој главен град. Сега ќе имаме град составен од еден градоначалник на град Скопје кој што како термин само постои, како надлежност, а инаку го немаме во дефиниција и 10 градоначалници кои што ќе фигурираат во едно координативно тело кое што нема одредена дефиниција на неговото работење, затоа што во член 53 се кажува дека координативното тело на некој начин само ќе ги усогласува работите. Тоа е добро напишано во законот, меѓутоа од друга страна со различни градоначалници од различни партии контра, против градоначалникот на градот Скопје, а знаеме дека градоначалниците секаде ќе ги остваруваат и ќе се залагаат за што поголем број на права и услови, зголемување на условите на општините, на некој начин мислам дека тоа координативно тело ќе се доведе до една пат ситуација и нема можност да биде решавано како што е напишано во законот. А инаку како замисла е добро од Министерството за локална самоуправа, меутоа требаше да бидат дефинирани надлежностите и поточно ингеренциите на тоа координативно тело. Скопје го добивме значи како што нагласив со 500 илјади жители, 1/4 од Република Македонија ќе живее на овој простор и мислам дека во овој закон за град Скопје можеби како термин порано, сега веќе е касно, ќе го изгласате законот, меѓутоа можеби како термин требаше да одиме со Предлог-закон за скопска општина. Затоа што знаете што се случи сега? Еве ќе ја земам Струга, Струга значи постои град како општина, имаме општина Струга со град Струга и околу други населени места. Сега овде како термин имаме град Скопје, меѓутоа во територија на општина, имаме град Скопје како термин дефиниран во законот што значи град, меѓутоа во градот Скопје имаме и населени места, односно во подрачјето на Скопје имаме и населени места кои што означуваат дали се населби тие, или селски населби.

Така што можеби терминолошки тоа требаше да се усогласи. Знам дека сега тоа не е можно, затоа што и во Уставот е дефиниран како град Скопје. Меѓутоа, на некој начин кога ќе се каже град Скопје, едноставно не координира со некоја селска населба од околината на Скопје, не навлегувам сега дали е тоа Сарај, или од другата страна од сите македонски места. Така што можеби на таков начин со еден градоначалник и со реони поделен градот Скопје можеби ќе се избегнеше и ова да речам недоразбирање во самата терминологија.

Сега уште сакам да кажам дека многу пати и во оваа расправа се одеше со ставот, дури и самиот скопски градоначалник рече дека: ќе градиме европско Скопје. Јас кажувам и потенцирам дека ние едноставно треба да градиме македонско Скопје, треба да градиме Скопје кое ќе почива на традициите, на историјата, кое ќе биде гордост на сите скопјани и на сите оние што ќе живеат во овој град, а бидете сигурни дека Европа таков град ќе сака во нејзините граници.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 68 пратеници.

Претресот е заклучен.

Ве потсетувам дека согласно точка 1 од амандманот 16 на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, 67 за, нема воздржани, 1 против.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот на законот, молам да крене рака.

17 пратеници гласаа за.

Кој е против, молам да крене рака. (Никој).

Дали има некој воздржан? (Нема).

На седницата присуствуваат 17 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, од нив за Предлогот на законот гласаа 17 пратеници, нема против, нема воздржани пратеници,

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за г радот Скопје.

Почитувани пратеници, продолжението на оваа седница ќе биде дополнително закажано, но нема да биде пред 1 септември, а деновите до тогаш искористете ги за годишен одмор.

(Седницата прекина во 20,00 часот).